# Акционерско друштво за осигурување и реосигурување Македонија - Скопје Виена Иншуренс Груп

**Финансиски извештаи**

**за годината што завршува на 31 декември 2024**

**со Извештај на независниот ревизор**

## Содржина


Извештај на независниот ревизор

**Финансиски извештаи**

Извештај за сеопфатна добивка ( Биланс на успех ) 1

Извештај за финансиска состојба ( Биланс на состојба) 4

Извештај за промените во капиталот 8

Извештај за паричните текови 10

Белешки кон финансиските извештаи 12

# Извештај на независниот ревизор

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје
Ул. „Филип Втори Македонски“ бр.3
Скопје 1000, Република Северна Македонија
+389 (2) 3135 220
mk-office@kpmg.com
kpmg.com/mk

# Извештај на независниот ревизор до акционерите на Македонија Осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп

## Извештај за финансиските извештаи

Извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи Македонија Осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп ("Друштвото"), како што се прикажани на страните од 1 до 82, кои се состојат од билансот на состојба на 31 декември 2024 година, билансот на успех, извештајот за промени во капиталот и извештајот за паричните текови за годината тогаш завршена, и белешките, кои се состојат од преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Друштвото е одговорно за изготвување и реално прикажување на овие финансиски извештаи во согласност со регулативата на Агенцијата за супервизија на осигурување, како и за таква интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за да се овозможи изготвување на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално значајни грешки, било да се резултат на измама или ненамерно направени грешки.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да искажеме мнение за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Стандардите за ревизија прифатени и објавени во Република Северна Македонија во Службен Весник бр. 79 од 11 јуни 2010 година. Овие стандарди изискуваат да се придржуваме на релевантните етички стандарди и да ја планираме и да ја извршиме ревизијата со цел да се здобиеме со разумна увереност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки.

Ревизијата вклучува спроведување на процедури за добивање на ревизорски докази за износите и образложенијата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од нашите проценки, вклучувајќи ги и проценките на ризиците за материјално значајни грешки во финансиските извештаи како резултат на измама или ненамерно направени грешки. Во проценувањето на овие ризици, ги разгледавме соодветните интерни контроли воспоставени во Друштвото за изготвување и реално прикажување на финансиските извештаи со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и за да изразиме мнение за ефикасноста на интерните контроли воспоставени во Друштвото. Ревизијата, исто така вклучува осврт на користените сметководствени политики и значајните проценки направени од раководството, како и оценка на

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност

Регистрирано во Трговскиот Регистар на Република Северна Македонија со ЕМБС: 5078598
Даночен број: MK4030996107650

адекватноста на прикажувањето на информациите во финансиските извештаи.

Ние сме убедени дека ревизорските докази кои ги добивме се достаточни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мнение.

*Мнение*

Според наше мнение, финансиските извештаи реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Друштвото на 31 декември 2024 година, како и неговата финансиска успешност и неговиот паричните текови за годината тогаш завршена, во согласност со регулативата на Агенцијата за супервизија на осигурување.

*Нагласување на прашање*

Обрнуваме внимание на белешката 2.1 (б) кон финансиските извештаи, која опишува дека присоединувањето помеѓу Друштвото, како друштво-преземач, и Винер – Виена Иншуренс Груп АД Скопје, како преземено друштво, беше завршено на 27 јуни 2024 година, со ефективен датум на присоединувањето на 1 јануари 2024 година. Како резултат на ова, средствата и обврските на преземеното друштво беа признаени од страна на Друштвото со состојба на 1 јануари 2024 година. Нашето мнение не е модификувано во однос на ова прашање.

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

*Годишен извештај за работата на Друштвото изготвен согласно барањата на член 384(7) од Законот за трговски друштва*

Согласно изискувањата на член 34(д) од Законот за ревизија, ние известуваме дека историските финансиски информации обелоденети во годишниот извештај на Друштвото, изготвен од раководството согласно барањата на член 384(7) од Законот за трговски друштва, се конзистентни во сите материјални аспекти, со годишните сметки на Друштвото и со финансиските информации обелоденети во ревидираните финансиски извештаи на Друштвото, на и за годината која завршува на 31 декември 2024 година. Раководството е одговорно за изготвување на годишните сметки на Друштвото кои што беа одобрени од Управниот Одбор на Друштвото и за изготвување на годишниот извештај за активностите на Друштвото, којшто беше одобрен од Управниот Одбор на Друштвото.

Скопје, 30 април 2025 година

ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР
Срѓан Ранѓеловиќ

КПМГ Ревизија ДОО
Управител
Срѓан Ранѓеловиќ

Друштво за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

# Финансиски извештаи

**Акционерско друштво за осигурување и реосигурување Македонија-Скопје**
**Виена Иншуренс Груп**
**Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2024**

(*сите износи се искажани во илјади денари, доколку поинаку не е назначено)*

**Биланс на успех**

| Опис на позиција | Белешка | Износ *во илјади денари* | |
|---|---|---|---|
| | | **2024** | **2023** |
| **А. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | | **1.905.431** | **1.015.087** |
| **I. ЗАРАБОТЕНА ПРЕМИЈА (НЕТО ПРИХОДИ ОД ПРЕМИЈА** | **6** | **1.477.222** | **753.652** |
| 1. Бруто полисирана премија за осигурување | | 2.284.809 | 1.136.239 |
| 2. Бруто полисирана премија за соосигурување | | 21.171 | 21.030 |
| 3. Бруто полисирана премија за реосигурување/ретроцесија | | - | - |
| 4. Бруто полисирана премија предадена во соосигурување | | (10.809) | (6.171) |
| 5. Бруто полисирана премија предадена во реосигурување/ретроцесија | | (901.757) | (343.564) |
| 6. Промена во бруто резервата за преносна премија | | 23.903 | (56.278) |
| 7. Промена во бруто резервата за преносна премија - дел за соосигурување | | (3.128) | (1.330) |
| 8. Промена во бруто резервата за преносна премија - дел за реосигурување | | 63.033 | 3.726 |
| **II. ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | | **110.951** | **85.978** |
| **1. Приходи од подружници. придружени друштва и заеднички контролирани ентитети** | | **-** | **-** |
| **2. Приходи од вложувања во земјиште и градежни објекти** | | **35.529** | **38.050** |
| 2.1 Приходи од наемнини | | 33.277 | 29.977 |
| 2.2 Приходи од зголемување на вредноста на земјиште и градежни објекти | | - | - |
| 2.3 Приходи од продажба на земјиште и градежни објекти | | 2.252 | 8.073 |
| **3. Приходи од камати** | | **74.336** | **34.678** |
| **4. Позитивни курсни разлики** | | **971** | **1.053** |
| **5. Вредносно усогласување (нереализирани добивки. сведување на објективна вредност)** | | **-** | **-** |
| **6. Реализирани добивки од продажба на финансиски имот-капитална добивка** | | **-** | **11.697** |
| 6.1 Финансиски вложувања расположливи за продажба | | - | 11.697 |
| 6.2 Финансиски вложувања за тргување(по објективна вредност) | | - | - |
| 6.3 Останати финансиски вложувања | | - | - |
| **7. Останати приходи од вложувања** | | **115** | **500** |
| **III.ПРИХОДИ ПО ОСНОВ ПРОВИЗИИ ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ** | | **199.961** | **90.187** |
| **IV . ОСТАНАТИ ОСИГУРИТЕЛНО ТЕХНИЧКИ ПРИХОДИ. НАМАЛЕНИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ** | **7** | **94.997** | **61.186** |
| **V. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | **8** | **22.301** | **24.084** |

**Биланс на успех (продолжува)**

| Опис на позицијата | Белешка | Износ во илјади денари 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Б. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | | **1.912.338** | **971.111** |
| **I. НАСТАНАТИ ШТЕТИ (НЕТО ТРОШОЦИ ЗА ШТЕТИ)** | **9** | **727.631** | **332.623** |
| 1. Бруто исплатени штети | | 981.609 | 497.417 |
| 2. Намалување за приходот од бруто реализирани регресни побарувања | | (2.411) | (558) |
| 3. Бруто исплатени штети – дел за соосигурување | | - | - |
| 4. Бруто исплатени штети – дел за реосигурување/ретроцесија | | (354.899) | (164.581) |
| 5. Промени во бруто резервите за штети | | 221.382 | (1.982) |
| 6. Промени во бруто резервите за штети – дел за соосигурување | | - | - |
| 7. Промени во бруто резервите за штети – дел за реосигурување | | (118.050) | 2.327 |
| **II. ПРОМЕНИ ВО ОСТАНАТИТЕ ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ. НЕТО ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ** | | **31.237** | **-** |
| **1. Промени во математичката резерва. нето од реосигурување** | | **-** | **-** |
| 1.1 Промени во бруто математичката резерва | | - | - |
| 1.2 Промени во бруто математичката резерва - дел за соосигурување/реосигурување | | - | - |
| **2. Промени во еквилизационата резерва. нето од реосигурување** | | **-** | **-** |
| 2.1. Промени во бруто еквилизационата резерва | | - | - |
| 2.2 Промени во бруто еквилизационата резерва - дел за соосигурување/реосигурување | | - | - |
| **3. Промени во останатите технички резерви. нето од реосигурување** | | **31.237** | **-** |
| 3.1 Промени во останатите бруто технички резерви | | 31.237 | - |
| 3.2 Промени во останатите бруто технички резерви – дел за соосигурување и реосигурување | | - | - |
| **III. ПРОМЕНИ ВО БРУТО МАТЕМАТИЧКАТА РЕЗЕРВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ КАДЕ ИНВЕСТИЦИОНИОТ РИЗИК Е НА ТОВАР НА ОСИГУРЕНИКОТ. НЕТО ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ** | | **-** | **-** |
| 1. Промени во бруто математичката резерва за осигурување на живот каде инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот | | - | - |
| 2. Промени во бруто математичката резерва за осигурување на живот каде инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот – дел за соосигурување и реосигурување | | - | - |
| **IV. ТРОШОЦИ ЗА БОНУСИ И ПОПУСТИ. НЕТО ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ** | | **46.966** | **35.219** |
| 1. Трошоци за бонуси (кои зависат од резултатот) | | 24.310 | 14.812 |
| 2. Трошоци за попусти (кои не зависат од резултатот) | | 22.656 | 20.407 |
| **V. НЕТО ТРОШОЦИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО** | **10** | **959.715** | **513.249** |
| **1. Трошоци за стекнување** | | **602.555** | **293.948** |
| 1.1 Провизија | | 496.225 | 241.071 |
| 1.2 Бруто плата за вработените во внатрешна продажна мрежа | | 123.598 | 54.262 |
| 1.3 Останати трошоци за стекнување | | 18.548 | 12.105 |
| 1.4 Промена во одложените трошоци за стекнување (+/-) | | (35.816) | (13.490) |
| **2. Административни трошоци** | | **357.160** | **219.301** |
| 2.1 Амортизација на материјални средства кои служат за вршење на дејноста | | 33.611 | 23.972 |
| **2.2 Трошоци за вработените** | | **182.527** | **114.566** |
| 2.2.1 Плати и надоместоци | | 110.125 | 68.932 |
| 2.2.2 Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плати | | 17.629 | 13.853 |
| 2.2.3 Придонеси од задолжително социјално осигурување | | 38.882 | 21.004 |
| 2.2.4 Трошоци за дополнително пензиско осигурување | | 707 | 382 |
| 2.2.5 Останати трошоци за вработени | | 15.184 | 10.395 |
| 2.3 Трошоци за услуги на физички лица кои не вршат дејност (договори за работа. авторски договори и други правни односи) заедно со сите давачки | | 10.451 | **6.295** |
| **2.4 Останати административни трошоци** | | **130.571** | **74.468** |
| 2.4.1 Трошоци за услуги | | 85.823 | 40.730 |
| 2.4.2 Материјални трошоци | | 29.107 | 24.015 |
| 2.4.3 Трошоци за резервирање и останати трошоци од работењето | | 15.641 | 9.723 |

## Биланс на успех (продолжува)

| Опис на позицијата | Белешка | Износ во илјади денари 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **VI. ТРОШОЦИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | | **18.807** | **18.613** |
| **1. Амортизација и вредносно усогласување на материјални средства кои не служат за вршење на дејноста** | | **16.755** | **17.263** |
| **2. Трошоци за камати** | | **-** | **-** |
| **3. Негативни курсни разлики** | | **2.052** | **1.199** |
| **4. Вредносно усогласување (нереализирани загуби. сведување на објективна вредност)** | | **-** | **-** |
| **5. Реализирани загуби од продажба на финансиски имот - капитална загуба** | | **-** | **21** |
| 5.1 Финансиски вложувања расположливи за продажба | | - | 21 |
| 5.2 Финансиски вложувања за тргување (по објективна вредност) | | - | - |
| 5.3 Останати финансиски вложувања | | - | - |
| **6. Останати трошоци од вложувања** | | **-** | **130** |
| **VII. ОСТАНАТИ ОСИГУРИТЕЛНО ТЕХНИЧКИ ТРОШОЦИ. НАМАЛЕНИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ** | **11** | **94.130** | **42.796** |
| 1. Трошоци за превентива | | - | |
| 2. Останати осигурително технички трошоци . намалени за реосигурување | | 94.130 | 42.796 |
| **VIII. ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА ПО ОСНОВ НА ПРЕМИЈА** | | **(1.915)** | **27.178** |
| **IX. ОСТАНАТИ РАСХОДИ. ВКЛУЧУВАЈЌИ И ВРЕДНОСНИ УСОГЛАСУВАЊА** | **12** | **35.766** | **1.433** |
| **X. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **-** | **43.976** |
| **XI. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **6.907** | **-** |
| **XII. ДАНОК НА ДОБИВКА ОДНОСНО ЗАГУБА** | **13** | **5.270** | **6.870** |
| **XIII. ОДЛОЖЕН ДАНОК** | | **-** | **-** |
| **XIV. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **-** | **37.106** |
| **XV. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **12.177** | **-** |

**Биланс на состојба**

| Опис на позицијата | Белешка | Износ *во илјади денари* 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **АКТИВА** | | | |
| **А. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | **14** | **10.170** | **3.017** |
| 1. Гудвил | | | |
| 2. Останати нематеријални средства | | 10.170 | 3.017 |
| **Б. ВЛОЖУВАЊА** | | **2.713.757** | **1.759.211** |
| **I. ЗЕМЈИШТЕ. ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ И ОСТАНАТИ МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | **509.229** | **538.161** |
| **1. Земјиште и градежни објекти кои служат за вршење на дејноста** | **16** | **216.716** | **226.195** |
| 1.1 Земјиште | | 11.248 | 11.248 |
| 1.2 Градежни објекти | | 205.468 | 214.947 |
| **2. Земјиште. градежни објекти и останати средства кои не служат за вршење на дејноста** | | **292.513** | **311.966** |
| 2.1 Земјиште | | 1.714 | 1.714 |
| 2.2 Градежни објекти | 15 | 290.799 | 310.252 |
| 2.3 Останати материјални средства | | - | - |
| **II.ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА ВО ДРУШТВА ВО ГРУПА - ПОДРУЖНИЦИ. ПРИДРУЖЕНИ ДРУШТВА И ЗАЕДНИЧКИ КОНТРОЛИРАНИ ЕНТИТЕТИ** | | **28.971** | **9.144** |
| 1. Акции. удели и останати сопственички инструменти од вредност во друштва во група – подружници | | - | - |
| 2. Должнички хартии од вредност кои ги издале друштва во група - подружници и заеми на друштва во група - подружници | | - | - |
| 3. Акции, удели и останати сопственички инструменти во придружени друштва | | - | - |
| 4. Должнички хартии од вредност кои ги издале придружени друштва и заеми на придружени друштва | | - | - |
| 5. Останати финансиски вложувања во друштва во група - подружници | | - | - |
| 6. Останати финансиски вложувања во придружени друштва | | - | - |
| 7. Вложувања во заеднички контролирани ентитети | | 28.971 | 9.144 |
| **III. ОСТАНАТИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА** | **17** | **2.175.557** | **1.211.906** |
| **1. Финансиски вложувања кои се чуваат до достасување** | | **255.502** | **79.813** |
| 1.1 Должнички хартии од вредност со рок на достасување до една година | | 48.819 | 79.813 |
| 1.2 Должнички хартии од вредност со рок на достасување над една година | | 206.683 | - |
| **2. Финансиски вложувања расположливи за продажба** | | **1.093.550** | **585.544** |
| 2.1 Должнички хартии од вредност со рок на достасување до една година | | - | - |
| 2.2 Должнички хартии од вредност со рок на достасување над една година | | 1.093.294 | 585.288 |
| 2.3 Акции, удели и останати сопственички инструменти | | 256 | 256 |
| 2.4 Акции и удели во инвестициски фондови | | - | - |
| **3. Финансиски вложувања за тргување** | | **-** | **-** |
| 3.1 Должнички хартии од вредност со рок на достасување до една година | | - | - |
| 3.2 Должнички хартии од вредност со рок на достасување над една година | | - | - |
| 3.3 Акции. удели и останати сопственички инструменти | | - | - |
| 3.4 Акции и удели во инвестициски фондови | | - | - |
| **4. Депозити. заеми и останати пласмани** | | **826.505** | **546.549** |
| 4.1 Дадени депозити | | 826.104 | 546.549 |
| 4.2 Заеми обезбедени со хипотека | | - | - |
| 4.3 Останати заеми | | - | - |
| 4.4 Останати пласмани | | 401 | - |
| **5. Деривативни финансиски инструменти** | | - | - |

## Биланс на состојба (продолжува)

| Опис на позицијата | Белешка | Износ во илјади денари 2024 | Износ во илјади денари 2023 |
|---|---|---|---|
| **IV. ДЕПОЗИТИ НА ДРУШТВА ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ КАЈ ЦЕДЕНТИ. ПО ОСНОВ НА ДОГОВОРИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ** | | **-** | **-** |
| **В. ДЕЛ ЗА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ ВО БРУТО ТЕХНИЧКИТЕ РЕЗЕРВИ** | | **633.267** | **202.574** |
| 1. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто резервата за преносна премија | | 78.556 | 47.933 |
| 2. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто математичката резерва | | - | - |
| 3. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто резервите за штети | | 554.711 | 154.641 |
| 4. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто резервите за бонуси и попусти | | - | - |
| 5. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто еквилизационата резерва | | - | - |
| 6. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто останатите технички резерви | | - | - |
| 7. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви за осигурување на живот каде ризикот од вложувањето е на товар на осигуреникот | | - | - |
| **Г. ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА КАЈ КОИ ОСИГУРЕНИКОТ ГО ПРЕВЗЕМА ИНВЕСТИЦИСКИОТ РИЗИК (ДОГОВОРИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ)** | | **-** | **-** |
| **Д. ОДЛОЖЕНИ И ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ СРЕДСТВА** | | **3.427** | **-** |
| 1. Одложени даночни средства | | | |
| 2. Тековни даночни средства | | 3.427 | - |
| **Ѓ. ПОБАРУВАЊА** | | **860.816** | **422.512** |
| **I. ПОБАРУВАЊА ОД НЕПОСРЕДНИ РАБОТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ** | **18** | **765.593** | **357.889** |
| 1. Побарувања од осигуреници | | 746.440 | 340.245 |
| 2. Побарувања од посредници | | - | - |
| 3. Останати побарувања од непосредни работи на осигурување | | 19.153 | 17.644 |
| **II. ПОБАРУВАЊА ОД РАБОТИ НА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ** | | **30.876** | **50.053** |
| 1. Побарувања по основ на премија за сооосигурување и реосигурување | | 8.985 | 7.265 |
| 2. Побарувања по основ на учество во надомест на штети од соосигурување и реосигурување | | 21.165 | 42.325 |
| 3. Останати побарувања од работи на соосигурување и реосигурување | | 726 | 463 |
| **III. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА** | | **64.347** | **14.570** |
| 1. Останати побарувања од непосредни работи на осигурување | **19** | 34.590 | 11.291 |
| 2. Побарувања по основ на финансиски вложувања | **20** | 1.774 | 1.054 |
| 3. Останати побарувања | **21** | 27.983 | 2.225 |
| **IV. ПОБАРУВАЊА ПО ОСНОВ НА ЗАПИШАН А НЕУПЛАТЕН КАПИТАЛ** | | **-** | **-** |
| **Е. ОСТАНАТИ СРЕДСТВА** | | **242.482** | **136.671** |
| **I. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА КОИ СЛУЖАТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА (ОСВЕН ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ)** | | **42.246** | **31.224** |
| 1. Опрема | **16** | 39.354 | 28.616 |
| 2. Останати материјални средства | **16** | 2.892 | 2.608 |
| **II. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ОСТАНАТИ ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (073+074+075+076)** | **22** | **199.182** | **104.187** |
| 1. Парични средства во банка | | 198.474 | 104.180 |
| 2. Парични средства во благајна | | 555 | 7 |
| 3. Издвоени парични средства за покривање на математичката резерва | | - | - |
| 4. Останати парични средства и парични еквиваленти | | 153 | - |
| **III. ЗАЛИХИ И СИТЕН ИНВЕНТАР** | | **1.054** | **1.260** |

**Биланс на состојба (продолжува)**

| Опис на позицијата | Белешка | Износ *во илјади денари* 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Ж. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | | **355.535** | **164.265** |
| 1. Претходно пресметани приходи по основ на камати и наемнини | | 43.446 | - |
| 2. Одложени трошоци на стекнување | | 266.510 | 116.155 |
| 3. Останати пресметани приходи и одложени трошоци | | 45.579 | 48.110 |
| **З. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТО РАБОТЕЊЕ** | | **-** | **-** |
| **Ѕ. ВКУПНА АКТИВА (А+Б+В+Г+Д+Ѓ+Е+Ж+З)** | | **4.819.454** | **2.688.250** |
| **И. ВОН-БИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА – АКТИВА** | **27** | **231.509** | **14.516** |
| **ПАСИВА** | | - | - |
| **А. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | **26** | **1.948.017** | **1.562.525** |
| **I. ЗАПИШАН КАПИТАЛ** | | **1.135.345** | **888.308** |
| 1. Запишан капитал од обични акции | | 1.135.345 | 888.308 |
| 2. Запишан капитал од приоритетни акции | | - | - |
| 3. Запишан а неуплатен капитал | | - | - |
| **II. ПРЕМИИ ЗА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ** | | **-** | **-** |
| **III. РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА** | | **174.419** | **165.225** |
| 1. Материјални средства | | 159.861 | 159.861 |
| 2. Финансиски вложувања | | 11.544 | 5.749 |
| 3. Останати ревалоризациони резерви | | 3.014 | (385) |
| **IV. РЕЗЕРВИ** | | **477.860** | **331.715** |
| 1. Законски резерви | | 469.173 | 323.028 |
| 2. Статутарни резерви | | - | - |
| 3. Резерви за сопствени акции | | - | - |
| 4. Откупени сопствени акции | | - | - |
| 5 Останати резерви | | 8.687 | 8.687 |
| **V. НЕРАСПРЕДЕЛЕНА НЕТО ДОБИВКА** | | **172.570** | **140.171** |
| **VI. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА** | | **-** | **-** |
| **VII. ДОБИВКА ЗА ТЕКОВНИОТ ПРЕСМЕТКОВЕН ПЕРИОД** | | **-** | **37.106** |
| **VIII. ЗАГУБА ЗА ТЕКОВНИОТ ПРЕСМЕТКОВЕН ПЕРИОД** | | **12.177** | **-** |
| **Б. СУБОРДИНИРАНИ ОБВРСКИ** | | **-** | **-** |
| **В. БРУТО ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ** | **23** | **2.155.239** | **796.860** |
| I. Бруто резерви за преносни премии | | 996.823 | 440.118 |
| II. Бруто математичка резерва | | - | - |
| III. Бруто резерви за штети | | 1.109.282 | 338.845 |
| IV. Бруто резерви за бонуси и попусти | | 49.134 | 17.897 |
| **V. Бруто еквилизациона резерва** | | - | - |
| **VI. Бруто останати технички резерви** | | - | - |
| **Г. БРУТО ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ ВО ОДНОС НА ДОГОВОРИ КАЈ КОИ ОСИГУРЕНИКОТ ГО ПРЕВЗЕМА ИНВЕСТИЦИСКИОТ РИЗИК** | | **-** | **-** |
| **Д. ОСТАНАТИ РЕЗЕРВИ** | | **10.032** | **5.661** |
| 1. Резерви за вработени | | 9.493 | 5.661 |
| 2. Останати резерви | | 539 | |
| **Ѓ.ОДЛОЖЕНИ И ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ ОБВРСКИ** | | **22.615** | **20.406** |
| 1. Одложени даночни обврски | | 19.045 | 18.401 |
| 2. Тековни даночни обврски | | 3.570 | 2.005 |
| **Е. ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДЕПОЗИТИ НА ДРУШТВА ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ КАЈ ЦЕДЕНТИ. ПО ОСНОВ НА ДОГОВОРИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ** | | **-** | **-** |

**Биланс на состојба (продолжува)**

| Опис на позицијата | Белешка | Износ *во илјади денари* 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Ж. ОБВРСКИ** | | **149.683** | **110.611** |
| **I. ОБВРСКИ ОД НЕПОСРЕДНИ РАБОТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ** | | **-** | **-** |
| 1. Обврски спрема осигуреници | | - | - |
| 2. Обврски спрема застапници и посредници | | - | - |
| 3. Останати обврски од непосредни работи на осигурување | | - | - |
| **II. ОБВРСКИ ОД РАБОТИ НА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ** | | **63.656** | **66.025** |
| 1. Обврски по основ на премија за соосигурување и реосигурување | | 57.509 | 64.338 |
| 2. Обврски по основ на учество во надомест на штети | | - | - |
| 3. Останати обврски од работи на соосигурување и реосигурување | | 6.147 | 1.687 |
| **III. ОСТАНАТИ ОБВРСКИ** | **24** | **86.027** | **44.586** |
| 1. Останати обврски од непосредни работи на осигурување | | 27.389 | 16.894 |
| 2. Обврски по основ на финансиски вложувања | | 7.893 | 7.534 |
| 3. Останати обврски | | 50.745 | 20.158 |
| **З. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | **25** | **533.868** | **192.187** |
| **Ѕ. НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ ВО ВРСКА СО НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТИ РАБОТЕЊА** | | **-** | **-** |
| **И. ВКУПНА ПАСИВА А+Б+В+Г+Д+Ѓ+Е+Ж+З+Ѕ** | | **4.819.454** | **2.688.250** |
| **Ј. ВОН-БИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА – ПАСИВА** | **27** | **231.509** | **14.516** |

Финансиските извештаи се одобрени од Управниот одбор на 27 Февруари 2024 година, усвоени од Надзорен Одбор на 24 Април 2025 и потпишани во нивно име од:

Г-дин Бошко Андов

Генерален Менаџер

Г-ѓа Маргарета Поповска - Гошева

Менаџер за финансии/Овластен сметководител
(уверение бр. 0100428)

(*сите износи се искажани во илјади денари, доколку поинаку не е назначено*)

## Извештајот за промени во капиталот

| Позиција | Белешка | Акционерски капитал | Премии на емитиран и акции | Резерви | | | | | Откупени сопствен и акции | Ревалоризациона резерва | Нераспределена добивка (со знак +) или пренесена загуба (со знак -) | Добивка (со знак +)/ загуба (со знак -) за тековната година | Вкупно капитал и резерви |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Законски резерви | Статутарни резерви | Резерви за сопствен и акции | Останати резерви | Вкупно резерви | | | | | |
| **Состојба на 1 јануари 2023 претходната деловна година** | | **888.308** | **-** | **309.683** | **-** | **-** | **8.687** | **318.370** | **-** | **169.227** | **176.619** | **40.034** | **1.592.558** |
| **Состојба на 1 јануари претходната деловна година – преправено** | | 888.308 | - | 309.683 | - | - | 8.687 | 318.370 | - | 169.227 | 176.619 | 40.034 | 1.592.558 |
| **Добивка или загуба за претходната деловна година** | | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **37.106** | **37.106** |
| Добивка или загуба за тековната деловна година | | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 37.106 | 37.106 |
| **Несопственички промени во капиталот** | | - | - | - | - | - | - | - | - | (4.002) | - | - | (4.002) |
| Нереализирани добивки/загуби од материјални средства | | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Нереализирани добивки/загуби од финансиски вложувања расположливи за продажба | | - | - | - | - | - | - | - | - | 8.250 | - | - | 8.250 |
| Реализирани добивки/загуби од финансиски вложувања расположливи за продажба | | - | - | - | - | - | - | - | - | (12.252) | - | - | (12.252) |
| Останати несопственички промени во капиталот | | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Сопственички промени во капиталот** | | **-** | **-** | **13.345** | **-** | **-** | **-** | **13.345** | **-** | **-** | **(36.448)** | **(40.034)** | **(63.137)** |
| Зголемување/намалување на акционерскиот капитал | | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Останати уплати од страна на сопствениците | | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Исплата на дивиденда | | - | - | - | - | - | - | - | - | - | (63.137) | - | (63.137) |
| Останата распределба на сопствениците | | - | - | 13.345 | - | - | - | 13.345 | - | - | 26.689 | (40.034) | - |
| **Состојба на 31 декември претходна деловна година 2023** | | **888.308** | **-** | **323.028** | **-** | **-** | **8.687** | **331.715** | **-** | **165.225** | **140.171** | **37.106** | **1.562.525** |

(*сите износи се искажани во илјади денари, доколку поинаку не е назначено)*

## Извештајот за промени во капиталот (продолжува)

| Позиција | Белешка | Акционерски капитал | Премии на емитирани акции | Резерви | | | | | Откупени сопствени акции | Ревалоризациона резерва | Нераспределена добивка (со знак +) или пренесена загуба (со знак -) | Добивка (со знак +)/ загуба (со знак -) за тековната година | Вкупно капитал и резерви |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Законски резерви | Статутарни резерви | Резерви за сопствени акции | Останати резерви | Вкупно резерви | | | | | |
| Состојба на 1 јануари 2024 тековната деловна година | | **888.308** | **-** | **323.028** | **-** | **-** | **8.687** | **331.715** | **-** | **165.225** | **140.171** | **37.106** | **1.562.525** |
| Ефект од спојување | | **247.037** | **-** | **133.033** | **-** | **-** | **-** | **133.033** | **-** | **4.744** | **31.833** | **2.230** | **418.876** |
| **Состојба на 1 јануари тековната деловна година – преправено** | | 1.135.345 | - | 456.061 | - | - | 8.687 | 464.748 | - | 169.969 | 172.004 | 39.336 | 1.981.401 |
| Добивка или загуба за тековната деловна година | | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **(12.177)** | **(12.177)** |
| Добивка или загуба за тековната деловна година | | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | (12.177) | (12.177) |
| **Несопственички промени во капиталот** | | - | - | - | - | - | - | - | - | 4.450 | - | - | 4.450 |
| Нереализирани добивки/загуби од материјални средства | | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Нереализирани добивки/загуби од финансиски вложувања расположливи за продажба | | - | - | - | - | - | - | - | - | 1.051 | - | - | 1.051 |
| Реализирани добивки/загуби од финансиски вложувања расположливи за продажба | | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Останати несопственички промени во капиталот | | - | - | - | - | - | - | - | - | 3.399 | - | - | 3.399 |
| **Сопственички промени во капиталот** | | **-** | **-** | **13.112** | **-** | **-** | **-** | **13.112** | **-** | **-** | **567** | **(39.336)** | **(25.657)** |
| Зголемување/намалување на акционерскиот капитал | | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Останати уплати од страна на сопствениците | | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Исплата на дивиденда | | - | - | - | - | - | - | - | - | - | (25.657) | - | (25.657) |
| Останата распределба на сопствениците | | - | - | 13.112 | - | - | - | 13.112 | - | - | 26.224 | (39.336) | - |
| **Состојба на 31 декември тековната деловна година 2024** | | **1.135.345** | **-** | **469.173** | **-** | **-** | **8.687** | **477.860** | **-** | **174.419** | **172.570** | **(12.177)** | **1.948.017** |

## Извештајот за паричните текови

| ПОЗИЦИЈА | Белешка | Износ *во илјади денари* 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **А. ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ** | | | |
| **I. ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ** | | **2.938.048** | **1.379.779** |
| 1. Премија за осигурување и соосигурување и примени аванси | | 2.183.643 | 1.036.658 |
| 2. Премија за реосигурување и ретроцесија | | - | - |
| 3. Приливи од учество во надомест на штети | | 308.317 | 167.164 |
| 4. Примени камати од работи на осигурување | | - | - |
| 5. Останати приливи од деловни активности | | 446.088 | 175.957 |
| **II. ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ** | | **3.067.323** | **1.447.253** |
| 1. Исплатени штети. договорени суми на осигурување. учество во надомест на штети од соосигурување и дадени аванси | | 966.362 | 485.651 |
| 2. Исплатени штети и учество во надомест на штети од реосигурување и ретроцесија | | - | - |
| 3. Премија за соосигурување. реосигурување и ретроцесија | | 880.472 | 343.991 |
| 4. Надоместоци и други лични расходи | | 299.833 | 172.468 |
| 5. Останати трошоци за спроведување на осигурување | | 491.840 | 226.937 |
| 6. Платени камати | | - | - |
| 7. Данок на добивка и останати јавни давачки | | 44.375 | 26.118 |
| 8. Останати одливи од редовни активности | | 384.441 | 192.088 |
| **III. НЕТО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ** | | **-** | **-** |
| **IV. НЕТО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ** | | **129.275** | **67.474** |
| **Б. ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | | | |
| **I. ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | | **768.529** | **341.535** |
| 1. Приливи по основ на нематеријални средства | | - | - |
| 2. Приливи по основ на материјални средства | | 73 | 23.388 |
| 3. Приливи по основ на материјални средства кои не служат за вршење на дејноста на друштвото | | 50.776 | 55.437 |
| 4. Приливи по основ на вложувања во друштва во група – подружници. придружени друштва и заеднички контролирани ентитети | | - | - |
| 5. Приливи по основ на вложувања кои се чуваат до достасување | | - | - |
| 6. Приливи по основ на останати финансиски пласмани | | 641.426 | 232.321 |
| 7. Приливи од дивиденди и останати учества во добивка | | - | 500 |
| 8. Приливи од камати | | 76.254 | 29.889 |

## Извештајот за паричните текови (продолжува)

| ПОЗИЦИЈА | Белешка | Износ во *илјади денари* 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **II. ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | | **559.179** | **229.490** |
| 1. Одливи по основ на нематеријални средства | | - | - |
| 2. Одливи по основ на материјални средства | | 12.783 | 12.257 |
| 3. Одливи по основ на материјални средства кои не служат за вршење на дејноста на друштвото | | 1.881 | 2.396 |
| 4. Одливи по основ на вложувања во друштва во група – подружници. придружени друштва и заеднички контролирани ентитети | | - | - |
| 5. Одливи по основ на вложувања кои се чуваат до достасување | | 48.819 | 79.813 |
| 6. Одливи по основ на останати финансиски пласмани | | 495.696 | 135.024 |
| 7. Одливи од дивиденди и останати учества во добивка | | - | - |
| 8. Одливи од камати | | - | - |
| **III. НЕТО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | | **209.349** | **112.044** |
| **IV. НЕТО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ВЛОЖУВАЊА** | | **-** | **-** |
| **В. ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | | |
| **I. ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | **-** | **-** |
| 1. Приливи по основ на зголемување на акционерскиот капитал | | - | - |
| 2. Приливи по основ на примени краткорочни и долгорочни кредити и заеми | | - | - |
| 3. Приливи по основ на останати долгорочни и краткорочни обврски | | - | - |
| **II. ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | **25.657** | **62.364** |
| 1. Одливи по основ на отплата на краткорочни и долгорочни кредити и заеми и останати обврски | | - | - |
| 2. Одливи по основ на откуп на сопствени акции | | - | - |
| 3. Одливи по основ на исплата на дивиденда | | 25.657 | 62.364 |
| **III. НЕТО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | - | - |
| **IV. НЕТО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | **25.657** | **62.364** |
| **Г. ВКУПНО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ** | | **3.706.577** | **1.721.314** |
| **Д. ВКУПНО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ** | | **3.652.159** | **1.739.107** |
| **Ѓ. НЕТО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ** | | **54.418** | **-** |
| **Е. НЕТО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ** | | **-** | **17.793** |
| **Ж. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ НА ПОЧЕТОКОТ НА ПРЕСМЕТКОВНИОТ ПЕРИОД** | | **104.187** | **121.980** |
| **Ефект од присоединување** | | **40.578** | **-** |
| **З. ЕФЕКТ ОД ПРОМЕНА НА КУРСОТ НА СТРАНСКИ ВАЛУТИ ВРЗ ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ** | | **-** | **-** |
| **Ѕ. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ НА КРАЈОТ НА ПРЕСМЕТКОВНИОТ ПЕРИОД** | 22 | **199.183** | **104.187** |

Финансиските извештаи се одобрени од Управниот одбор на 26 Февруари 2025 година, усвоени од Надзорен Одбор на 24 Април 2025 и потпишани во нивно име од:

Г-дин Бошко Андов

Генерален Менаџер

Г-ѓа Маргарета Поповска - Гошева

Менаџер за финансии/Овластен сметководител
(уверение бр. 0100428)

## 1. Општи информации

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување Македонија – Скопје Виена Иншуренс Груп (во понатамошниот текст „Друштвото” или “МАКЕДОНИЈА Осигурување а.д Скопје - Виена Иншуренс Груп„) претставува акционерско друштво кое своите активности ги обавува во Република Северна Македонија. Активностите на МАКЕДОНИЈА Осигурување а.д Скопје - Виена Иншуренс Груп вклучуваат:

- осигурување од  последици на несреќен случај (незгода);
- здравствено осигурување;
- осигурување на моторни возила (каско);
- осигурување на шински возила;
- осигурување на воздухоплови;
- осигурување на пловни објекти;
- осигурување на стока во превоз;
- осигурување на имот од пожар и природни непогоди;
- други осигурувања на имот;
- осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;
- осигурување од одговорност од употреба на воздухоплови;
- осигурување од одговорност од употреба на пловни објекти;
- осигурување од одговорност;
- осигурување на кредити;
- осигурување на гаранции;
- осигурување од финансиска загуба;
- осигурување од правна заштита
- и осигурување на туристичка помош.

Друштвото ја врши својата дејност преку Генерална дирекција и 75 експозитури во земјата. Друштвото своите активности со состојба на ден 31 декември 2024 година ги извршува со 150 вработени во администрација и 144 вработени во продажба (2023: 172 вработени во администрација и 139 вработени во продажба).Адресата на седиштето е следната:

бул.”11 Октомври” бр. 25
1000 - Скопје
Република Северна Македонија

Акциите на Друштвото котираат на официјалниот пазар на Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје на потсегментот Задолжителна котација – обични акции, регистрирани под ИСИН: „MKKJUB101010“.

## 2. Основа за изготвување на финансиските извештаи

### (а) Извештај за усогласеност

Финансиските извештаи се изготвени во согласност со Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ 28/2004 ….. 99/2022). Законот за супервизија на осигурување (Службен весник на РМ 27/02……173/22 ), Сметководствените Стандарди прифатени во Република Северна Македонија објавени во Правилникот за водење сметководство (Службен весник на РМ 159/2009, 164/2010 и 107/2011 важечки од 1 Јануари 2012), Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси Службен весник на РМ 169/2010…. 107/2020 и Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или и реосигурување. (Службен весник на РМ 5/2011…. 188/22),Правилникот за контен план 148/2010… 303/2021 и други позитивни законски прописи.

Финансиските извештаи се одобрени од Управниот одбор на 26 Февруари 2025 година, усвоени од Надзорен Одбор на 24 Април 2025.

### (б) Присоединување со Винер – Виена Иншуренс Груп АД Скопје

Договорот за присоединување со Винер – Виена Иншуренс Груп АД Скопје („Преземено Друштво“) беше потпишан на 20 декември 2023 година. По добивањето на потребната согласност од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување, постапката за присоединување на Винер – Виена Иншуренс Груп АД Скопје кон Македонија Осигурување-Скопје Виена Иншуренс Груп („Друштво преземач“) беше официјално завршена на 27 јуни 2024 година, по извршена регистрација во Централниот регистар, со ефективен датум 1 јануари 2024 година.

Средствата и обврските на Преземеното Друштво беа пренесени на Друштвото преземач преку универзален пренос, во согласност со одредбите на Договорот за присоединување и во согласност со важечката законска регулатива.

Сметководственото евидентирање на присоединувањето е извршено во согласност со Одлуката за методологија за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за изготвување на финансиски извештаи – Службен весник на Република Македонија бр. 83/17, како и согласно дополнителните насоки дадени од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

Врз основа на горенаведеното, споредбените финансиски информации заклучно со 31 декември 2023 година се однесуваат исклучиво на трансакциите на Преземачкото Друштвото преземач. Средствата и обврските на Преземеното Друштво се признаени во финансиските извештаи на Друштвото преземач за тековната година, со состојба на 1 јануари 2024 година. Дополнително, при евидентирањето на ефектите од присоединување во финансиските извештаи на Друштвото-преземач е применет методот на евидентирање по сметководствена вредност.

Како дел од Договорот за присоединување, страните договорија соодност на замена на акции за утврдување на начинот на конверзија на акциите во сопственост на акционерот на Преземеното Друштво во акции на Друштвото преземач. Договорениот соодност за замена е 2:1, при што акционерот на Преземеното Друштво добива 1 акција во Друштвото- преземач за секои 2 акции кои ги поседувал во Преземеното Друштво.

Износите на главните категории на средства, обврски и капитал пренесени од Преземеното Друштво на Друштвото преземач, со состојба на 1 јануари 2024 година, се како што следува:

**Биланс на состојба** на 1 Јануари 2024

| | Износи во илјади денари |
|---|---|
| **АКТИВА** | |
| ***А. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА*** | **14,364** |
| **Б. ВЛОЖУВАЊА** | **1,089,166** |
| **I. ЗЕМЈИШТЕ. ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ И ОСТАНАТИ МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | **799** |
| **II.ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА ВО ДРУШТВА ВО ГРУПА - ПОДРУЖНИЦИ. ПРИДРУЖЕНИ ДРУШТВА И ЗАЕДНИЧКИ КОНТРОЛИРАНИ ЕНТИТЕТИ** | **24,528** |
| **III. ОСТАНАТИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА** | **1,063,839** |
| **IV. ДЕПОЗИТИ НА ДРУШТВА ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ КАЈ ЦЕДЕНТИ. ПО ОСНОВ НА ДОГОВОРИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ** | **-** |
| **В. ДЕЛ ЗА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ ВО БРУТО ТЕХНИЧКИТЕ РЕЗЕРВИ** | **518,320** |
| **Г. ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА КАЈ КОИ ОСИГУРЕНИКОТ ГО ПРЕВЗЕМА ИНВЕСТИЦИСКИОТ РИЗИК (ДОГОВОРИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ)** | **-** |
| **Д. ОДЛОЖЕНИ И ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ СРЕДСТВА** | **1,957** |
| **Ѓ. ПОБАРУВАЊА** | **345,686** |
| **Е. ОСТАНАТИ СРЕДСТВА** | **55,448** |
| **Ж. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | **114,538** |
| **З. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТО РАБОТЕЊЕ** | **-** |
| **Ѕ. ВКУПНА АКТИВА** | **2,139,479** |
| **И. ВОН-БИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА – АКТИВА** | **170,453** |
| | **Износи во илјади денари** |
| **ПАСИВА** | |
| ***А. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ*** | **418,876** |
| **Б. СУБОРДИНИРАНИ ОБВРСКИ** | **-** |
| **В. БРУТО ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ** | **1,129,665** |
| **Г. БРУТО ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ ВО ОДНОС НА ДОГОВОРИ КАЈ КОИ ОСИГУРЕНИКОТ ГО ПРЕВЗЕМА ИНВЕСТИЦИСКИОТ РИЗИК** | **-** |
| **Д. ОСТАНАТИ РЕЗЕРВИ** | **7,106** |
| **Ѓ.ОДЛОЖЕНИ И ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ ОБВРСКИ** | **1,019** |
| **Е. ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДЕПОЗИТИ НА ДРУШТВА ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ КАЈ ЦЕДЕНТИ. ПО ОСНОВ НА ДОГОВОРИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ** | **-** |
| **Ж. ОБВРСКИ** | **138,866** |
| **З. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | **443,947** |
| **Ѕ. НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ ВО ВРСКА СО НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТИ РАБОТЕЊА** | **-** |
| **И. ВКУПНА ПАСИВА** | **2,139,479** |
| **Ј. ВОН-БИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА – ПАСИВА** | **170,453** |

.

## 2. Основа за изготвување на финансиските извештаи (продолжува)

### (в) Основа за мерење

Финансиските извештаи се изготвени врз основа на историска вредност, освен средствата класифицирани како расположиви за продажба кои се обелоденети по објективна вредност.

### (г) Функционална и известувачка валута

Ставките коишто се вклучени во финансиските извештаи се прикажани во валутата на примарното економско окружување во кое делува Друштвото (функционална валута). Финансиските извештаи се прикажани во МКД којашто е функционална и известувачка валута на Друштвото искажани во илјади денари.

### (д) Користење на проценки и расудувања

Изготвувањето на финансиските извештаи бара од раководството да прави расудувања, проценки и претпоставки кои влијаат на примената на политиките и прикажаните износи на средствата и обврските, приходите и расходите.

Проценките и со нив поврзаните претпоставки се засноваат на минато искуство и различни други фактори за кои се смета дека се разумни земајќи ги во предвид околностите и претставуваат основа за донесување на судови за сметководствената вредност на средствата и обврските, чија вредност не може да се утврди на друг начин.

Реалните состојби може да се разликуваат од овие проценки. Проценките и претпоставките постојано се прегледуваат. Измените на сметководствените проценки се признаваат во периодот во кој е извршена измена на проценката доколку измената влијае само на тој период или се признаваат и во идните периоди доколку измената влијае и на идните периоди.

Расудувањата направени од страна на раководството при примената на сметководствените политики кои имаат значително влијание врз финансиските извештаи и проценките со значителен ризик од материјални корекции во следната година се објаснети во белешка 4.

### (ѓ) Усогласеност со законска регулатива

На 31 декември 2024 година Друштвото е усогласено со барањата на Законот за супервизија на осигурување во врска со покривање на маргина на солвентност, пропишаните лимити за вложувањата на капиталот утврден во согласност со Законот за супервизија на осигурување како и средствата кои ги покриваат техничките резерви. Друштвото поседува доволно средства за покривање на техничките резерви и покривање на капиталот во целост.

## 2. Основа за изготвување на финансиските извештаи (продолжува)

### (е) Трансакции во странска валута

Трансакциите во странска валута се прикажуваат во денари според курсот важечки на денот на трансакциите. Монетарните средства и обврски искажани во странска валута на денот на известувањето се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на известувањето.

Добивките и загубите од курсните разлики од монетарните средства се разлика помеѓу амортизираната набавна вредност во денари на почеток на периодот, корегирана за ефективна камата и плаќања во текот на периодот и амортизираната набавна вредност во странска валута вреднувана според курсот важечки на крајот на периодот. Немонетарните средства и обврски искажани во странска валута и кои се мерат по објективна вредност се превреднуваат во денари според курсот важечки на денот на определувањето на објективната вредност.

Курсните разлики кои произлегуваат од превреднувањето на износите во странска валута се признаени во добивката или загубата, освен курсните разлики кои произлегуваат од превреднување на сопственичките хартии од вредност кои се признаваат директно во капиталот. Немонетарните средства и обврски искажани во странска валута кои се мерат по историска вредност се превреднуваат според курсот важечки на денот на трансакцијата. Девизните средства со кои што работи Друштвото се претежно евра. Девизните курсеви користени за период од 31 декември 2024 и 2023 година беа како што следува:

| | **2024 МКД** | **2023 МКД** |
|---|---|---|
| УСД | 58.88 | 55.65 |
| ЕУР | 61.50 | 61.50 |

## 3. Значајни сметководствени политики

Значајните сметководствени политики применети при изготвување на финансиските извештаи за годината завршена на 31 декември 2024 година се применети конзистентно за сите периоди прикажани во финансиските извештаи и се следните:

### 3.1 Договори за осигурување и реосигурување

***(i)*** *Осигурување*

Договорот за осигурување е договор според кој едната странка (осигурителот) прифаќа значителен ризик од осигурување од друга странка (имателот на полисата) со согласување да му обезбеди надомест на имателот на полисата доколку одреден неизвесен настан (осигурителен настан) има негативно влијание на имателот на полисата.

Во финансиските извештаи се обелоденуваат информации кои ги идентификуваат и објаснуваат износите во финансиските извештаи кои произлегуваат од договорите за осигурување.

На датумот на стекнување превземените обврски по осигурување и стекнатите средства на осигурување друштвото ќе ги мери според објективна вредност.

Во финансиските извештаи се обелоденуваат информации кои ќе овозможат:

- Да се процени природата и степенот на ризиците кои произлегуваат од договорите за осигурување, целите, политиките и процесите на управување со ризиците кои произлегуваат од договорите за осигурување и методите кои се користат за управување со тие ризици како кредитен ризик, ликвидносен и пазарен ризик.

Осигурителот ги обелоденува информациите преку анализа на чувствителност која покажува како би било влијанието на добивката или загубата и главнината кога би дошло до промена на релевантната променлива на ризикот.

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 3.1 Договори за осигурување и реосигурување (продолжува)

***(ii)*** *Реосигурување*

Договорот за реосигурување е вид на договор за осигурување издаден од еден Осигурувач (Реосигурувач) за да ги надомести загубите на друг Осигурувач (цедент) настанати врз основа на еден или повеќе договори издадени од цедентот.

Реосигурител е странката која има обврска според договорот за реосигурување да му надомести на цедентот ако се случи осигурен настан.

Цедираната премија се препознава како трошок во билансот на успех во согласност со склучените договори за реосигурување. Повратоците по реосигурување се евидентираат како приход во билансот на успех. Доколку средството за реосигурување е намалено поради обезвреднување цедентот ќе ја намали неговата сметководствена вредност и ќе ја признае загубата поради обезвреднување во добивка или загуба. Вредноста на средството е намалена поради обезвреднување кога има објективен доказ дека цедентот може да не ги прими сите износи кои му следат според договорот за реосигурување.

Бидејќи Друштвото обавува меѓународни трансакции поврзани со реосигурувањето истото е изложено на пазарен ризик поврзан со флуктуација на девизните курсеви. Друштвото не употребува финансиски инструменти за да ги намали овие ризици.

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

## 3.1 Договори за осигурување и реосигурување (продолжува)

### 3.1.1 Признавање и мерење

*Премии*

Бруто полисираните премии го рефлектираат работењето во текот на годината и не вклучуваат даноци или обврски по основ на премии. Заработениот дел од премиите се признава како приход. Премиите се заработени од датумот на настанување на ризикот за времетраење на период на обезвреднување врз основа на моделот на преземени ризици. Делот од приходот од запишаните премии кој доспева во наредната година е разграничен во следните пресметковни периоди како преносна премија.

Пренесената премија за реосигурителот се признава како трошок во согласност со моделот на добиени услуги од реосигурителот во истиот сметководствен период како и директно поврзаната премија за соодветното осигурување. Дел од премијата пренесена на реосигурителот се признава како трошок за периодот и ја намалува вредноста приходот по основа на полисирана премија.

*Резерва за преносна премија*

Резервата за преносна премија се состои од делот од бруто полисирани премии кој се проценува дека ќе се заработи во следната година пресметан за секој поодделен договор за осигурување користејќи го дневниот про-рата метод и доколку е потребно корегиран за да ја одрази промената во настанувањето на ризикот за периодот покриен со договорот.

*Штети*

Штетите ги вклучуваат трошоците за надомест на осигурениците кои настанале во пресметковниот период трошоци за извид и процена на штети направени од надворешни проценители заедно со корекциите на резервата за штети од претходната година, но не ги вклучуваат трошоците за увид и процена на настанатите штети направени од страна на проценителите вработени во Друштвото.

Исплатените штети се признаваат во моментот на обработка на штетите и се признаваат во износот кој ќе биде исплатен при подмирувањето на штетата. Износот на исплатената штета во неживотното осигурување се зголемува за трошоците за обработка на штетата.

Наплатените штети кои се надоместени од трети лица и штети за кои се очекува дека ќе бидат надоместени и наплатени од трети лица се одземаат од исплатените штети.

Резервите за штети ги опфаќаат резервите на Друштвото за проценетите трошоци за подмирување на сите настанати штети на денот на билансот на состојба без оглед дали штетите се пријавени или не и со нив поврзаните интерни трошоци за решавање на штетите како и соодветната маржа за внимателност.

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

## 3.1 Договори за осигурување и реосигурување (продолжува)

### 3.1.1 Признавање и мерење (продолжува)

*Тест за соодветност на обврската*

Тестовите за соодветност на обврската се прават за да се утврди дали резервите по договорите за осигурување намалени за одложените трошоци за стекнување и поврзаните со нив нематеријални средства, како оние стекнати во деловни комбинации или со пренос на портфолио се соодветни.

Доколку се идентификува дека резервите не се доволни во тој случај поврзаните одложени трошоци за запишани премии и поврзаните со нив нематеријални средства се отпишуваат и доколку е потребно се утврдува дополнителна резерва. Недостатокот се признава во билансот на успех за тековната година.

На секој датум на билансот на состојба се претпоставува дека развојот на штети во преостанатиот период на портфолиото ќе биде ист со развојот на штети за време на целата година. За потребите на овие анализи износот на настанатите штети во секоја година во врска со договорите валидни на датумот на билансот на состојба се споредува со вредноста на резервата за преносна премија на датумот на билансот на состојба.

*Побарувања и обврски од осигурување*

Износите кои се должат на и побаруваат од страна на осигурениците, агентите и други побарувања претставуваат финансиски инструменти и се вклучуваат во побарувања и обврски од осигурување а не во резервите по договорите за осигурување.

## 3.2 Приходи

Приходите се мерат според објективната вредност на надоместокот кој што е примен или се побарува. Приходите се признаваат ако истовремено се зголемат  средствата или се намалат обврските.

Приходот се признава само кога е веројатно дека економските користи поврзани со трансакцијата ќе претставуваат прилив за Друштвото. Кога ќе се јави неизвесност во врска со наплатливоста на износот кој веќе е вклучен во приходот, ненаплатливиот износ или износот чиешто надоместување не е повеќе веројатно се признава како расход а не како корекција на износот на приходот којшто бил првично признаен.

### 3.2.1 Резултат од основната дејност

Резултатот од основната дејност е утврден на база на период од една календарска година.

Запишаните премии се искажуваат како приход во годината во која настануваат.

Делот од приходот од запишаните премии кој доспева во наредната година е разграничен во следните пресметковни периоди како преносна премија.

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 3.2 Приходи (продолжува)

#### 3.2.2 Приходи од вложувања

Приходите по основ на камата за сите каматоносни финансиски инструменти, освен за оние што се класифицирани за тргување или оние кои се вреднуваат по фер вредност преку билансот на успех се признати како „приход од камати" во билансот на успех, користејќи ја методата на ефективна камата.

Методата на ефективна камата е метода на мерење на финансиските средства според амортизирана набавна вредност и алокација на приходите од камата во периодот на очекуваното достасување на финансиските инструменти.

#### 3.2.3 Приходи од надоместоци и провизии

Надоместоците и провизиите ги опфаќаат провизиите примени по основ на пасивно реосигурување како и по основ на проценети и исплатени услужни штети.

### 3.3 Расходи

Во политиката за признавање расходи Друштвото се придржува до следните критериуми:

- расходите имаат за последица намалување на средствата или зголемување на обврските што е возможно да се измери со сигурност;
- расходите имаат директна поврзаност со настанатите трошоци и посебните позиции на приходите;
- кога се очекува остварување на приходите во повеќе идни пресметковни периоди, тогаш признавањето на расходите се извршува со постапката на разумна алокација на пресметковни периоди;
- расходот веднаш се признава во пресметковниот период кога издатокот не остварува идни економски користи а нема услови да се признае како позиција на активата во билансот;
- расходот веднаш се признава во пресметковниот период и тогаш кога настанала обврска а нема услови да се признае како позиција на активата.

Сите трошоци и расходи кои се однесуваат на пресметковниот период мораат да бидат опфатени во финансиските извештаи.

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 3.3 Расходи (продолжува)

#### 3.3.1 Одложени трошоци за стекнување (“DAC”)

Трошоците направени при стекнување на договори за осигурување се одложуваат до степен до кој тие можат да се повратат од идните профитни маргини. Трошоците за стекнување вклучуваат директни трошоци, како што се провизии на брокери, продажна мрежа и други директни трошоци.

Одложените трошоци за стекнување се амортизираат во текот на периодот во кој се очекува трошоците да се надоместат од идните профитни маргини на приходите од поврзаните договори. Стапката на амортизација е во согласност со моделот на појава на такви маргини.

Согласно начинот за пресметување на одложените трошоци за стекнување врз основа на измените на подзаконскиот акт објавен во Службен весник 170/2019, Дополнителниот прирачник за сметковниот план на Друштвото за осигурување (Службен весник 303/2021) и Правилникот за контен план за друштвата за осигурување и реосигурување (Службен весник 303/2021), Агенцијата за супервизија на осигурувањето пропиша начин за пресметување на одложените трошоци за стекнување кој се примени проспективно започнувајки од 1 јануари 2022 година.

Метод за пресметка на DAC вклучува разјаснување на видовите трошоци што може да се користат за да се пресмета. Компанијата ја признава провизијата на договорна основа во согласност со договорената бруто полисирана премија. Друштвото ја усогласува обврската за провизија сразмерно на признатиот износ на бруто полисираната премија, како и за износот што не би се наплатил според договорите што Друштвото ги има склучено со посредниците (агенти, брокери и сл.) со кои провизијата се плаќа по основ на наплатена премија.

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 3.4 Користи за вработените (продолжува)

*(i) Планови за дефинирани придонеси*

Друштвото плаќа придонеси во пензиските фондови во согласност со барањата на македонските закони. Придонесите кои се утврдуваат врз основа на платата на вработените се уплаќаат во пензиските фондови, кои што се одговорни за исплата на пензиите.

Друштвото нема дополнителна обврска за плаќање по основ на овие планови. Обврските за уплата на придонеси во плановите за дефинирани придонеси се признаваат како расход во билансот на успех кога се пресметуваат. Покрај придонесите за пензиско осигурување се плаќаат и: придонес за здравство, професионален дополнителен придонес, придонес за вработување во случај на невработеност и придонес за стаж на осигурување со зголемено траење.

*(ii) Краткорочни користи за вработените*

Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие. Краткорочните користи за вработените вклучуваат: плати, задолжителни придонеси за социјално осигурување, краткорочни платени отсуства (платен годишен одмор, платено боледување) и немонетарни користи (здравствена заштита).

*(iii) Останати долгорочни користи за вработените*

Согласно македонската законска регулатива Друштвото исплаќа две просечни месечни нето плати по работник исплатени во РСМ во претходните три месеци на вработените во моментот на заминување во пензија и јубилејни награди согласно критериумите утврдени во Општиот колективен договор.

Согласно стандардите (МСС 19) отпремнините за пензионирање претставуваат дефинирани користи по исполнување на условите. Сметководствената вредност на обврските на Друштвото кои произлегуваат од овие користи за вработените се пресметуваат на крајот на периодот на известување. Состојбата на овие обврски на крајот на периодот на известување го претставува износот на дисконтираните плаќања што ќе се направат во иднина.

### 3.5 Даноци

Данокот од добивка се состои од тековен и одложен данок. Данокот од добивка се признава во добивката или загубата освен кога се однесува за ставки коишто се однесени директно во капиталот и соодветниот данок од добивка се признава во капиталот.

*Тековен данок*

Тековниот данок на добивка се пресметува во согласност со законот за данокот на добивка кој е на сила на денот на известување. Менаџментот периодично ја разгледува пријавата за данок на добивка од аспект на позициите кои се предмет на оданочување. Во согласност со законот за данок на добивка, даночната основа се состои од финансискиот резултат за извештајниот период зголемен/намален за даночно признати/непризнати расходи применувајќи ја важечката даночна стапка од 10%. Во согласност со овој закон, данокот на добивка за годината беше пресметан и евидентиран во Биланс на успех.

*Одложен данок на добивка*

Одложениот данок се мери со примена на даночните стапки (и закони) кои се усвоени или суштински усвоени до датумот на билансот на состојба и се очекува да се прменуваат кога ќе се реализира поврзаното одложено даночно средство или се подмири одложената обврска за данок на добивка. Одложените средства за данок на добивка се признаваат само до тој степен до кој е веројатно дека ќе има оданочлив приход во иднина наспроти кој средството би се искористило. Одложените средства и обврски за данок на добивка се пребиваат кога постои законско право за тоа и кога одложените даночни средства и обврски се онесуваат на даноци на добивка, наметнати од истиот даночен орган на истиот даночен обврзник, или, различни даночни субјекти каде има намера да се подмируваат салда на нето основа.

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

*Глобален минимален данок*

На 3.1.2025 година е објавен Законот за минимален глобален данок на добивка, со примена за фискалната година која започнува на 1 јануари 2024 година. Со законот се врши усогласување со Директивата на Советот на (ЕУ) 2022/2523 од 14 декември 2022 година и имплементирање на модел-правилата на ОЕЦД против намалување на даночната основа, односно обезбедување на глобално минимално ниво на оданочување за групи на мултинационални компании (МНК) и големи домашни групи на Унијата.

Минималното ефективно оданочување на добивката на МНК се обезбедува со примена на следниве правила за плаќање на дополнителен данок:

1. Правило за утврдување на квалификуван домашен дополнителен данок (Qualified Domestic Top-up Tax-QDMTT);
2. Правило за вклучување на добивката (Income Inclusion Rile-IRR);
3. Правило за помалку оданочена добивка (Undertaxed Payment Rule-UTPR).

Со примената на правилата се утврдува висината на минималниот глобален данок, со што се обезбедува ефективното оданочување на добивката да изнесува најмалку 15 %.

Бидејќи Друштвото во 2024 оствари загуба нема евидентирано глобален данок на добивка.

## 3.6 Нематеријални средства

а) *Класификација*

Нематеријалните средства ги опфаќаат лиценците за софтвер.

б) *Почетно признавање*

Нематеријалното средство се признава само ако е веројатно дека идните економски користи кои му се припишуваат на средството ќе бидат прилив кон Друштвото и ако трошоците на средството можат веродостојно да се измерат.

Ако некое нематеријално средство не ги исполнува критериумите за признавање настанатиот издаток треба да се признае како расход кога ќе настане.

Издатоците за истражување и развој не може да се третираат како средство.

Софтвер - трошоците настанати со стекнување лиценца за софтвер како и останатите долгорочни права се амортизираат со праволиниска метода во текот на очекуваниот, односно договорениот век на употреба но не подолго од 5 години.

Трошоците кои значително ја подобруваат и прошируваат користа на софтверот во однос на изворната варијанта се признаваат како дополнително вложување и го зголемуваат почетниот трошок на софтверот. Помалите подобрувања се сметаат за трошоци за одржување кои се сметаат за расходи во тековниот период.

Основа за вреднување на нематеријалните средства е: 1) начинот на нивното стекнување; 2) очекуваниот период за добивање на економска корист и 3) можноста да се продадат. Нематеријалното средство почетно се мери според набавната вредност. Во набавната вредност се вклучуваат сите трошоци за набавка и сите останати трошоци неопходни нематеријалното средство да се стави во функција.

в) *Мерење по почетно признавање*

По почетното признавање нематеријалните средства се признаваат по нивната набавна вредност намалена за соодветната акумулирана амортизација и соодветната загуба од обезвреднување доколку има.

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 3.6 Нематеријални средства (продолжува)

***г) Корисен век на употреба***

Нематеријалните средства се амортизираат според очекуваната употреба односно во периодите во кои се очекуваат економските користи но не подолго од 5 години.

Нематеријалните средства се отпишуваат од деловните книги во момент на оттуѓување или кога трајно се повлекуваат од употреба а од нивното отпишување не се очекува никаква идна економска корист.

Добивките или загубите кои настануваат со повлекување на средството од употреба се утврдуваат како разлика помеѓу проценетата нето добивка од располагање со тоа средство и неговата сметководствена вредност и се признаваат како приход или расход за периодот во кој се настанати.

### 3.7 Материјални средства

*а) Класификација*

Земјиштето и градежните објекти во сопственост на Друштвото се признаваат според вредноста на стекнување. Друштвото не врши вреднување на земјиштето по почетно признавање и за земјиштето не се пресметува амортизација.

Материјалните средства се состојат од недвижен имот, постројки и опрема, мебел, транспортните средства, инвестиции во тек и останати материјални средства.

Материјалните средства се средства коишто:

- Се чуваат за обезбедување на производи и услуги или за административни цели;
- Се очекува да бидат користени во текот на повеќе од еден период.

*б) Почетно признавање и корисен век на употреба*

На датумот на стекнување материјалните средства се признаваат по набавна вредност под услов истата да може сигурно да се измери и доколку е веројатно дека идните економски користи кои се поврзани со средството ќе претставуваат прилив за Друштвото. Трошокот на набавка односно набавната вредност на материјалното средство кој се распоредува за време на корисниот век на употреба е износот на платени парични средства или еквиваленти на парични средства за да се стекне едно материјално средство во моментот на неговото стекнување или изградба. Набавната вредност на материјалните средства ја опфаќа куповната цена, вклучувајќи ги увозните давачки и неповратните даноци како и трошоците кои директно можат да се припишат на доведување на средството во работна состојба на употреба. Сите трговски попусти и рабати се одбиваат за да се дојде до куповната цена.

Трошоците за одржување на средствата не се признаваат во сметководствената вредност на средството, но како расход во билансот на успех.

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 3.7 Материјални средства (продолжува)

*в) Вреднување по почетното признавање на недвижности*

Согласно со Правилникот донесен од Агенцијата за супервизија на осигурувањето и добиените појаснувања во врска со вреднувањето на материјалните средства почнувајќи од 2019 година Друштвото ја призна ревалоризираната вредност на градежните објекти како нивна нова набвна вредност (т.е ревалоризираната вредност стана нова бруто сметководствена вредност). Последователно, материјалните средства се мерат според нивната бруто сметководствена вредност намалена за акумулирана амортизација и акумулирана загуба за обезвреднување.

Друштвото на крајот на секој период треба да изврши расудувања дали постојат индикации на обезвреднување. Доколку постојат индикации за обезвреднување треба да изврши проценка на надоместливиот износ односно проценка на средствата.

Друштвото признава загуба поради оштетување во случај кога проценетата објективна вредност добиена од независниот специјалист за вреднување е пониска од нејзината сметководствена вредност. Доколку Друштвото има позитивна ревалоризациска резерва што произлегува од претходниот модел на ревалоризација, загубата поради оштетување се признава во останатата сеопфатна добивка. Секое последователно оштетување се признава во билансот на успех.

Во случај кога проценетата вредност добиена од независен специјалист за вреднување е повисока од сметководствената вредност, компанијата ја обелоденува проценетата објективна вредност во Белешка 16.

За останатите материјални средства (мебелот, опремата, компјутерите и патничките возила) при последователното вреднување се користи трошочен модел, имено средството се евидентира по набавна вредност минус акумулираната депрецијација и акумулираните загуби поради обезвреднување.

**3. Значајни сметководствени политики (продолжува)**

**3.7 Материјални средства (продолжува)**

Инвестициите во тек се евидентираат по трошокот за изградба вклучувајќи ги и трошоците кон трети лица. На инвестициите во тек за време на изградбата не се пресметува амортизација (депрецијација). На крајот од процесот сите акумулирани трошоци се пренесуваат на соодветните материјални средства и опрема и подлежат на соодветна стапка на амортизација.

Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамки на амортизационите групи, според годишни стапки на амортизација, се додека вредноста на средствата не е целосно амортизирана. Применетите годишни стапки на амортизација се следните:

| | | |
|---|---|---|
| Градежни објекти | 2,5% | (40 години) |
| Мебел и опрема | 5-20% | (5-20 години) |
| Компјутери | 25% | (4 години) |
| Патнички возила | 25% | (4 години) |

Кога ќе се амортизира вредноста која е основа за пресметување на амортизацијата, истата престанува да се пресметува. Тоа важи и доколку средствата се користат за понатамошно вршење на дејноста.

Пресметувањето на амортизацијата престанува кога ставката на недвижност, постројка или опрема ќе се отпише, како и кога ќе се рекласифицира како средство наменето за продажба.

*г) Вложувања во туѓи недвижности, постројки и опрема*

Вложувањата кои се вршат во туѓи недвижности, постројки и опрема - кои се земени под закуп се признаваат како посебни ставки на нетековни средства, во случај кога таквите вложувања се извршени во сопствено име и за сопствена цел а се во согласност со договорот за закуп кој е направен со сопственикот на закупеното средство. Амортизацијата на вложувањата се вршат по систематска основа според проценетиот корисен век на употреба кој може да биде еднаков или пократок од периодот на траење на договорот за закуп.

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 3.8 Вложувања во недвижности

Вложувања во недвижности се недвижности (земјиште или зграда или дел од зграда или и двете заедно) кои се чуваат од страна на Друштвото со цел заработување на наемнини или за зголемување на капиталот или и за двете заедно. Во оваа категорија не влегуваат недвижности кои се користат од страна на Друштвото за вршење на редовниот тек на работењето.

Поради промената во регулативата, почнувајќи од август 2019 година, и согласно со измените од страна на Агенција за супервизија на осигурување, градежните објекти, без разлика дали се за вршење на дејност или не, се мерат според нивната набавна вредност, намалена за акумулирана амортизација и акумулирани загуби поради обезвреднување. Последователно вложувањата во недвижности се признаваат по бруто сегашна вредност намалена за акумулирана амортизација и акумулирани загуби поради обезвреднување.

Амортизацијата на вложувањата во недвижности се пресметува со користење на праволиниски метод и со одредените стапки на амортизација.

Векот на употреба на градежни објекти се проценува на 40 години со годишна стапка на амортизација 2,5%.

Вложувањата во недвижности создаваат парични приливи независно од другите средства коишто ги поседува Друштвото.

Вложувањата во недвижности престануваат да се признаваат при оттуѓување или кога вложувањето перманентно ќе се повлече од употреба и нема да се очекуваат идни економски користи од неговото оттуѓување. Критериум за разликување на вложувањата во недвижности кои се користат за вршење на дејноста и недвижности кои не се користат за вршење на дејноста се зема поделбата на нето корисна површина на недвижностите според просторот на користење и расположивиот простор за издавање. Ревидирање на процентите се врши еднаш годишно.

Друштвото согласно регулативата од Агенција за супервизија на осигурување, може да ангажира независен проценител со цел да се утврди проценетата објективна вредност на вложувањето во недвижност.

Друштвото на крајот на секој период треба да изврши процени дали постојат индикации за обезвреднување. Доколку постојат индикации за обезвреднување, треба да изврши проценка на надоместивиот износ. Друштвото ангажира независен проценител со цел да се утврди проценетата објективна вредност на вложувањето во недвижност за утврдување на надоместливиот износ на вложувањето во недвижност како и за цели на обелоденување.

Друштвото признава загуба поради оштетување во случај кога проценетата објективна вредност добиена од независниот специјалист за вреднување е пониска од нејзината сметководствена вредност. Во согласност со регулативата на Агенцијата за супервизија на осигурување, до степен до кој Друштвото има позитивна ревалоризациска резерва што произлегува од нејзиниот претходен модел на ревалоризација на материјалните средства, загубата поради оштетување се признава во останатата сеопфатна добивка. Секое последователно оштетување се признава во билансот на успех.

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 3.9 Финансиски вложувања

Друштвото ги класификува своите финансиски вложувања во средства кои се чуваат до достасување, средства расположливи за продажба и депозити, заеми и останати пласмани.

*а) Средства кои се чуваат до достасување*

Друштвото ги класификува во средства кои се чуваат до доспевање:

- средства кои имаат фиксни или утврдени плаќања;
- средства кои имаат фиксен датум на доспевање;
- средства за кои Друштвото има позитивна намера и можност да ги чува до доспевање;
- средства кои при почетното признавање Друштвото не ги назначува како средства според објективна вредност преку добивка или загуба;
- средства кои Друштвото не ги назначува како средства расположливи за продажба;
- средства кои не ја исполнуваат дефиницијата за заеми и побарувања.

Средствата кои се чуваат до достасување се состојат од државни записи и обврзници издадени од Министерство за финансии.

Друштвото ги признава средствата кои се чуваат до достасување во билансот на состојба на датумот на стекнување. Почетното вреднување на финансиските средства кои се чуваат до достасување се врши според нивната набавна вредност којашто е објективната вредност на дадениот надоместок за истите во која се вклучени и трошоците на трансакцијата кои се директно поврзани со набавката на средството.

Последователно, вложувањата кои се чуваат до достасување се мерат според амортизирана набавна вредност со користење на методот на ефективна камата.

Добивката или загубата од последователното мерење се признава во нето добивката или загубата само кога средствата се обезвреднети или се депризнаени.

*б) Средства расположливи за продажба*

Друштвото ги класификува како средства расположливи за продажба:

- не-деривативни финансиски средства кои се класифицирани како расположливи за продажба;
- средства кои не се класифицирани како заеми и побарувања, вложувања кои се чуваат до доспевање или финансиски средства според објективна вредност преку добивка или загуба;
- било кое финансиско средство класификувано во оваа категорија при почетното признавање.

Како средства расположиви за продажба кои Друштвото иницијално ги признава во билансот на состојба на датумот на тргување  по нивната набавна вредност којашто е еднаква на објективната вредност зголемена за трансакциските трошоци кои се директно поврзани со набавката на средството се класификувани сопственички инструменти (вложувања во акции и удели).

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 3.9 Финансиски вложувања (продолжува)

*б) Средства расположливи за продажба (продолжува)*

По почетното признавање најдоцна при секое составување на Извештајот за финансиската состојба Друштвото ги вреднува финансиските средства по нивната објективна вредност без намалување за трансакциските трошоци кои можат да настанат при продажба или оттуѓување.

Добивките и загубите коишто се јавуваат од промената во објективната вредност на средствата расположливи за продажба, се признаваат во капиталот во „Ревалоризациони резерви".

Во моментот на депризнавање на финансиските средства расположливи за продажба акумулираната добивка или загуба претходно признаена во капиталот како и разликата помеѓу сметководствената вредност и надоместот добиен за средството се признава во билансот на успех.

За утврдување на објективната вредност на финансиските средства кои котираат на активен пазар се користи тековната куповна цена освен кај сопственичките инструменти кои немаат определена пазарна цена и чијашто објективна вредност не може со сигурност да се измери се мерат според набавната вредност намалени за загуби поради обезвреднувања.

Друштвото ги вреднува вложувањата во хартии од вредност кои не котираат на организирани пазари и чија доспеаност не е значајна по пат на поединечна проценка на финансиската состојба на издавачот на хартиите од вредност.

Финансиската состојба на издавачот на хартиите од вредност се определува врз основа на следните критериуми чија важност се намалува последователно:

- Солвентност на издавачот на хартиите од вредност;
- Ликвидност на издавачот на хартиите од вредност;
- Парични текови во претходниот период и очекувани идни парични текови
- Профитабилност на издавачот на хартиите од вредност;
- Општи пазарни услови и идни перспективи на издавачот на хартиите од вредност како и негова позиција на пазарот;
- Соодветност и навременост во исполнување на обврските и
- Квалитет и експертиза на раководството.

Друштвото треба да отпише финансиско средство кога и само кога:

а) истекуваат договорните права на паричните текови од финансиското средство;

б) го пренесува финансиското средство.

Должничките хартии од вредност класифицирани како расположиви за продажба издадени од Република Северна Македонија кои немаат котирана пазарна цена на активен пазар Друштвото ги вреднува со примена на методот на ефективна каматна стапка.

Должничките хартии од вредност класифицирани како расположиви за продажба чија објективна вредност не може објективно да се утврди се евидентираат по нивната набавна вредност согласно регулативата на Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 3.9 Финансиски вложувања (продолжува)

*в) Депозити, заеми и останати пласмани*

Депозити, заеми и останати пласмани се прикажани во билансот на состојба во износ на неотпишана главница и камата намалени за направената исправка по основ на сомнителни и спорни побарувања. Исправката на побарувањата се проценува од страна на менаџментот кога постои очигледен доказ дека друштвото нема да биде во состојба да ги наплати сите износи согласно претходно утврдените услови.

*г) Загуби поради обезвреднување*

*(i) Средства кои се вреднуваат според амортизирана вредност*

На секој датум на билансот на состојба Друштвото проценува дали постојат објективни докази за обезвреднетост на финансиските средства или група на финансиски средства кои не се мерат според објективна вредност. Финансиските средства се обезвреднети кога објективни докази покажуваат дека обезвреднувањето настанало по почетното признавање на средството и истото има влијание на идните парични текови кои можат веродостојно да се проценат.

Објективен доказ дека финансиските средства се обезвреднети може да вклучува доцнење или неисполнување на обврските на должникот, реструктуирање на побарувањето од страна на Друштвото според услови кои Друштвото инаку не ги одобрува, индикации дека должникот или издавачот на хартиите од вредност банкротирале, исчезнување на активен пазар за хартиите од вредност или други воочливи информации за група на средства како што се: негативни промени во платежната способност на должникот или издавачот на хартиите од вредност во групата, или економски услови кои соодветствуваат со неисполнување на обврските во групата.

Загубата поради обезвреднување на средствата евидентирани по амортизирана набавна вредност се мери како разлика помеѓу сметководствената вредност на финансиските средства и сегашната вредност на очекуваните парични приливи дисконтирани со иницијалната ефективна каматна стапка на средствата. Загубите поради обезвреднување се признаваат во билансот на успех и се рефлектирани во сметките за исправка на вредноста на заемите, исправка на вредноста на побарувањата по основ на осигурување и останати побарувања.

Доколку во наредниот период износот на загубата поради обезвреднување се намали, загубата се анулира низ билансот на успехот.

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 3.9 Финансиски вложувања (продолжува)

*г) Загуби поради обезвреднување (продолжува)*

*(ii) Средства класифицирани како расположливи за продажба*

На секој датум на билансот на состојба Друштвото прави проценка дали постои објективен доказ за исправка на вредноста на финансиското средство или група на финансиски средства.

Во тој случај кај средствата расположливи за продажба кои се водат според објективната вредност преку капиталот кумулативната загуба која е измерена како разлика помеѓу почетната набавна вредност и тековната објективна вредност намалена за било која загуба поради обезвреднување на тие финансиски средства претходно признаени во капиталот (во ревалоризациона вредност) претставува исправка на вредност се отстранува од капиталот и се признава во билансот на успех. За должнички инструменти класификувани како расположливи за продажба, доколку во последователниот период, објективната вредност се зголемува, и зголемувањето може објективно да се поврзе со настан кој се случил откако загубата поради обезвреднување била признаена во билансот на успех, загубата поради обезвреднување се ослободува преку билансот на успех.

Кај сопственичките вложувања класифицирани како расположливи за продажба, значајно или пролонгирано намалување на објективната вредност на хартијата од вредност под нејзината набавна вредност се зема во предвид при утврдување дали средствата се обезвреднети. Загубата поради обезвреднување признаена во билансот на успех за сопственичките вложувања последователно не може да се ослободи/анулира преку билансот на успех.

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 3.9 Финансиски вложувања (продолжува)

*д) Депризнавање*

Друштвото ги депризнава финансиските средства кога ги губи правата од договорот за паричните текови од средството, или кога ги пренесува правата на паричните текови од средството со трансакција во која сите ризици и награди од сопственоста на финансиското средство се пренесени на друг. Секој дел од пренесените финансиски средства кои што Друштвото ќе го задржи се признава како посебно средство или обврска. Друштвото ги депризнава финансиските обврски кога обврските определени во договорите се подмирени, откажани или истечени.

### 3.10 Краткорочни побарувања

Побарувањата, побарувањата од купувачите, побарувањата од вработените, побарувањата од државата и другите институции и останатите побарувања се искажуваат по номинална вредност зголемена за каматите согласно склучениот договор односно одлуката за исплата.

Вредноста на побарувањата се намалува за исправката за сомнителни и спорни побарувања, односно за вредносното усогласување на побарувањата според рочната структура.

### 3.11 Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства и парични еквиваленти се високо ликвидни средства. Паричните еквиваленти се дефинираат како краткорочни, високо ликвидни вложувања кои можат брзо да се конвертираат во парични средства и кои се предмет на безначаен ризик во промената на нивната вредност.

Паричните средства и парични еквиваленти се евидентираат по амортизирана набавна вредност која вообичаено е еднаква со нивната номинална вредност.

Паричните средства и парични еквиваленти на Друштвото се состојат од:

- Пари на жиро сметки (тековни сметки) во денари и девизи кај деловните банки;
- Пари во благајна (денарска и девизна).

Паричните текови се прилив и одлив на пари и парични еквиваленти.

Друштвото известува за паричните текови за оперативни активности по директна метода.

### 3.12 Активни временски разграничувања

Однапред платените трошоци за идни периоди се искажуваат како активни временски разграничувања а се пресметуваат во трошоци на периодот за кој се однесуваат. Причината за разграничувањето, како и износот кој се однесува на идните периоди мора да бидат искажани на соодветна сметководствена исправа.

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 3.13 Капитал и резерви

*а) Капитал*

Капиталот на друштво за осигурување се состои од основен и дополнителен капитал.

Запишаниот (основен) капитал се искажува на посебна сметка во износ кој е запишан во трговскиот регистар при основањето, односно промената на уписот на вредноста на капиталот. Стекнатите сопствени акции не го намалуваат бројот на издадени акции, туку влијаат на намалување на бројот на акциите во оптек.

Капиталот на Друштвото го сочинуваат:

- основната главнина која е еднаква на номиналната вредност на сите акции (запишан и уплатен капитал);
- зголемување на капиталот по основ на остварена разлика помеѓу номиналната вредност на акциите и износите по кои се продадени (премии на акции);
- зголемување на капиталот по основ на распоредена ревалоризациона резерва. (прокнижен распоред од ревалоризациона резерва од поранешни години) и
- задржана добивка /акумулирани загуби од претходни години.

*б) Резерви*

Според локалната законска регулатива Друштвото треба да пресметува и издвојува резерви на сигурност. Резерви на сигурност се наменети за покривање на обврските од договорите за осигурување во подолг временски период. Друштвото за осигурување е должно во резервите на сигурност да издвои најмалку 1/3 од остварената добивка искажана по финансиските извештаи ако добивката не се користи за покривање на загубите од претходните години. Друштвото за осигурување што формирало резерви на сигурност најмалку во висина на 50% од остварената просечна премија на осигурување во последните две години, при што премиите од претходните години се зголемуваат за индексот на порастот на цените на мало сметајќи ја и годината за која се распоредува остварената добивка не е должно да издвојува од добивката во резервите на сигурност.

На друштвата за осигурување не се применува членот 485 од Законот за трговски друштва што се однесува на општата задолжителна резерва.

Во ревалоризационата резерва се евидентираат добивките и загубите од промените во објективната вредност за средствата расположливи за продажба и нетековни средства која резултира во зголемување или намалување на главнината (освен за загубите поради обезвреднување и добивките и загубите од курсните разлики кои се признаваат во билансот на успех).

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 3.13 Капитал и резерви (продолжува)

*б) Резерви (продолжува)*

*(i) Пренос на ревалоризационата резерва во задржана добивка*

Ревалоризационата резерва која е настаната по основ на ревалоризација на одредени ставки на недвижност се пренесува во акумулирана добивка за годината во која таа ставка е оттуѓена. Пренос на ревалоризационите резерви во акумулирана добивка може да се врши и додека средството е во употреба. Во тој случај износот на реализираната ревалоризациона резерва кој се пренесува на акумулирана добивка е разликата помеѓу износот на амортизацијата кој е пресметан на ревалоризираната вредност на средството и амортизацијата која би била пресметана доколку врз средството е применет моделот на набавна вредност. Поради регулативата која стапи на сила во август 2019 ревалоризационата резерва не се пренесува во акумулираната добивка, Друштвото го применува методот на набавна вредност на недвижности, постројки и опрема. Секоја загуба поради оштетување на вредноста на недвижностите, постројките и опремата е повторно вклучена во ревалоризациона резерва согласно сметководствената политика 3.7 и 3.8 наведена погоре.

*в) Добивка или загуба*

Добивката или загубата во тековната година се утврдува согласно законските прописи. Остварената нето добивка од тековната година се пренесува и распоредува наредната година согласно одлуката на Собранието на акционерите на Друштвото.

*(i) Признавање на задржана (акумулирана) добивка / загуба*

Во деловните книги посебно се искажува задржаната (нераспоредена) добивка а посебно искажаната загуба од работењето.

Искажаната загуба од работењето може да се покрие со задржаната добивка само по одлука на Органите на управување а во согласност со одредбите на Законот за трговските друштва.

Доколку настане загуба, истата се покрива од сите позиции на капиталот. Членовите на друштвото не се обврзани со статутот да ја покриваат загубата со внес на дополнителни влогови.

Исплатата на дивиденда или добивка се спроведува врз основа на одлука на Собранието и според одредбите на Законот за трговските друштва.

*(ii) Признавање на добивката или загубата во тековната година*

Добивката или загубата во тековната година во билансот се искажува по оданочувањето како добивка (нето добивка) за распределба, односно загуба од работењето во тековната година.

При определување на нето добивката или загубата треба да бидат вклучени сите ставки на приходи и расходи признаени во периодот. Исклучок може да бидат исправка на грешки и ефектот од промена на сметководствени политики.

Добивката односно загубата од работењето се презентираат од редовни активности и вонредни ставки.

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 3.14 Резервирања

#### 3.14.1 Технички резерви

Заради трајно обезбедување на извршувањето на обврските по договорите за осигурување, друштвото за осигурување формира технички резерви кои се состојат од:

1) резерви за преносни премии;
2) резерви за бонуси и попусти;
3) резерви за штети
4) други технички резерви.

***(i)*** *Резерви за преносни премии*

Резерви за преносни премии се издвојуваат во висина на оној дел од премијата што се пренесува во идниот пресметковен период во сразмер меѓу истечениот осигурителен период и стекот на договорот за осигурување. Преносната премија е пресметана врз база на про рата темпорис (pro rata temporis) за календарската година сметано 360 дена. Дополнително, Друштвото издвојува резерва за неистечени ризици доколку се процени дека очекуваниот износ на штети и трошоци кои не се настанати во извештајниот период го надминуваат износот на преносна премија.

***(i)*** *Резерви за бонуси и попусти*

Резервите за бонуси и попусти се издвојуваат во висина еднаква на сумите кои осигурениците имаат право да ги примат врз основа на:

1) Право на учество во добивката како и други права кои произлегуваат од договорите за осигурување (бонуси);
2) Право на делумно намалување на премиите (попусти);
3) Право на враќање на еден дел од премијата која се однесува на неискористениот период на осигурување кој се должи на прерано прекинување на осигурувањето (откажување).

***(ii)*** *Резерви за штети*

Резерви за штети се издвојуваат во висина на проценетите обврски кои друштвото за осигурување е должно да ги подмири врз основа на договорите за осигурување каде што осигурениот настан се појавил до крајот на пресметковниот период, вклучувајќи ги сите трошоци кои произлегуваат од ненавременото извршување на обврските на друштвата за осигурување по комплетирани отштетени барања.

Резервите за штети покрај проценетите обврски за пријавени, а сеуште неликвидирани штети, ги вклучуваат и проценетите обврски за настанати, а непријавени штети.

Резервата за трошоци за обработка на штети опфаќа резервација за директни и индиректни трошоци за обработка на штети.

***(iii)*** *Други технички резерви*

Друштвото треба да издвојува други технички резерви за неистечени ризици.

Пресметката на други технички резерви ќе се врши согласно одредбите од Правилникот за минимални стандарди за пресметка на технички резерви.

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 3.14 Резервирања (продолжува)

#### 3.14.2 Признавање на посебната резерва (Исправка на вредност)

Поради реално оценување на вредноста на побарувањата по премија за осигурување и камата по премија и побарувања по основ на регрес и проценка на ризикот од ненаплатливост на истите Друштвото формира посебна резерва.

Посебната резерва се формира врз основа на доспеани ненаплатени побарувања по премија и камата и репрограмирани побарувања. Под рок на доспеаност се подразбира последниот ден на кој клиентот бил должен да плати одреден износ на пари. согласно со склучениот договор за осигурување (полиса) со друштвото. Во моментот на достасување на побарувањето достасаниот дел влегува во пресметката за посебна резерва.

Исправката на побарувањата од премија од осигурување е врз основа на Правилникот за вреднување на ставките на билансот на состојба и изготвување на деловните биланси.

Репрограмираните побарувања во договор со нов должник се класифицираат спрема датум на доспевање на новиот договор.

Побарувањата од клиенти во стечај или ликвидација задолжително се резервираат 100%.

Посебната резерва се утврдува во согласност со класификацијата на достасаните ненаплатени побарувања категоризирани во ризични пондери од:

- Категорија А - Побарувања по премија и камата со рок на доспеаност од 0 до 30 дена ;
- Категорија Б -Побарувања по премија и камата со рок на доспеаност од 31 до 60 дена
- Категорија В - Побарувања по премија и камата со рок на доспеаност од 61 до 120 дена
- Категорија Г - Побарувања по премија и камата со рок на доспеаност од 121 до 270 дена.
- Категорија Д - Побарувања по премија и камата со рок на доспеаност од 270 до 365 дена
- Категорија Ѓ - Побарувања по премија и камата со рок на доспеаност повеќе од 365 дена

Посебна резерва на побарувањата класифицирани од премија за осигурување. камата по премија и побарувања по основ на регрес, се формира на следниот начин:

| Група на побарувања | Период на доцнење во исплата на обврската од страна на должникот | Исправка на вредност (во % од вкупната вредност на поединечно побарување) |
|---|---|---|
| А | до 30 дена | 0% |
| Б | од 31 до 60 дена | 10%-30%(10%) |
| В | од 61 до 120 дена | 31%-50%(31%) |
| Г | од 121 до 270 дена | 51%-70%(51%) |
| Д | од 271 до 365 дена | 71%-90%(71%) |
| Ѓ | подолго од 365 дена | 100% |

## 3. Значајни сметководствени политики (продолжува)

### 3.14 Резервирања(продолжува)

### 3.14.2 Признавање на посебната резерва (Исправка на вредност) (продолжува)

Утврдената посебна резерва која произлегува од достасаните ненаплатени побарувања по премија и камата се признава преку билансот на успех. а се прикажува во билансот на состојба на посебна сметка.

Сите останати достасани ненаплатени побарувања се резервираат согласно Правилникот за вреднување на ставките на билансот на состојба и изготвување на деловните биланси. Утврдениот износ на резервирања се признаваат преку билансот на успех.

**Отпис на побарувањата**

Друштвото за осигурување согласно корпоративните политики врши траен отпис на побарувањата постари од 36 месеци за кој претходно е извршена 100% исправка на вредноста и за кој се превземени сите правни мерки за наплата на истите.

Отпишаните побарувања ќе останат во вонбилансната евиденција на Друштвото, со тоа што и сите започнати активности во врска со наплата на побарувањата кои се отпишуваат продолжуваат да течат.

### 3.15 Пасивни временски разграничувања

На товар на пресметковниот период се пресметуваат и трошоците за кои не постојат соодветни сметководствени исправи за да можат да се признаат како обврска а за кои со сигурност може да се утврди дека се однесуваат на тековниот пресметковен период. Кога ќе се прибават документи за признавање на обврските се врши укинување на временските разграничувања во корист на сметките на обврските.

### 3.16 Споредби

Со цел да се одржи конзистентност во презентацијата на тековната година, одредени ставки можеби се прекласифицирани за компаративни цели. Материјалните промени во обелоденувањата, доколку ги има, се детално опишани во соодветните белешки

## 4. Сметководствени проценки

Друштвото прави проценки и претпоставки кои влијаат на износите на средствата и обврските во наредната финансиска година. Проценките и со нив поврзаните претпоставки постојано се предмет на преоценување и се темелат на минато искуство и други фактори вклучувајќи ги очекувањата за идните настани за кои се верува дека се извесни во соодветните околности.

***(i)*** *Технички резерви од договори за неживотно осигурување*

Претпоставките кои влијаат на прикажаните износи на средства и обврски од осигурување се користат за да се утврдат техничките резерви по договори за осигурување кои се доволни за да се покријат обврските кои можат да произлезат од договорите за осигурување доколку тие можат да се предвидат.

Земајќи ја во предвид неизвесноста при утврдувањето на резервацијата на непријавени штети и пријавени а неисплатени штети постои можност да исплатениот износ по штета се разликува од иницијално утврдената обврска за истата.

На датумот на билансот на состојба се одредуваат резерви за очекуваните конечни трошоци за подмирување на сите штети кои настанале се до тој датум без оглед дали се пријавени или не вклучувајќи ги и трошоците за разрешување на штетите, намалени за износите кои се веќе исплатени.

Резервите за штети не се дисконтираат за временската вредност на парите.

Проценката на настанатите но сеуште непријавени штети (“ИБНР”) генерално е предмет на повисок степен на несигурност во однос на проценките на пријавените штети за кои што Друштвото располага со повеќе информации.

ИБНР штетите многу често може да станат видливи за Друштвото дури по неколку години по случувањето на настанот кој ја предизвикал таа штета.

Резервите за штети вклучуваат:
- проценети обврски за настанати и пријавени но сеуште не решени штети;
- проценети обврски за настанати но непријавени штети;
- проценети обврски за трошоци за обработка на штети.

**4. Сметководствени проценки (продолжува)**

***(а) Резерва за настанати и пријавени, но сеуште не решени штети ('RBNS'- Reported but not settled)***

Износот на резервацијата за настанати и пријавени но се уште нерешени штети се утврдува според висината на очекуваната исплата за секоја штета посебно на денот на исплатата, а врз основа на прибраната документација во штетата.

Резервата на штети се врши перманентно со попис за сите штети кои по било кој основ на осигурување се остварени од дејностите на Друштвото.

При утврдувањето на износите за резервациите на штетите се користат следниве пресметки за висина на штети од:

- Проценителите на штети по видови на осигурување и
- Кога се работи за нематеријална штета ликвидаторот на штета ја утврдува резервацијата на штетата врз основа на расположливата медицинска документација а доколку истата не е доволна се бара мислење од лекар или друго стручно лице чии овластувања произлегуваат од природата на работата а се во корелација со осигурителната и судската пракса.

При утврдување на износите за резервации на останатите материјални штети кои произлегуваат од нематеријални штети (ренти, изгубена заработувачка, надоместоци за социјално осигурување и слично) се користат мислењата на лекари, правници, актуари и други лица кои се стручни во доменот кој е потребен да се утврди висината на резервираната штета.

Износот на пријавените, настанати, но се уште нерешени штети кои ќе се исплатуваат во облик на рента се резервираат и капитализираат во следните износи:

- сегашна вредност и
- процена на исплатата за идните ренти

За пресметување на износите на резервациите на штети за рента задолжително се користат таблиците за утврдување на обврските за резервирање на ренти, а можат да се користат за пресметување на резервација на рентите.

Пресметувањето на резервираниот износ за секоја рента се врши на тој начин што се утврдува годишниот износ на рента, кој се множи со соодветниот фактор од Таблицата со фактори за утврдување на резервацијата и обврската за соодветниот пол и припадна старост за време додека важат условите за исплата на рента.

Штетите кои биле пријавени и резервирани на крајот на тековната година а во наредната година не се ликвидирани или потполно ликвидирани остануваат во резервација за неисплатениот дел на начин утврден во претходниот став.

Начинот на утврдување на износот на резервациите за штети се врши по следните основи:

1. утврдување на износот на резервации за штети на крајот на деловната година;
2. утврдување на износот на резервации за штети на крајот на пресметковниот период пократок од една година.

## 4. Сметководствени проценки (продолжува)

### *(б) Резервација за настанати. но непријавени штети (‘IBNR’- Incurred but not reported)*

Резервација за настанати, но непријавени штети се пресметува врз основа на статистички податоци за број и износ на настанати и пријавени односно ликвидирани штети, технологијата на обработка и исплата на штети, како и на останатите расположливи податоци.

Во зависност од карактеристиките на класата на осигурување и осигурителното портфолио, резервите за настанати, но непријавени штети ќе се пресметуваат со користење на еден или комбинација на следните актуарските методи:

- Триангулација на штети (Основен Chain Ladder);
- Триангулација на штети прилагодена за инфлација (Chain Ladder прилагоден за инфлација);
- Метод на просечен износ на штета - резервите по овој метод се пресметуваат како производ од проектираниот просечен износ на штета и проектираниот очекуван број на штети;
- Метод на очекуван коефициент на штета - очекуваниот коефициент на штета се утврдува од страна на Агенцијата;
- Bornhuetter - Ferguson-ова метода; и
- Други актуарски методи

Друштвото при пресметката на резервите за настанати но непријавени штети, првенствено го применува методот на триангулација на штети (основен или прилагоден на инфлација), освен во случаи кога нема доволно потребни историски податоци.

Под потребни историски податоци се сметаат податоци за број и износ на настанати и пријавени, односно исплатени штети на годишна основа, најмалку за претходните пет години.

По исклучок, за ризици што не се со долга опашка под потребни историски податоци се сметаат податоци за број и износ на настанати и пријавени односно исплатени штети на годишна основа, најмалку за претходните три години.

### *(в) Резервација за трошоци за обработка на штети*

Резервацијата за трошоци за обработка на штети опфаќа резервација за директни и индиректни трошоци за обработка на штети.

Резервите за директни трошоци за обработка на штети се интегрален дел од резервите за настанати и пријавени штети, односно за настанати, но непријавени штети.

Резервите за индиректни трошоци за обработка на штети се формираат заради покритие на трошоци за обработка на штети во случај на престанок на работењето на друштвото.

Минимален коефициент за нејзино пресметување е 1,1% 2024 (1,5% 2023) од збирот на резервите за настанати и пријавени штети, резервите за настанати, но не пријавени штети и резервите за директни трошоци.

## 4. Сметководствени проценки (продолжува)

### *г) Анализа на сензитивност*

Друштвото го има проценето влијанието на промената на одредени клучни варијабли врз добивката за годината, капиталот и коефициентот на покриеност.

Споредбено со тековната позиција на капиталот, добивката за годината, капиталот, коефициентот на покриеност и солвентност со сопствениот капитал на 31 декември 2024 година и 31 декември 2023 година се презентирани во табелата подолу.

| 31 Декември 2024 | Добивка за годината | Капитал и резерви | Потребно ниво на маргина на солвентност | Коефициент на покриеност | Промена на коефициент на покриеност |
|---|---|---|---|---|---|
| **Тековна позиција на капитал** | - | 1.948.017 | 243.413 | 800% | - |
| Принос од вложувања (+100 п.п.) | 11.095 | 1.959.112 | 243.413 | 805% | 5% |
| Принос од вложувања (-100 п.п.) | (11.095) | 1.936.922 | 243.413 | 796% | (5%) |
| 10% зголемување на останати расходи-неживот | (3.577) | 1.944.440 | 243.413 | 799% | (1%) |
| 10% намалување на останати расходи-неживот | 3.577 | 1.951.594 | 243.413 | 802% | 1% |
| 10% зголемување на настанати штети неживот | (72.763) | 1.875.254 | 243.413 | 770% | (30%) |
| 10% намалување на настанати штети неживот | 72.763 | 2.020.780 | 243.413 | 830% | 30% |

| 31 Декември 2023 | Добивка за годината | Капитал и резерви | Потребно ниво на маргина на солвентност | Коефициент на покриеност | Промена на коефициент на покриеност |
|---|---|---|---|---|---|
| **Тековна позиција на капитал** | 37.106 | 1.562.525 | 132.127 | 1183% | - |
| Принос од вложувања (+100 п.п.) | 45.704 | 1.571.123 | 132.127 | 1189% | 7% |
| Принос од вложувања (-100 п.п.) | 28.509 | 1.553.927 | 132.127 | 1176% | (7%) |
| 10% зголемување на останати расходи-неживот | 36.963 | 1.562.382 | 132.127 | 1182% | 0% |
| 10% намалување на останати расходи-неживот | 37.250 | 1.562.668 | 132.127 | 1183% | 0% |
| 10% зголемување на настанати штети неживот | 3.844 | 1.529.263 | 132.127 | 1157% | (25%) |
| 10% намалување на настанати штети неживот | 70.369 | 1.595.787 | 132.127 | 1208% | 25% |

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици

Активностите на Друштвото подлежат на повеќе видови ризици. Друштвото склучува договори кои носат ризик од осигурување или финансиски ризик или двата ризика. Пристапот на Друштвото во поглед на управувањето со ризикот е фокусиран на непредвидливоста на финансискиот пазар и тежнее да ги минимизира потенцијалните негативни ефекти. Управувањето со ризикот е во согласност со политиките одобрени од Управниот одбор.

### 5.1 Управување со ризик од осигурување

Ризикот кој произлегува од еден договор за осигурување претставува можност за настанување на осигурениот настан, како и неизвесноста на износот на надомест на штета. По самата природа на договорите за осигурување, овој ризик е случаен и според тоа тешко предвидлив.

За портфолио на договори за осигурување, каде се применува теорија на веројатност. се со цел да се одреди соодветно ниво на резерва, основниот ризик со кој се соочува Друштвото е да реалната штета и надоместот за истата ја надмине сметководствената вредност на обврската по осигурување. Ова може да настане бидејќи фреквентнотста и озбилноста на штетата и надоместот за истата се поголеми од проценката за истите. Осигурителните настани се различни и реалниот број и износ на штети и надомест за истите варираат од година во година. од нивото воспоставено со употреба на статистички техники. Искуството покажува дека колку е поголемо портфолиото на слични договори за осигурување, толку е помала релативната варијабилност за очекуваниот исход. Во продолжение, колку е по диверзифицирано портфолиото толку е помалку веројатно да биде негативно погодено од промените во опаѓањето на истото. Друштвото има развиено стратегија за запишување на премии по диверзифицирани видови на осигурителни ризици, со цел да се намали варијабилноста на очекуваниот настан. Фактори кои влијаат на зголемување на ризикот од осигурување вклучуваат недостаток на диверзификација на ризикот во поглед на видови на осигурителни ризични настани, како и географска и секторска концентрација.

***Цел на управување со ризикот и политики за намалување на ризикот од осигурување***

Со оваа контрола се обезбедува ефикасно менаџирање на приемот во осигурување и обезбедување на адекватно ниво на премија. Преку формализирани процедури со кои се запознаени сите вработени се обезбедува преземање во осигурување на клиенти со кои ќе се обезбеди одржување на профитабилноста на бизнисот. Во исто време потребно е во работењето да се обезбеди квалитетна услуга за продажбата.

Контролата на овој ризик се овозможува преку постоење на соодветни процедури и упатства за прием во осигурување. Исто така, постојат соодветни нивоа на овластувања за сите вработени во Секторот за прием во осигурување и агентите. Тековно се следи профитабилноста на секој производ одделно со детектирање на сегментите кои можат да влијаат на влошување на резултатот. Преку интегрираниот систем на евиденција и обработка на податоци се овозможува следење на резултатите за секој клиент одделно.

Тоа овозможува селекција на квалитетни клиенти и формирање на портфолија по одделните видови производи кои ќе дадат задоволителни резултати согласно политиките на Друштвото. Во рамките на тековните активности се врши анализа и промена на постоечките услови и тарифи за осигурување.

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

### 5.1 Управување со ризик од осигурување (продолжува)

***Стратегија за реосигурување***

Со цел да ја контролира својата изложеност кон загуби од настанати штети, како и да ги заштити изворите на капитал, Друштвото реосигурува дел од ризиците за осигурување. Исто така Друштвото купува и факултативно реосигурување во одредени специфични случаи, со претходно посебно одобрување.

Договорите за реосигурување содржат кредитен ризик и таквите средства повратени од реосигурителите, се искажуваат по утврдување на загуба за обезвреднување како резултат не настанато признаено средство.

Друштвото редовно ја следи успешноста на програмата за реосигурување.

Друштвото склучува договори за реосигурување со матичното претпријатие и со неповрзани реосигурители за да ја контролира изложеноста од загуби како резултат од настанување на еден штетен настан.

### 5.1.1 Концентрација на ризик од осигурување

Ризикот од концентрација на осигурување може да произлезе од еден договор за осигурување или повеќе помали кои се поврзани, кои доколку настанат штетни настани може да предизвикаат значителни обврски за Друштвото. Според тоа друштвото води посебна грижа во управување на ризикот од концентрација со тоа што прави диверзификација на портфолиото во поглед на концентрација на типови и видови на осигурителни штетни настани, географска и секторска концентрација.

Важен аспект на концентрација на ризикот од осигурување е дека може да настане со кумулирање на ризиците од повеќе поодделни класи на осигурување.

Концентрација може да настане и кај многу сериозни, ретки настани, како што се природни катастрофи, како и кај настани кои се поврзани со одредени групи или територии.

*(а) Географска и секторска концентрација*

Најголемиот дел на ризиците на кои е изложено Друштвото се лоцирани во Република Северна Македонија, меѓутоа постои диверзифицираност во поглед на градовите низ Македонија и типовите на осигурителни настани. Друштвото внимателно ги следи ризиците кои произлегуваат од географската концентрираност и навремено реагира со соодветна стратегија на склучување или не склучување на договори за осигурување онаму каде што е помал ризикот, односно поголем, респективно.

Раководството верува дека Друштвото не е изложено на значителна концентрација кон ниедна група на осигуреници од социјален, професионален, старосен или друг аспект.

*(б) Концентрација од многу сериозни ретки настани*

Според нивната природа и настанување овие настани ретко се случуваат. Тие претставуваат сериозен ризик за Друштвото бидејќи случувањето на ваков настан, би имал значително влијание врз паричните одливи на Друштвото.

Друштвото води посебна стратегија за осигурување и реосигурување од овие ризици, според која за склучување на договор за осигурување и реосигурување, меѓу другите процедури потребно е посебно одобрување од раководството. Друштвото редовно ја следи програмата за реосигурување како и трошоците и користите од истата.

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

### 5.2 Управување со финансиски ризик

Друштвото е изложено на финансиски ризик преку финансиските средства, финансиските обврски, средствата од реосигурување, обврските за осигурување и реосигурување. Главен финансиски ризик е дека приливите по основ на финансиски средства нема да бидат доволни за да се подмират обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување. Финансискиот ризик ги опфаќа: ризикот од каматни стапки, валутниот ризик, ликвидносниот ризик и кредитниот ризик.

Цел на Друштвото е да ги усогласи обврските по основ на договорите за осигурување со средства со ист или сличен ризик. Ова му обезбедува на Друштвото сите достасани обврски редовно да ги исплаќа.

#### 5.2.1 Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик, кој претставува ризик дека клиентите нема да бидат во можност да ги подмират своите обврски кон Друштвото.

Кредитната изложеност на Друштвото се состои од пласмани и депозити дадени на банки, вложувања во хартии од вреднос, побарувања по основ на премии и поврат на штети. Овој ризик се дефинира како потенцијална загуба во пазарната вредност како резултат на влошена финансиска состојба на клиентите да го отплатат долгот.

Менаџментот има усвоено кредитна политика со која се дефинира кредитниот ризик. Македонија Осигурување  АД Скопје – Виена Иншуренс Груп управува со овој ризик првично преку приемот во осигурување со пресметка на код на анализа на клиентите и анализа на солвентноста на клиентите. Побарувањата се следат на месечна основа и се утврдува наплатливоста на истите. Во согласност со утврдената состојба се утврдува нивото на резервации на побарувањата по основ премија и од страна на секторот за контрола на побарувањата се врши обезбедување наплата на истите.

Согласно со Законот за супервизија на осигурувањето, поточно лимитите по основ на вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви и капиталот. Македонија Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп со цел дисперзија на ризикот ги пласира средствата во депозити кај голем број банки.

Исто така се следи пазарот на хартии од вредност и согласно промените се врши вреднување на вложувањата во хартии од вредност.

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

### 5.2 Управување со финансиски ризик (продолжува)

#### 5.2.1 Кредитен ризик (продожува)

**Максимална изложеност на кредитен ризик без да се земе во предвид колатералот или друго кредитно обезбедување**

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Финансиски средства | | |
| -Должнички хартии од вредност чувани до достасување | 255.502 | 79.813 |
| -Должнички хартии од вредност расположиви за продажба | 1.093.294 | 585.288 |
| -Орочени депозити | 826.505 | 546.549 |
| Средства од реосигурување | 633.267 | 202.574 |
| Побарување по основ на осигурување | 796.469 | 407.942 |
| Останати побарувања | 64.347 | 14.570 |
| Парични средства и паричен еквиваленти | 199.182 | 104.187 |
| **Вкупно** | **3.868.566** | **1.940.923** |

Претходната табела го покажува најлошото можно сценарио за изложеност на кредитен ризик на Друштвото на 31 декември 2024 и 2023 година без да се земе во предвид колатералот или друго кредитно засилување. Со 31.12.2024 Друштвото нема колатерал (2023: нула). За билансните позиции изложеноста е изразена на нето основа како што е прикажано во билансот на состојба.

Како што е прикажано во табелата 20,59% (2023: 21,02% од максималната кредитна изложеност се однесуваат на побарувања по основ на осигурување од неживотно осигурување 21,36% (2023: 28,16%) се однесуваат на орочени депозити.

Во вложувањата во хартии од вредност Друштвото поседува сопственички хартии од вредност расположливи за продажба и должнички хартии од вредност расположливи за продажба - државни обврзници издадени од Република Северна Македонија и должнички хартии од вредност кои се чуваат до достасување.

Орочените депозити на Друштвото се инвестирани во износ од 608.279 илјади МКД во големи банки а 218.226 илјади МКД во средни банки. Класификацијата на банките е согласно локалната законска регулатива пропишана од НБРСМ.

Средствата од реосигурување се побарувања од реосигурители со кредитен рејтинг од А+ според Standard and Poor’s Кредитен рејтинг агенцијата.

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

### 5.2 Управување со финансиски ризик (продолжува)

#### 5.2.1 Кредитен ризик (продожува)

Менаџментот е убеден во можноста за контрола и одржување минимална изложеност на кредитен ризик кој што произлегува по основ на побарувања од премии поврат на штети и депозити во банки. Структурата на доспеаноста на Побарувања по основ на премии и регреси презентирана подолу:

| | **Бруто вредност** | **Исправка на вредноста** | **Сегашна вредност** | **% на исправка** |
|---|---|---|---|---|
| Недоспеани | 440.743 | - | 440.743 | 0% |
| 0-30 дена | 127.963 | - | 127.963 | 0% |
| 31-60 дена | 76.273 | 7.627 | 68.646 | 10% |
| 61-120 дена | 69.374 | 21.506 | 47.868 | 31% |
| 121-270 дена | 141.445 | 72.137 | 69.308 | 51% |
| 271-365 дена | 38.156 | 27.091 | 11.065 | 71% |
| Над 365 дена | 85.614 | 85.614 | - | 100% |
| Регреси* | 60.207 | 60.207 | - | 100% |
| **31 Декември 2024** | **1.039.775** | **274.182** | **765.593** | **26,37%** |
| **31 Декември 2023** | **502.778** | **144.889** | **357.889** | **28,82%** |

*Сите регреси се над 365 дена.

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

### 5.2 Управување со финансиски ризик (продолжува)

#### 5.2.1 Кредитен ризик (продожува)

**Побарување по основ на поврат на штети - реосигурувачи**

Реосигурувањето се користи да се намали ризикот од осигурување. Во 2024 Друштвото има побарување по основ на штети од VIG Holding / VIG. VIG Re zajistovna a.s. и WSTV WIENER STÄDTISCHE Versicherung AG Vienna Insurance Group. VIG Group има кредитен рејтинг A+ од S&P на 31 декември 2024 година.

#### 5.2.2 Пазарен ризик

Пазарниот ризик претставува ризик од промена на пазарните цени, како што се промена на каматните стапки, цена на капиталот, промена на девизните курсеви кој ќе влијае врз приходите на Друштвото или врз вредноста на финансиските инструменти. Целта на управувањето со пазарниот ризик е да се контролира кредитната изложеност во прифатливи рамки, за оптимизирање на повратот од ризик.

#### 5.2.2.1 Каматен ризик

Изложеноста на Друштвото на каматен ризик првенствено произлегува од портфолиото на финансиски вложувања.

Според раководството на Друштвото најголем дел од осигурителните договори се краткорочни и каматниот ризик се намалува преку вложување во должнички инструменти. Должничките финансиски средства се изложени на каматен ризик, иако најголем дел од нив се со фиксна камата (државни обврзници и депозити).

Краткорочните обврски за осигурување и реосигурување не се директно осетливи на пазарните каматни стапки бидејќи се недисконтирани и се некаматоносни.

***Заеднички обврски***

Друштвото има обврски кон Националното Биро за Осигурување во сооднос со учеството на Друштвото во штетите кои произлегуваат од осигурување на моторни возила, причинети од непознати сторители или неосигурани возила. Дополнително, Друштвото како и останатите друштва кои се вклучени на пазарот и вршат осигурување на моторни возила, е обврзано да учествува со дел во неисплатените штети кои произлегуваат од осигурувањето на моторни возила, во случај на ликвидирање на било кое осигурително друштво на пазарот, во согласност со Законот за супервизија на осигурувањето.

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

## 5.2 Управување со финансиски ризик (продолжува)

### 5.2.2 Пазарен ризик (продолжува)

#### 5.2.2.1 Каматен ризик (продолжува)

**Анализа на усогласеноста на каматните стапки на финансиските средства и обврски – Неживотно осигурување**

| 31 декември 2024 | Вкупно | До 1 месец | 1 до 3 месеци | 3 месеци до 1 година | 1 до 5 години | Повеќе од 5 години | не каматоносни |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Средства** | | | | | | | |
| Финансиски вложувања | | | | | | | |
| -кои се чуваат до достасување | **255.502** | 19.996 | - | 48.819 | - | 186.687 | - |
| -расположиви за продажба | **1.093.550** | - | - | 33.625 | 105.037 | 954.632 | 256 |
| Орочени депозити | **826.505** | 72.825 | 160.000 | 265.000 | 328.279 | - | 401 |
| Средства за реосигурување во бруто техничките резерви | **633.267** | - | - | - | - | - | 633.267 |
| Побарувања од работи на осигурување и реосигурување | **796.469** | - | - | - | - | - | 796.469 |
| Останати побарувања | **64.347** | - | - | - | - | - | 64.347 |
| Парични средства и парични еквиваленти | **199.182** | 199.182 | - | - | - | - | - |
| **Обврски** | | - | - | - | - | - | |
| Бруто технички резерви | **(2.155.239)** | - | - | - | - | - | (2.155.239) |
| Обврски по основ на реосигурување | **(60.026)** | - | - | - | - | - | (60.026) |
| Обврски по основ на соосигурување | **(3.630)** | | | | | | (3.630) |
| Останати обврски | **(86.027)** | - | - | - | - | - | (86.027) |
| **Неусогласеност на средствата и обврските** | **1.563.900** | **292.003** | **160.000** | **347.444** | **433.316** | **1.141.319** | **(810.182)** |

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

### 5.2 Управување со финансиски ризик (продолжува)

### 5.2.2 Пазарен ризик (продолжува)

#### 5.2.2.1 Каматен ризик (продолжува)

| 31 декември 2023 | Вкупно | До 1 месец | 1 до 3 месеци | 3месеци до 1 година | 1 до 5 години | Повеќе од 5 години | не каматоносни |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Средства** | | | | | | | |
| Финансиски вложувања | | | | | | | |
| -кои се чуваат до достасување | **79.813** | 9.665 | 19.293 | 50.855 | - | - | - |
| -расположиви за продажба | **585.544** | - | - | 92 | 60.382 | 524.814 | 256 |
| Орочени депозити | **546.549** | 66.270 | 30.000 | 90.000 | 360.279 | - | - |
| Средства за реосигурување во бруто техничките резерви | **202.574** | - | - | - | - | - | 202.574 |
| Побарувања од работи на осигурување и реосигурување | **407.942** | - | - | - | - | - | 407.942 |
| Останати побарувања | **14.570** | - | - | - | - | - | 14.570 |
| Парични средства и парични еквиваленти | **104.187** | 104.187 | - | - | - | - | - |
| **Обврски** | | - | - | - | - | - | |
| Бруто технички резерви | **(796.860)** | - | - | - | - | - | (796.860) |
| Обврски по основ на реосигурување | **(62.939)** | - | - | - | - | - | (62.939) |
| Обврски спрема осигуреници | **(3.086)** | | | | | | (3.086) |
| Останати обврски | **(44.586)** | - | - | - | - | - | (44.586) |
| **Неусогласеност на средствата и обврските** | **1.033.708** | **180.122** | **49.293** | **140.947** | **420.661** | **524.814** | **(282.129)** |

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

## 5.2 Управување со финансиски ризик (продолжува)

### 5.2.2.1 Каматен ризик (продолжува)

***Сензитивна анализа на промени на каматните стапки***

На 31 декември 2024 Друштвото има каматоносни депозити во износ од МКД 826.505 илјади (2023: МКД 546.549 илјади), државни обврзници расположливи за продажба МКД 1.093.549 илјади (2023: МКД 585.544 илјади) и државни обврзници чувани до доспевање МКД 255.502 илјади (2023: МКД 79.813 илјади). Останатите позиции од билансот на состојба се некаматоносни.

Анализата на сензитивноста на каматните стапки е дефинирана врз основа на изложеноста на каматниот ризик на датумот на известување. На датумот на известување доколку каматните стапки на депозитите се се поголеми/помали за 0.5% а останатите променливи останат непроменети добивката на Друштвото заклучно со 31 декември 2024 ќе се зголеми/намали за МКД 3.851 илјади (2023: добивката ќе се зголеми/намали за МКД 1.929 илјади).

### 5.2.2.2 Девизен ризик

Друштвото е изложено на валутен ризик преку трансакциите во странска валута и преку средствата и обврските во странска валута.

За да го избегне ризикот од негативното влијание на промената на девизните курсеви Друштвото го дисперзира ризикот со средства и обврски во евра и американски долари. Најголем дел од средствата и обврските се во евра. Денарот е врзан за еврото и монетарната проекција за 2024 од страна на НБРСМ е дека девизниот курс на денарот во однос на еврото ќе биде стабилен. Во табелите подолу е прикажана изложеноста на Друштвото на валутен ризик. Во табелите е презентирана сметководствената вредност на средствата и обврските по валути.

| **31 Декември 2024** | **МКД** | **ЕУР** | **Останато** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| Финансиски вложувања кое се: | | | | |
| -чуваат до доспевање | 48.819 | 206.683 | - | 255.502 |
| -расположливи за продажба | 653.477 | 440.073 | - | 1.093.550 |
| Орочени депозити | 826.505 | - | - | 826.505 |
| Средства за реосигурување во бруто техничките резерви | 633.267 | - | - | 633.267 |
| Побарување по основ на осигурување | 775.304 | 21.165 | - | 796.469 |
| Останати побарувања | 57.655 | 5.998 | 694 | 64.347 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 190.827 | 7.857 | 498 | 199.182 |
| **Вкупно средства** | **3.185.854** | **681.775** | **1.192** | **3.868.822** |
| Бруто технички резерви | 2.155.239 | - | - | 2.155.239 |
| Обврски по основ на реосигурување | 393 | 51.938 | 7.695 | 60.026 |
| Обврски по основ на соосигурување | 3.630 | - | - | 3.630 |
| Останати обврски | 72.954 | 13.073 | - | 86.027 |
| **Вкупно обврски** | **2.232.216** | **65.011** | **7.695** | **2.304.922** |
| **Нето вредност** | **953.638** | **616.764** | **(6.502)** | **1.563.900** |

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

### 5.2 Управување со финансиски ризик (продолжува)

### 5.2.2 Пазарен ризик (продолжува)

#### 5.2.2.2 Девизен ризик (продолжува)

| **31 Декември 2023** | **МКД** | **ЕУР** | **Останато** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| Финансиски вложувања кое се: | | | | |
| -чуваат до доспевање | 79.813 | - | - | 79.813 |
| -расположливи за продажба | 301.555 | 283.989 | - | 585.544 |
| Орочени депозити | 546.549 | - | - | 546.549 |
| Средства за реосигурување во бруто техничките резерви | 202.574 | - | - | 202.574 |
| Побарување по основ на осигурување | 365.617 | 42.325 | - | 407.942 |
| Останати побарувања | 9.156 | 5.264 | 150 | 14.570 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 96.730 | 7.014 | 443 | 104.187 |
| **Вкупно средства** | **1.601.994** | **338.592** | **593** | **1.941.179** |
| Бруто технички резерви | 796.860 | - | - | 796.860 |
| Обврски по основ на реосигурување | 303 | 58.953 | 3.683 | 62.939 |
| Обврски по основ на соосигурување | 3.086 | - | - | 3.086 |
| Останати обврски | 43.005 | 1.581 | - | 44.586 |
| **Вкупно обврски** | **843.254** | **60.534** | **3.683** | **907.471** |
| **Нето вредност** | **758.740** | **278.058** | **(3.090)** | **1.033.708** |

Функционална валута за Друштвото е македонскиот денар. Друштвото има побарувања и обврски во странски валути претежно во ЕУР и УСД. Друштвото обавува меѓународни трансакции поврзани со реосигурување и со матичната компанија. Поради тоа Друштвото е изложено на ризик поврзан со флуктуациите на девизните курсеви.

Сензитивната анализа на промената на девизните курсеви е спроведена при промени на курсевите на одделни валути врз основа на статистичките податоци кои покажуваат стабилност на курсот на еврото наспроти денарот.

На 31 декември 2024 доколку дојде до 0.5% зголемување/намалување на курсот на ЕУР во однос на МКД добивката пред оданочување за дванаесет месечен период ќе се намали/зголеми за МКД 3.084 илјади (2023: МКД 1.389 илјади).

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

### 5.2 Управување со финансиски ризик (продолжува)

#### 5.2.3 Ризик на цената на капиталот

Ризик на цената на капиталот е можност дека цената на капиталот ќе флуктуира под влијание на фер вредноста на капиталните вложувања и другите инструменти чија вредност произлегува од одредено капитално вложување или индекс на капитална цена. Примарната изложеност на капиталната цена произлегува од капиталните вложувања кои не се за тргување. Друштвото има капитални вложувања кои не се за тргување и кои подлежат на ризик на цената на капиталот.

Друштвото го управува ризикот на цената на капиталот преку одржување на диверзифицирано портфолио на капитални вложувања.

#### 5.2.4 Ризик на ликвидност

Ризикот на ликвидност претставува ризик дека Друштвото ќе се соочи со тешкотии при обезбедувањето на доволно средства за да ги подмири своите обврски. Ризикот на ликвидност може да произлезе или од неможноста да се продадат финансиски средства во најкус можен рок по нивната објективна вредност; или неспособност на подмирување на обврските кои произлегуваат од договорите; или пак обврските за осигурување доспеале порано за исплата од очекувањето; или пак неспособност да генерира парични средства според предвидувањата.

Друштвото управува со ризикот од ликвидност преку управување со активата и пасивата на начин кој ќе овозможи навремено плаќање на обврските во нормални или вонредни услови на работење на Друштвото. Согласно Законот за супервизија на осигурувањето друштвото пресметува коефициент на ликвидност и минимална ликвидност. што претставува однос меѓу ликвидните средства и доспеаните обврски, односно обврски кои наскоро ќе доспеат.

Планирањето на очекуваните приливи и одливи на парични средства е редовна контрола на ликвидноста и усвојување на мерки за спречување или отстранување на причините за евентуална неликвидност.

Друштвото е должно да ја одржува својата ликвидност согласно Законот за супервизија на осигурувањето. врз основа на која капиталот на осигурителното друштво кое се занимава со неживотно осигурување и/или пак реосигурување треба во секој момент да биде барем еднаков на бараната граница на солвентност, пресметана со користење на методот на премија или методот на штета, во зависност од тоа кој метод дава повисок износ. Друштвото редовно ја следи ликвидноста до една година. Ликвидноста  може да се подобри и со инвестициите кои се со договорна рочност над една година, но за целите на ликвидноста може да се користат и за пократок период засновани врз целите на управувањето на ликвидноста.

Друштвото исто така има готовина во банки и други високо ликвидни средства во секој момент. за да се заштити од непотребна концентрација на ризикот и за да биде во можност да ги преземе обврските за плаќање како и потенцијалните обврски за плаќање како што достасуваат.

***Анализа според достасаноста на финансиските средства и обврски***

Анализата на финансиските средства и обврски на Друштвото во соодветни групи на достасување, според нивниот преостанат период до денот на нивната договорена достасаност е како што следи. Додека договорната достанаост на бруто техничките резерви се смета дека е до една година, Друштвтото ги презентира Бруто техниките резерви во табелата подолу користејќи го датумот на очекуваната достасаност:

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

### 5.2 Управување со финансиски ризик (продолжува)

### 5.2.4 Ризик на ликвидност (продолжува)

**Анализа според ликвидноста - Неживотно осигурување**

| 31 декември 2024 | До 1 месец | Од 1-3 месеци | Од 3-12 месеци | Од 1-5 години | Над 5 години | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Средства** | | | | | | |
| Финансиски вложувања | | | | | | |
| -кои се чуваат до достасување | 19.996 | - | 48.819 | - | 186.687 | **255.502** |
| -расположиви за продажба | - | - | 33.625 | 105.037 | 954.888 | **1.093.550** |
| Орочени депозити | 73.226 | 160.000 | 265.000 | 328.279 | - | **826.505** |
| Средства за реосигурување во бруто техничките резерви | 36.069 | 71.137 | 302.056 | 201.159 | 22.846 | **633.267** |
| Побарувања од работи на осигурување и реосигурување | 597.769 | 116.515 | 81.188 | 997 | - | **796.469** |
| Останати побарувања | 36.451 | 3.367 | 13.448 | 10.241 | 840 | **64.347** |
| Парични средства и парични еквиваленти | 199.182 | - | - | - | - | **199.182** |
| | **962.693** | **351.019** | **744.136** | **645.713** | **1.165.261** | **3.868.822** |
| **Обврски** | | | | | | |
| Бруто технички резерви | 99.148 | 185.584 | 1.372.201 | 432.303 | 66.003 | **2.155.239** |
| Обврски по основ на реосигурување | 17.153 | 9.947 | 32.926 | - | - | **60.026** |
| Обврски по основ на соосигурување | - | - | 3.630 | - | - | **3.630** |
| Останати обврски | 73.370 | 2.666 | 2.456 | 2.600 | 4.935 | **86.027** |
| | **189.671** | **198.197** | **1.411.213** | **434.903** | **70.938** | **2.304.922** |
| **Нето ликвидност** | **772.022** | **152.822** | **(667.077)** | **210.810** | **1.094.323** | **1.563.900** |

## 5 Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

### 5.2 Управување со финансиски ризик (продолжува)

#### 5.2.4 Ризик на ликвидност (продолжува)

**Анализа според ликвидноста - Неживотно осигурување**

| 31 декември 2023 | До 1 месец | Од 1-3 месеци | Од 3-12 месеци | Од 1-5 години | Над 5 години | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Средства** | | | | | | |
| Финансиски вложувања | | | | | | |
| -кои се чуваат до достасување | 9.665 | 19.293 | 50.855 | - | - | **79.813** |
| -расположиви за продажба | - | - | 92 | 60.382 | 525.070 | **585.544** |
| Орочени депозити | 66.270 | 30.000 | 90.000 | 360.279 | - | **546.549** |
| Средства за реосигурување во бруто техничките резерви | 11.571 | 23.545 | 106.333 | 57.591 | 3.534 | **202.574** |
| Побарувања од работи на осигурување и реосигурување | 291.809 | 85.380 | 30.753 | - | - | **407.942** |
| Останати побарувања | 8.232 | 2.511 | 1.534 | 905 | 1.388 | **14.570** |
| Парични средства и парични еквиваленти | 104.187 | - | - | - | - | **104.187** |
| | **491.734** | **160.729** | **279.567** | **479.157** | **529.992** | **1.941.179** |
| **Обврски** | | | | | | |
| Бруто технички резерви | 39.440 | 69.214 | 539.949 | 136.644 | 11.613 | **796.860** |
| Обврски по основ на реосигурување | 42.089 | 5.608 | 15.242 | - | - | **62.939** |
| Обврски по основ на соосигурување | - | - | 3.086 | - | - | **3.086** |
| Останати обврски | 33.343 | - | 4.258 | 6.985 | - | **44.586** |
| | **114.872** | **74.822** | **562.535** | **143.629** | **11.613** | **907.471** |
| **Нето ликвидност** | **376.862** | **85.907** | **(282.968)** | **335.528** | **518.379** | **1.033.708** |

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

### 5.2 Управување со финансиски ризик (продолжува)

#### 5.2.5 Објективна вредност

Објективната вредност претставува износ за кој едно средство може да се замени или обврска да се подмири по пазарни услови. Во услови кога не постојат достапни пазарни цени кои би послужиле за вреднување на средствата и обврските на Друштвото. објективната вредност се базира на проценката од страна на менаџментот на Друштвото.

Објективната вредност на долгорочните финансиски вложувања се темели на пазарната вредност со исклучок на дел од хартиите од вредност кои не котираат на пазарот на хартии од вредност, во кој случај таа се утврдува врз основа на техники на вреднување кои вклучуваат анализа на расположливи финансиски извештаи. Должничките хартии од вредност класифицирани како расположливи за продажба издадени од Република Северна Македонија кој немаат котирана пазарна цена на активен пазар Друштвото ги вреднува со примена на методот на ефективна каматна стапка.

Побарувањата по основ на премии и аванси во книговодството се изразени во сегашна вредност коригирани за исправка на вредноста. Проценетата реална вредност на побарувањата по основ на премии, дадени кредити и аванси ја претставува наплатливата вредност која што е утврдена со анализа и оценка на сервисирањето на долговите како и тековната финансиска состојба и статус на должниците.

Објективната вредност по основ на премии, дадени кредити и аванси, како и вложувањата во акции и други хартии од вредност е приближна со нивната книговодствена вредност намалена за направената исправка на вредност.

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)
## 5.2 Управување со финансиски ризик (продолжува)
### 5.2.5 Објективна вредност

Табелата ја прикажува класификацијата на секоја класа на финансиски средства и обврски на Друштвото и нивната објективна вредност:

| | Заеми и побарувања | Чувани-до-достасаност | Расположиви за продажба | Амортизирана набавна вредност | Вкупна сметковод-ствена вредност | Објективна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **31 декември 2024** | | | | | | |
| Финансиски вложувања | | | | | 255.502 | 255.502 |
| - Кои се чуваат до достасување | - | 255.502 | - | - | | |
| - Финансиски вложувања расположливи за продажба | - | - | 1.093.294 | - | 1.093.294 | 1.093.294 |
| - Сопственички инструменти расположливи за продажба | - | - | 256 | - | 256 | 256 |
| - Орочени депозити | | - | - | 826.505 | 826.505 | 826.505 |
| Средства за реосигурување во бруто техничките резерви | 633.267 | - | - | - | 633.267 | 633.267 |
| Побарување по основ на осигурување и останати побарувања | 796.469 | - | - | - | 796.469 | 796.469 |
| Останати побарувања | 64.347 | - | - | - | 64.347 | 64.347 |
| Парични средства и парични еквиваленти | | - | - | 199.182 | 199.182 | 199.182 |
| | **1.494.083** | **255.502** | **1.093.550** | **1.025.687** | **3.868.822** | **3.868.822** |
| Бруто технички резерви | - | - | - | 2.155.239 | 2.155.239 | 2.155.239 |
| Обврски по основ на реосигурување | - | - | - | 60.026 | 60.026 | 60.026 |
| Обврски по основ на соосигурување | - | - | - | 3.630 | 3.630 | 3.630 |
| Останати обврски | - | - | - | 86.027 | 86.027 | 86.027 |
| | **-** | **-** | **-** | **2.304.922** | **2.304.922** | **2.304.922** |
| **31 декември 2023** | | | | | | |
| Финансиски средства | | | | | 79.813 | 79.813 |
| - Кои се чуваат до достасување | - | 79.813 | - | - | | |
| - Финансиски вложувања расположливи за продажба | - | - | 585.288 | - | 585.288 | 585.288 |
| - Сопственички инструменти расположливи за продажба | - | - | 256 | - | 256 | 256 |
| - Орочени депозити | - | - | - | 546.549 | 546.549 | 546.549 |
| Средства за реосигурување во бруто техничките резерви | 202.574 | - | - | - | 202.574 | 202.574 |
| Побарување по основ на осигурување и останати побарувања | 407.942 | - | - | - | 407.942 | 407.942 |
| Останати побарувања | 14.570 | - | - | - | 14.570 | 14.570 |
| Парични средства и парични еквиваленти | - | - | - | 104.187 | 104.187 | 104.187 |
| | **625.086** | **79.813** | **585.544** | **650.736** | **1.941.179** | **1.941.179** |
| Бруто технички резерви | - | - | - | 796.860 | 796.860 | 796.860 |
| Обврски по основ на реосигурување | - | - | - | 62.939 | 62.939 | 62.939 |
| Обврски по основ на соосигурување | - | - | - | 3.086 | 3.086 | 3.086 |
| Останати обврски | - | - | - | 44.586 | 44.586 | 44.586 |
| | **-** | **-** | **-** | **907.471** | **907.471** | **907.471** |

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

### 5.2 Управување со финансиски ризик (продолжува)

#### 5.2.6 Управување со капиталот

Друштвото за осигурување е должно во секое време да располага со соодветен капитал во однос на обемот на работа и класите во рамки на кои врши работи на осигурување, како и ризиците на кои е изложено при вршење на тие работи.

Капиталот на друштвото за осигурување во секое време треба да биде барем еднаков на потребното ниво на маргината на солвентност.

Цели на Друштвото во поглед на управувањето со капиталот се:

- Да соодветствува со барањата за капитал согласно законската регулатива;
- Да се заштити способноста на Друштвото да обезбеди дивиденда за акционерите;
- Да одржи стабилна и квалитетна капитална база која ќе го поддржи развојот на друштвото.

Друштвото е во согласност со законската регулатива ако, капиталот е адекватен на маргината на солвентност. Маргината на солвентност и користењето на сопствените средства редовно се следат од Раководството на Друштвото, при што се користат техники кои се пропишани согласно законската регулатива и истата се известува на тримесечна основа.

Сопствените средства на Друштвото се составени од основниот капитал кој вклучува: обични акции, резерви на сигурност, ревалоризациони резерви и задржана добивка или акумулирана загуба.

Согласно законската регулатива. акционерскиот капитал на друштвото треба најмалку да биде во висина на гарантниот фонд.

Согласно пресметките за маргина на солвентност заклучно со 31 декември 2024 минимален капитал кој треба да го поседува Македонија Осигурување е следниот:

| Маргина на солвентност | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Маргина на солвентност | 243.413 | 132.127 |
| Износ на гарантен капитал | 276.728 | 276.728 |

Маргината на солвентност на друштвото за осигурување се пресметува со примена на методот - стапка на премија или методот - стапка на штети во зависност од тоа кој ќе даде повисок резултат.

- Според методот на стапка на премија се зема вкупниот износ на бруто полисирани премии за осигурување и реосигурување во последната деловна година, се намалува за износот на сторнираните односно отпишаните износи на премија во таа деловна година, истиот се множи со дадени коефициенти
- Според методот на стапка на штети вкупниот износ на бруто исплатени штети за осигурување и реосигурување во последните три деловни години, зголемен за бруто резервите за штети по основ на осигурување и реосигурување на крајот на последната деловна година од периодот и намален за бруто резервите за штети по основ на осигурување и реосигурување на почетокот на тој период. се дели со три и се множи со дадени коефициенти.

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

### 5.2 Управување со финансиски ризик (продолжува)

#### 5.2.6 Управување со капиталот (продолжува)

***5.2.6 А Потребно ниво на маргина на солвентност***

| | | Неживотно осигурување освен здравствено осигурување во '000 МКД | |
|---|---|---|---|
| | | **2024** | **2023** |
| Бруто полисирана премија | 1 | 2.305.980 | 1.157.270 |
| Бруто полисирана премија < 10 милиони евра x 0.18 | 2 | 110.691 | 110.691 |
| Бруто полисирана премија > 10 милиони евра x 0.16 | 3 | 270.565 | 86.771 |
| Бруто полисирана премија < 10 милиони евра x 18/300 | 4 | - | - |
| Бруто полисирана премија > 10 милиони евра x 16/300 | 5 | - | - |
| Вкупен износ од Бруто полисирана премија ([6]=[2] + [3] или [6]=[4] + [5]) | 6 | 381.256 | 197.462 |
| Бруто исплатени штети | 7 | 981.609 | 497.417 |
| Нето исплатени штети | 8 | 626.709 | 332.835 |
| Коефициент ([9]=[8]/[7] или 0.50. доколку е помал) | 9 | 0,64 | 0,67 |
| **Маргина на солвентност - метод стапка на премија ([10]= [6]*[9])** | **10** | **243.413** | **132.127** |
| Референтен период (во години) | 11 | 3 | 3 |
| Бруто исплатени штети во референтниот период | 12 | 2.701.921 | 1.263.750 |
| Бруто резерви за штети на крајот на референтниот период | 13 | 1.109.282 | 338.845 |
| Бруто резерви за штети на почетокот на референтниот период | 14 | 794.282 | 356.857 |
| Бруто настанати штети ([15]=[12] + [13] - [14])/[11]) | 15 | 1.005.640 | 415.246 |
| Бруто настанати штети < 7 милиони евра x 0.26 | 16 | 111.921 | 107.964 |
| Бруто настанати штети > 7 милиони евра x 0.23 | 17 | 132.290 | - |
| Бруто настанати штети < 7 милиони евра x 26/300 | 18 | - | - |
| Бруто настанати штети > 7 милиони евра x 23/300 | 19 | - | - |
| Вкупен износ од Бруто настанати штети ([20=[16] + [17] или [20]=[18] + [19] | 20 | **244.211** | **107.964** |
| **Маргина на солвентност - метод стапка на штети ([21]= [20]*[9])** | 21 | **155.917** | **72.242** |
| **Потребно ниво на маргина на солвентност ([22]=max([10].[21]))** | 22 | **243.413** | **132.127** |

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

### 5.2 Управување со финансиски ризик (продолжува)

### 5.2.7 *Усогласеност на средствата и обврските*

Законот за супервизија на осигурувањето пропишува одредени лимити во однос на политиката за усогласување на средствата и обврските на Друштвото, односно лимити до кои може да се вложуваат средствата кои служат за покривање на техничките резерви.

Друштвото управува со својата финансиска позиција така што балансира со квалитетот. ликвидноста и повратот на вложувањата земајќи ги во предвид лимитите одредени во Законот за супервизија на осигурувањето. Главна цел е да се усогласат паричните текови на средствата и обврските.

Во табелата се презентирани техничките резерви на Друштвото и вкупните расположливи финансиски средства кои служат за покритие на техничките резерви и капиталот:

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| **Средства** | | |
| Парични средства во благајна и средства на банкарските сметки | 199.182 | 104.187 |
| Хартии од вредност издадени до РСМ или НБРСМ | 255.502 | 79.813 |
| Обврзници и други должнички хартии за кои гарантира РСМ | 1.093.294 | 585.288 |
| Акции | 256 | 256 |
| Депозити во банки кои имаат дозвола издадена од НБРСМ | 826.505 | 546.549 |
| | **2.374.739** | **1.316.093** |
| **Обврски (Технички резерви)** | | |
| Бруто резерви по договори за осигурување | 2.155.239 | 796.860 |
| Дел за реосигурителот | (633.267) | (202.574) |
| **Вкупно нето технички резерви** | **1.521.972** | **594.286** |

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

## 5.2 Управување со финансиски ризик (продолжува)

### 5.2.7 *Усогласеност на средствата и обврските (продолжува)*

**Пресметката на капиталот на Друштвото е како што следи:**

| | | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Основен капитал. чл. 69 (I1+I2+I3+I4+I5-I6-I7-I8-I9-I10-I11-I12)** | **I** | **1.767.763** | **1.358.300** |
| Уплатен акционерски капитал со исклучок на уплатениот акционерски капитал од кумулативни приоритетни акции | I1 | 1.135.345 | 888.308 |
| Премии од емитирани обични акции | I2 | - | - |
| Законски и статутарни резерви | I3 | 477.860 | 331.715 |
| Пренесена нераспределена добивка | I4 | 172.570 | 140.171 |
| Нераспределена добивка од тековната година | I5 | - | - |
| Сопствени акции кои ги поседува друштвото за осигурување | I6 | - | - |
| Долгорочни нематеријални средства | I7 | 10.170 | 3.017 |
| Пренесена непокриена загуба и загуба од тековната година | I8 | 6.907 | - |
| Нереализирана загуба од сопственички инструменти расположиви за продажба | I9 | 291 | (291) |
| Нереализирана загуба од вреднување на финансиски средства расположиви за продажба | I10 | 935 | (833) |
| Нето негативни ревалоризациски резерви и остаати разлики од вреднување кои што произлегуваат од вложувања во придружени друштва или заеднички вложувања коишто се вреднуваат со користење на матодот на главнина | I11 | - | - |
| Останати одбивни ставки поради непочитување на ограничувањата при вложување на средствата од капиталот. предвидени во членот 73-а од ЗСО | I12 | - | - |
| **Дополнителен капитал. чл. 71 (II1+II2+II3+II4). доколку не е поголем од 50% од основниот капитал** | **II** | **253** | **6.009** |
| Уплатен акционерски капитал од кумулативни приоритетни акции | II1 | - | - |
| Премии од емитирани кумулативни приоритетни акции | II2 | - | - |
| Субординирани должнички инструменти | II3 | - | - |
| Хартии од вредност со неопределен рок на доспевање | II4 | - | - |
| Нереализирана добивка од ревалоризација на сопственички инструменти кои што се расположиви за продажба и мерени по објективна вреднсот | II5 | - | - |
| Нереализирана добивка ревалоризација на должнички инструменти расположиви за продажба. мерени по објективна вредност | II6 | 253 | 6.009 |
| **Вкупно основен и дополнителен капитал I.+II.** | **III** | **1.768.016** | **1.364.309** |
| **Одбивни ставки. чл. 72 (IV1+IV2)** | **IV** | **-** | **-** |
| Вложувања во акции во правни лица од членот 72 од Законот | IV1 | - | - |
| Вложувања во субординирани должнички инструменти и други вложувања во правни лица од членот 72 од ЗСО | IV2 | - | - |
| **КАПИТАЛ I + II – IV** | **V** | **1.768.016** | **1.364.309** |
| Потребно ниво на маргина на солвентност (за друштва за неживотно осигурување) | VI1 | 243.413 | 132.127 |
| Потребно ниво на маргина на солвентност (за друштва за осигурување на живот) | VI2 | - | - |
| Капитал | VI3 | 1.768.016 | 1.364.309 |
| Гарантен фонд* | VI4 | 276.728 | 276.728 |
| Вишок/недостаток на Капитал во однос на Гарантен фонд (VI5 = VI3 -VI4) | VI5 | 1.491.288 | 1.087.583 |
| Вишок/недостаток на Капитал (за неживотно осигурување) во однос на Потребно ниво на маргина на солвентност (за друштва за неживотно осигурување) (VI6 = VI3 - VI1) | VI6 | 1.524.602 | 1.232.182 |
| Вишок/недостаток на Капитал (за осигурување на живот) во однос на Потребно ниво на маргина на солвентност (за друштва за осигурување на живот) (VI7 = VI3 - VI2 ) | VI7 | - | - |

## 5. Управување со ризици од осигурување и финансиски ризици (продолжува)

## 5.2 Управување со финансиски ризик (продолжува)

### 5.2.7 *Усогласеност на средствата и обврските*

***Вложување на средствата кои ги покриваат техничките резерви***

Согласно Правилникот за видовите и карактеристиките на средствата кои служат за покритие на техничките и математичката резерва како и деталното пласирање и ограничување на тие вложувања. Друштвото средствата со кои располага на 31.12.2024 година ги има пласирано како што следи:

| **Вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви 2024** | **Дозволен %** | **Остварен износ** | **Остварен %** |
|---|---|---|---|
| Видови дозволени вложувања | | | |
| Парични средства во благајна и средства на банкарските сметки | 3% | 18.674 | 1,2% |
| Депозити во банки ко имаат дозвола издадена од НБРСМ | 60% | 747.000 | 49,1% |
| Хартии од вредност издадени од НБРСМ | 80% | - | 0,0% |
| Обврзници и други должнички хартии за кои гарантира РСМ | 80% | 756.042 | 49,7% |
| Акции со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во РСМ | 25% | 256 | 0,0% |
| Вкупно дозволени вложувања на средства | | 1.521.972 | |
| Вкупно нето технички резерви | | 1.521.972 | |
| Резерви за преносни премии | | 918.267 | |
| Резерви за бонуси и попусти | | 49.134 | |
| Резерви за штети | | 554.572 | |
| Други технички резерви | | - | |
| Еквилизациона резерва | | - | |
| Разлика (Вкупно дозволени вложувања на средства - Вкупно нето технички резерви ) | | - | |

| **Вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви 2023** | **Дозволен %** | **Остварен износ** | **Остварен %** |
|---|---|---|---|
| Видови дозволени вложувања | | | |
| Парични средства во благајна и средства на банкарските сметки | 3% | 10.761 | 1,8% |
| Депозити во банки ко имаат дозвола издадена од НБРСМ | 60% | 339.000 | 57,0% |
| Хартии од вредност издадени од НБРСМ | 80% | - | 0,0% |
| Обврзници и други должнички хартии за кои гарантира РСМ | 80% | 244.269 | 41,1% |
| Акции со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност во РСМ | 25% | 256 | 0,0% |
| Вкупно дозволени вложувања на средства | | 594.286 | |
| Вкупно нето технички резерви | | 594.286 | |
| Резерви за преносни премии | | 392.185 | |
| Резерви за бонуси и попусти | | 17.897 | |
| Резерви за штети | | 184.204 | |
| Други технички резерви | | - | |
| Еквилизациона резерва | | - | |
| Разлика (Вкупно дозволени вложувања на средства - Вкупно нето технички резерви ) | | - | |

## 6. Заработена премија (нето приходи од премија)

**31 декември 2024 година**

| класа на осигурување | бруто полисирана премија | премија предадена во реосигурување | промени во бруто резервата за преносна премија | промени во бруто резервата за преносна премија дел за реосигурување | заработена премија |
|---|---|---|---|---|---|
| незгода | 114.382 | (1.733) | 2.779 | - | 115.428 |
| здравство | 250.866 | - | (36.749) | - | 214.117 |
| моторни возила | 187.582 | (28.346) | 8.672 | (12.544) | 155.364 |
| воздухоплови | 166 | - | 8.931 | - | 9.097 |
| пловни објекти | 181 | (1.456) | 50 | - | (1.225) |
| карго | 23.015 | (3.032) | 537 | 1 | 20.521 |
| имоти од пожар | 228.309 | (98.341) | (22.127) | (929) | 106.912 |
| имоти останато | 439.517 | (152.226) | 10.595 | (43.476) | 254.410 |
| одговорност од употреба на моторни возила | 930.707 | (568.698) | 44.519 | 115.562 | 522.090 |
| одговорност од употреба на воздухоплови | 5.685 | (5.570) | 11.467 | - | 11.582 |
| одговорност од употреба на пловни објекти | 734 | (641) | 28 | - | 121 |
| Општа одговорност | 61.092 | (26.889) | 1.650 | 1.185 | 37.038 |
| Кредити | 17.927 | (8.214) | (9.132) | 3.397 | 3.978 |
| Гаранции | - | - | 2 | - | 2 |
| финансиски загуби | 10.497 | (6.611) | (504) | (163) | 3.219 |
| туристичка помош | 24.511 | - | 57 | - | 24.568 |
| **Вкупно** | **2.295.171** | **(901.757)** | **20.775** | **63.033** | **1.477.222** |

Во износ на бруто полисирана премија од МКД 2.295.171 илјади се вклучени: бруто полисирана премија во износ од МКД 2.284.809 илјади, соосигурување во износ од МКД 21.171 илјади и бруто полисирана премија предадена во соосигурување во износ од МКД (10.809) илјади. Во износот на промени во бруто резервата за преносна премија од МКД 20.772 илјади се вклучени: промени во бруто резервата за преносна премија во износ од МКД 23.903 илјади и промени во бруто резервата за преносна премија дел за соосигурување во износ од МКД (3.128) илјади.

## 6. Заработена премија (нето приходи од премија) (продолжува)

### 31 декември 2023 година

| класа на осигурување | бруто полисиран а премија | премија предадена во реосигурувањ е | промени во бруто резервата за преносна премија | промени во бруто резервата за преносна премија дел за реосигурување | заработен а премија |
|---|---|---|---|---|---|
| незгода | 64.448 | (610) | (722) | - | 63.116 |
| здравство | 151.547 | - | (33.919) | - | 117.628 |
| моторни возила | 72.215 | (244) | (4.833) | - | 67.138 |
| пловни објекти | 9 | - | - | - | 9 |
| карго | 22.923 | (3.164) | (257) | 21 | 19.523 |
| имоти од пожар | 165.830 | (72.146) | (8.905) | 3.646 | 88.425 |
| имоти останато | 320.176 | (100.375) | (11.443) | 2.483 | 210.841 |
| одговорност од употреба на моторни возила | 284.834 | (132.050) | 4.267 | (2.136) | 154.915 |
| одговорност од употреба на пловни објекти | 316 | - | (72) | - | 244 |
| Општа одговорност | 45.005 | (22.054) | (2.131) | (403) | 20.417 |
| Кредити | 2.430 | (2.225) | - | - | 205 |
| Гаранции | 3 | - | - | - | 3 |
| Финансиски загуби | 9.244 | (10.696) | 684 | 115 | (653) |
| туристичка помош | 12.118 | - | (277) | - | 11.841 |
| **Вкупно** | **1.151.098** | **(343.564)** | **(57.608)** | **3.726** | **753.652** |

Во износ на бруто полисирана премија од МКД 1.151.098 илјади се вклучени: бруто полисирана премија во износ од МКД 1.136.239 илјади.соосигурување во износ од МКД 21.030 илјади и бруто полисирана премија предадена во соосигурување во износ од МКД (6.171) илјади. Во износот на промени во бруто резервата за преносна премија од МКД (57.608) илјади се вклучени: промени во бруто резервата за преносна премија во износ од МКД (56.278) илјади и промени во бруто резервата за преносна премија дел за соосигурување во износ од МКД (1.330) илјади.

## 7. Останати осигурително технички приходи намалени за реосигурување

| | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| Наплатени отпишани побарувања | 4.776 | 36.973 |
| Усогласување на обврската за провизија | 35.324 | - |
| Ослободување на обврски за провизија | 21.592 | 14.192 |
| Надомест за исплатени штети | 17.341 | 1.476 |
| Приходи од гарантен фонд за регреси | 6.920 | 1.841 |
| Провизија по услужни штети | 3.480 | - |
| Регреси од минати години | 3.112 | 6.526 |
| Отпис на обврски | 1.972 | - |
| Останато | 480 | 178 |
| **Вкупно** | **94.997** | **61.186** |

## 8. Останати приходи

| | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| Приходи од ИТ услуги | 9.069 | 17.338 |
| Приходи од закупнина | 5.375 | 6.016 |
| Приходи од продажба на матрејални средства | 3.145 | 188 |
| Приходи по основ отпис на обврски - против пожарен | 2.469 | - |
| Останато | 2.243 | 542 |
| **Вкупно** | **22.301** | **24.085** |

## 9. Настанати штети (нето трошоци за штети)

| | 2024 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|
| | **Бруто исплатени штети** | **Промени во бруто резервите за штети** | **Бруто исплатени штети** | **Промени во бруто резервите за штети** |
| Незгода | 53.844 | 6.986 | 35.513 | (204) |
| Здравствено осигурување | 181.411 | 5.016 | 112.196 | 8.455 |
| Моторни возила | 120.673 | 21.464 | 36.393 | 2.048 |
| Воздухоплови | - | - | - | - |
| Пловни објекти | - | - | - | - |
| Карго | 247 | 288 | 668 | (559) |
| Имоти од пожар | 31.129 | 64.269 | 62.913 | (54.553) |
| Имоти останато | 90.827 | 65.503 | 106.882 | 33.318 |
| Одговорност од употреба на моторни возила | 487.639 | 40.867 | 132.976 | 5.908 |
| Одговорност од употреба на воздухоплови | - | - | - | - |
| Одговорност од употреба на пловни објекти | - | - | - | - |
| Општа одговорност | 9.240 | 15.755 | 6.526 | 3.748 |
| Кредити | 487 | 162 | 9 | - |
| Гаранции | - | - | - | - |
| Финансиски загуби | 69 | 657 | 95 | - |
| Туристичка помош | 6.043 | 415 | 3.246 | (143) |
| **Штети од активно реосигурување** | | | | |
| **Вкупно** | **981.609** | **221.382** | **497.417** | **(1.982)** |
| Намалување за приход од регреси | **(2.411)** | | **(558)** | |
| Бруто исплатени штети дел за реосигурување и промени во бруто резервите за штети - дел за реосигурување | **(472.949)** | **-** | **(162.254)** | **-** |
| **Нето трошоци за штети** | **727.631** | **-** | **332.623** | **-** |

## 9. Настанати штети (нето трошоци за штети) - продолжува

### Податоци за коефициент на штети - коефициент на трошоци и комбиниран коефициент

| | 2024 Коефициент | | | 2023 Коефициент | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Класа на осигурување** | **Штети** | **Трошоци** | **Комбиниран** | **Штети** | **Трошоци** | **Комбиниран** |
| Незгода | 51% | 41% | 92% | 56% | 49% | 105% |
| Здравство | 87% | 37% | 124% | 103% | 46% | 149% |
| Каско | 64% | 52% | 117% | 57% | 49% | 106% |
| Пловни објекти | 0% | (10%) | (10%) | 0% | 96% | 96% |
| Карго | 3% | 36% | 39% | 1% | 48% | 48% |
| Имоти пожар | 50% | 62% | 111% | 10% | 60% | 70% |
| Имоти останато | 12% | 51% | 62% | 21% | 66% | 88% |
| Авто одговорност | 51% | 67% | 118% | 47% | 80% | 127% |
| Одговорност пловни објекти | 0% | 286% | 286% | 0% | 47% | 47% |
| Општа одговорност | 64% | 61% | 125% | 46% | 71% | 117% |
| Кредити | 1% | 101% | 101% | (179%) | 117% | (62%) |
| Гаранции | 0% | (2160%) | (2160%) | 0% | 86% | 86% |
| Финансиска загуба | 19% | 27% | 45% | (15%) | 11% | (4%) |
| Туристичка помош | 26% | 53% | 80% | 26% | 73% | 100% |
| **Вкупно** | **49%** | **54%** | **103%** | **44%** | **62%** | **106%** |

## 10. Нето трошоци за спроведување на осигурување

| | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| Провизија | 496.225 | 241.071 |
| Плати - администрации и агенти | 306.126 | 168.828 |
| Амортизација | 33.610 | 23.972 |
| Останати административни трошоци | 30.581 | 17.128 |
| Потрошена топлотна и ел.енергија | 19.387 | 18.422 |
| Трошоци за наем на деловен простор | 15.651 | 1.774 |
| Тековно и инвестиционо одржување | 13.344 | 8.403 |
| Репрезентација | 11.997 | 5.905 |
| Консултантски услуги | 11.871 | 5.892 |
| Маркетинг | 11.032 | 7.508 |
| Комунални трошоци | 10.461 | 7.407 |
| Трошоци за услуги на физички лица | 10.451 | 6.295 |
| Административни судски трошоци | 7.724 | 2.460 |
| Мобилна телефонија и интернет | 6.198 | 3.440 |
| Обезбедување | 4.891 | 4.409 |
| Поштенски трошоци | 3.531 | 1.842 |
| Премија за осигурување | 2.450 | 1.983 |
| Промени во одложени трошоци за стекнување | (35.816) | (13.490) |
| **Вкупно** | **959.715** | **513.249** |

## 11. Останати осигурително технички трошоци намалени за реосигурување

| | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| Правни такси | 25.780 | 16.365 |
| Противпожарен придонес | 25.531 | 10.135 |
| Трошоци за супервизорски орган | 15.888 | 7.262 |
| Трошоци за исплата на штети за непознати и неосигурани возила | 10.467 | 4.015 |
| Придонес за здравство | 8.827 | 2.719 |
| Финансирање на Национално биро | 7.637 | 2.300 |
| **Вкупно** | **94.130** | **42.796** |

## 12. Останати расходи вклучувајќи и вредносни усогласувања

| | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| Оштетување на останати побарувања | 12.575 | - |
| Оштетување на побарувања за услужни штети | 7.710 | (80) |
| Трошоци за присоединување | 7.562 | - |
| Казни/ пенали | 4.246 | - |
| Судски трошоци | 1.911 | - |
| Оштетување на нематеријални средства | 1.645 | - |
| Останати расходи | 947 | 2.690 |
| Вредносно усогласување на регресни побарувања | (829) | (1.177) |
| **Вкупно** | **35.766** | **1.433** |

## 13. Данок на добивка

| | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| Тековен данок/ признаен во биланс на успех | 5.270 | 6.870 |
| **Вкупно** | **5.270** | **6.870** |

## 13. Данок на добивка (продолжува)

**Усогласување со применетата даночна стапка**

| | **%** | **2024** | **%** | **2023** |
|---|---|---|---|---|
| Добивка/(загуба) пред оданочување | | (6.907) | | 43.976 |
| Данок пресметан по даночна стапка | 10,0% | (691) | 10,0% | 4.398 |
| Расходи непризнаени за даночни цели | (86,3%) | 5.961 | 5,7% | 2.522 |
| Намалување на даночната основица | 0,0% | - | 0,1% | (50) |
| **Данок на добивка односно загуба** | **(76,3%)** | **5.270** | **15,6%** | **6.870** |

## 14. Вложувања во нематеријални средства

| | **Нематеријални средства** |
|---|---|
| **Набавна вредност** | |
| На 1 јануари 2023 | 40.309 |
| Зголемување | 182 |
| Намалување | **(6.511)** |
| **На 31 декември 2023** | **33.980** |
| | |
| На 1 јануари 2024 | 33.980 |
| Ефект од присоединување | 33.746 |
| Зголемување | 1.487 |
| Намалување (отпис) | (2.193) |
| **На 31 декември 2024** | **67.020** |
| | |
| **Амортизација** | |
| На 1 јануари 2023 | 33.446 |
| Амортизација за годината | 4.028 |
| Намалување | (6.511) |
| **На 31 декември 2023** | **30.963** |
| | |
| На 1 јануари 2024 | 30.963 |
| Ефект од присоединување | 19.381 |
| Амортизација за годината | 6.506 |
| **На 31 декември 2024** | **56.850** |
| | |
| **Сметководствена вредност** | |
| **На 31 декември 2023** | **3.017** |
| **На 31 декември 2024** | **10.170** |

## 15. Вложувања во недвижности – Градежни објекти

| | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| Набавна вредност | 678.035 | 702.418 |
| Акумулирана амортизација | (367.783) | (363.692) |
| **Нето книговодствена вредност на 1 Јануари** | **310.252** | **338.726** |
| Почетна нето книговодствена вредност | 310.252 | 338.726 |
| Набавна вредност - Ефект од присоединување | 1.107 | - |
| Акумулирана амортизација - Ефект од присоединување | (308) | - |
| Зголемување | 2.936 | 2.396 |
| Инвестиции во тек | - | - |
| Отуѓувања и отписи | (11.798) | (26.779) |
| Ефект од расходувања и оттуѓувања - акумулирана амортизација | 5.366 | 13.172 |
| Амортизација за годината | (16.755) | (17.263) |
| **Крајна нето книговодствена вредност на 31 декември** | **290.800** | **310.252** |
| Набавна вредност | 670.280 | 678.035 |
| Акумулирана амортизација | (379.480) | (367.783) |
| **Нето книговодствена вредност на 31 декември** | **290.800** | **310.252** |

Проценетата вредност на градежни објекти кој не служат за вршење на дејноста изнесува 763.857 илјади МКД (2023: 731.749 илјади МКД).

## 16. Материјални вложувања

| | Градежни објекти | Земјиште | Компјутери | Мебел и опрема | Моторни возила | Инвестиции во тек опрема | Останато | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност на 1 Јануари 2023** | 517.756 | 11.248 | 28.395 | 80.144 | 11.297 | 692 | 2.608 | **652.140** |
| Акумулирана амортизација | (302.809) | - | (22.395) | (61.664) | (7.853) | - | - | (394.721) |
| **Нето книговодствена вредност 31 декември 2023** | **214.945** | **11.248** | **6.000** | **18.480** | **3.444** | **692** | **2.608** | **257.418** |
| **1 Јануари 2024** | **214.945** | **11.248** | **6.000** | **18.480** | **3.444** | **692** | **2.608** | **257.418** |
| Набавна вредност - Ефект од присоединување | - | - | 31.740 | 36.249 | 34.402 | - | 284 | **102.676** |
| Акумулирана амортизација - Ефект од присоединување | - | - | (29.114) | (34.859) | (23.834) | - | - | **(87.807)** |
| Зголемување | 3.507 | - | 3.282 | 5.348 | 1.093 | - | - | **13.230** |
| Пренос од инвестиции во тек | - | - | - | 107 | - | (107) | - | **-** |
| Расходувања и отуѓувања | - | - | (233) | (23.743) | (5.300) | - | - | **(29.276)** |
| Акумулирана амортизација – расходувања и отуѓувања | - | - | 233 | 23.743 | 5.300 | - | - | **29.276** |
| Амортизација за годината | (12.986) | - | (3.697) | (3.486) | (6.387) | - | - | **(26.556)** |
| **Нето книговодствена вредност на 31 декември 2024** | **205.466** | **11.248** | **8.210** | **21.840** | **8.719** | **585** | **2.892** | **258.961** |
| Набавна вредност | 521.263 | 11.248 | 63.184 | 98.105 | 41.492 | 585 | 2.892 | **738.769** |
| Акумулирана амортизација | (315.795) | - | (54.973) | (76.265) | (32.774) | - | - | **(479.808)** |
| **Нето книговодствена вредност на 31 декември 2024** | **205.466** | **11.248** | **8.210** | **21.840** | **8.719** | **585** | **2.892** | **258.961** |

Проценетата вредност на градежните објекти кој служат за вршење на дејноста изнесува 354.211 илјади МКД (2023: 335.576 илјади МКД)

*Ставките компјутери. мебел и опрема. моторни возила и инвестиции во тек – опрема се претставени збирно во Билансот на состојба во ставката Опрема.

## 17. Останати финансиски вложувања

| | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| Финансиски вложувања расположливи за продажба | 1.093.550 | 585.544 |
| Депозити | 826.505 | 546.549 |
| Финансиски вложувања кои се чуваат до доспевање | 255.502 | 79.813 |
| **Вкупно** | **2.175.557** | **1.211.906** |

На 31 декември 2024 година Друштвото има вложувања во депозити во домашни банки кои имаат рок на доспевање од 12 до 60 месеци (2023: од 24 до 60 месеци) и каматни стапки од 1,5% до 4% (2023: од 1,2% до 4%).

**Должнички хартии од вредност расположливи за продажба**

| | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| Државни обврзници | 1.093.294 | 585.288 |
| Акции | 256 | 256 |
| **Вкупно** | **1.093.550** | **585.544** |
| | | |
| Некотирани - обврзници | 843.141 | 399.642 |
| Котирани - обврзници | 250.153 | 185.646 |
| Котирани - акции | 256 | 256 |
| **Вкупно** | **1.093.550** | **585.544** |

На 31 декември 2024 година Друштвото има финансиски вложувања расположливи за продажба во државни обврзници со рок на доспевање од 2 до 30 години (2023: од 3 до 30 години) и каматни стапки од 2% до 5,9% (2023: 2% до 5,9%).

**Должнички хартии од вредност чувани-до-достасување**

| | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| Државни записи | 48.819 | 79.813 |
| Државни обврзници | 206.683 | 0 |
| **Вкупно** | **255.502** | **79.813** |
| | | |
| Некотирани | 255.502 | 79.813 |
| **Вкупно** | **255.502** | **79.813** |

На 31 декември 2024 година Друштвото има финансиски вложувања чувани до достасување во државни записи и обврзници со рок на доспевање од 1 до 15 години (2023: 1 година) и каматна стапка од 3.5% до 4% (2023: 3.5% до 4,25%).

## 18. Побарувања од непосредни работи на осигурување

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Побарувања од осигуреници | 939.817 | 440.857 |
| Останати побарувања од непосредни работи на осигурување | 39.749 | 37.941 |
| **Вкупно** | **979.566** | **478.798** |
| Исправка на вредност | (213.973) | (120.909) |
| **Нето побарувања** | **765.593** | **357.889** |

### Движење на исправката на вредност

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| **Состојба на 1 јануари** | **120.909** | **103.188** |
| Ефект од присоединување | 80.820 | - |
| Дополнителна исправка на вредност | 107.645 | 44.280 |
| Ослободување на исправка на вредност | (32.592) | (17.540) |
| Отпис | (62.808) | (9.019) |
| **Состојба на 31 декември** | **213.973** | **120.909** |

## 19. Останати побарувања од непосредни работи на осигурување

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Побарувања по основ на регрес | 60.207 | 23.980 |
| Побарувања од Национално биро | 19.981 | 3.398 |
| Побарувања по основ на услужно исплатени штети | 19.160 | 5.068 |
| Побарувања за дадени аванси | 5.415 | 5.415 |
| Побарувања по основ на провизија од реосигурување | 3.111 | 4.363 |
| Побарувања по основ штети | 17 | 17 |
| **Вкупно побарувања** | **107.891** | **42.241** |
| Исправка на вредност | (73.301) | (30.950) |
| **Нето вредност на побарувања** | **34.590** | **11.291** |

### Движење на исправката на вредност

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| **Состојба на 1 јануари** | **30.950** | **31.879** |
| Ефект од присоединување | 37.056 | - |
| Зголемување на исправка на вредноста на ZK UG | 7.710 | 680 |
| Отпис на ZK UG | (1.586) | (431) |
| Ослободување на исправка на вредност регреси | (829) | (1.178) |
| **Состојба на 31 декември** | **73.301** | **30.950** |

## 20. Побарувања по основ финансиски вложувања

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Побарување на закуп | 737 | 1.035 |
| Побарувања од камата | 1.040 | 213 |
| **Вкупно** | **1.777** | **1.248** |
| Исправка на вредност | (3) | (194) |
| **Нето вредност на побарувања** | **1.774** | **1.054** |

## 21. Останати побарувања

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Побарувања за депозити и аванси | 34.842 | - |
| Побарувања од купувачи останато | 3.575 | 1.044 |
| Останати побарувања | 1.814 | 2.168 |
| Побарувања од вработени | 1.275 | 27 |
| **Вкупно** | **41.506** | **3.239** |
| Исправка на вредност | (13.523) | (1.014) |
| **Нето вредност на побарувања** | **27.983** | **2.225** |

### Движење на исправката на вредност

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| **Состојба на 1 Јануари** | **1.014** | **1.342** |
| Исправка на вредност | 12.509 | (328) |
| **Состојба на 31 Декември** | **13.523** | **1.014** |

## 22. Парични средства и останати парични еквиваленти

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Парични средства во банка | | |
| - во денари | 190.118 | 96.723 |
| - во девизи | 8.356 | 7.457 |
| Парични средства во благајна | 555 | 7 |
| Останати парични средства и парични еквиваленти | 153 | - |
| **Вкупно** | **199.182** | **104.187** |

## 23. Технички резерви

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Бруто резерва за преносна премија | 996.823 | 440.118 |
| Резервации за настанати пријавени штети | 708.531 | 181.875 |
| Резервации за не настанати непријавени штети | 388.682 | 151.962 |
| Резерви за бонуси и попусти | 49.134 | 17.897 |
| Останати технички резерви | 12.069 | 5.008 |
| **Бруто технички резерви** | **2.155.239** | **796.860** |

| Класи | Преносна премија | | Резерва за настанати и пријавени. но сеуште не решени штети | | Резерви за настанати. но сеуште не пријавени штети | | Резерви за бонуси и попусти | | Други резерви | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 | 2023 | 2024 | 2023 | 2024 | 2023 | 2024 | 2023 | 2024 | 2023 |
| **Незгода** | 52.403 | 29.949 | 12.712 | 2.654 | 25.716 | 16.217 | 2.910 | 3.508 | 423 | 283 |
| **Здравство** | 113.954 | 67.636 | 3.551 | 2.021 | 14.190 | 9.115 | - | - | 195 | 167 |
| **Моторно возило** | 96.909 | 37.688 | 45.654 | 9.245 | 14.515 | 3.693 | 1.262 | 152 | 662 | 194 |
| **Останато** | 62.578 | 31.796 | 28.579 | 3.868 | 9.187 | 4.816 | 652 | 83 | 415 | 130 |
| **Имот – пожар** | 85.346 | 53.312 | 77.944 | 17.945 | 3.510 | 5.172 | 14.107 | 5.437 | 896 | 347 |
| **Имот - останато** | 146.851 | 86.033 | 164.993 | 69.429 | 26.079 | 19.599 | 30.203 | 8.717 | 2.102 | 1.335 |
| **Обврски кон трети страни** | 438.782 | 133.704 | 375.098 | 76.713 | 295.485 | 93.352 | - | - | 7.376 | 2.551 |
| **Вкупно** | **996.823** | **440.118** | **708.531** | **181.875** | **388.682** | **151.962** | **49.134** | **17.897** | **12.069** | **5.008** |

## 24. Останати обврски

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Обврски спрема вработени | 26.835 | 15.523 |
| Обврски кон ВИГ | 13.073 | 1.581 |
| Провизии на агенти | 11.534 | 9.436 |
| Примени аванси по основ осигурување | 9.788 | 3.139 |
| Обврски за дивиденда | 7.893 | 7.534 |
| Останати обврски | 5.897 | 516 |
| Обврски за придонеси и членарини | 5.773 | 1.844 |
| Добавувачи за обртни средства | 3.812 | 2.285 |
| Добавувачи за материјални вложувања | 1.128 | 2.430 |
| Обврски кон Национално биро | 294 | 298 |
| **Вкупно** | **86.027** | **44.586** |

## 25. Пасивни временски разграничувања

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Пресметани обврски за реосигурување | 346.765 | 96.763 |
| Пресметана бруто полисирана провизија | 212.615 | 112.343 |
| Останато | 8.169 | 3.354 |
| Обврски за противпожарен придонес | 6.572 | 3.548 |
| Исправка на ПВР за бруто провизија | (40.253) | (23.821) |
| **Вкупно** | **533.868** | **192.187** |

## 26. Капитал и резерви

**Акционерски капитал**

| Во број на акции | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| На 1 јануари - целосно платени | 717.462 | 717.462 |
| Издадени во текот на годината | - | - |
| Ефект од присоединување | 201.700 | - |
| На 31 декември - целосно платени | **919.162** | **717.462** |

На 31 декември 2024 година акционерскиот капитал се состои од 919.162 обични акции со номинална вредност од ЕУР 20.084 по акција (2023: 717.462 обични акции со номинална вредност од ЕУР 20.084 по акција). Имателите на обични акции имаат право на дивиденда кога ќе биде објавена и имаат право на еден глас на Собрание на Друштвото за еквивалент од 1 обична акција. Сите акции носат право на сразмерно учество во поделбата на остатокот на стечајната односно ликвидационата маса. Сите издадени акции се целосно платени.

Пресметката на основната/разводнета добивка по акција на 31 декември 2024 година е направена врз основа на нето добивката/(загубата) за годината која им припаѓа на имателите на обични акции во износ од МКД (12.177) илјади (2023: МКД 37.106 илјади) и пондерираниот просечен број на обични акции во текот на годината завршена на 31 декември 2024 година од 919.162 (2023: 717.462), пресметано како што следува:

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Добивка расположива на имателите на обични акции | | |
| Нето (загуба)/добивка која им припаѓа на имателите на обични акции | (12.177) | 37.106 |
| Пондериран просечен број на обични акции | | |
| Број на акции | 919.162 | 717,462 |
| Издадени акции на 1 јануари | | |
| Пондериран просечен број на обични акции на 31 декември | 919.162 | 717.462 |
| Основна/разводенета (загуба)/добивка по акција | (13,25) | 51,72 |

На 27.06.2024 беше направена пријава за упис на основна главнина во Централниот регистар во износ од 201.700 акции, како резултат на присоединувањето обелоденето во Белешка 2 (б).

Капиталот на Друштвото се состои од 919.162 акции со номинална вредност по една акција од 20,084 ЕУР. Вкупниот капитал на Друштвото изнесува 18.460.416 ЕУР.

## 26. Капитал и резерви (продолжение)

Акционерската структура на 31.12.2024 на Друштвото е:

| | **% од акциите со право на глас** |
|---|---|
| Виена Иншуренс Груп (Vienna Insurance Grup VIG) | 95,71% |
| Останати правни и физички лица | 4,29% |

### Дивиденди

Во 2024, Собранието на акционери на 31 мај 2024 усвои одлука за исплата на дивиденда за деловната 2023 за Друштвото Македонија Осигурување во износ од 24.394 илјади денари. На 29 мај 2024 Собранието на акционери на Друштвото ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп Скопје усвои одлука за исплата на дивиденда за деловната 2023 во износ од 1.263 илјади денари.

Надзорниот одбор на Друштвото на 24.04.2025 на Собранието на акционери му предложи исплата на дивиденда за 2024 во износ од 90.078 илјади однодно 98 мкд вредност по акција.

## 27. Вонбилансна евиденција

Согласно усвоеното Упатство за евидентирање на работењето помеѓу Националното биро и осигурителните друштва, Друштвото вонбилансно евидентира резервација за пријавени штети по основ на непознати и неосигурани моторни возила. На 31.12.2024 износот на резервирани штети изнесува МКД 45.491 илјади и MKD 31.713 илјади гаранции (2023: износот на резервирани штети изнесува МКД 10.201 илјади и МКД 4.315 илјади гаранции).

## 28. Трансакции со поврзани лица

### Матично и основно матично друштво

Друштвото е во доминантна сопственост на Виена Иншуренс Груп (Vienna Insurance Group AG Wiener Versicherung Gruppe) кое е и основно матично претпријатие.

**Трансакции со Матичното друштво**

На крајот на 31.12.2024 година. салдата од трансакциите со матичното друштво реосигурување беа следните:

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| **Побарувања** | | |
| Побарувања по основ на учество во надомест на штети од реосигурување | 455 | 478 |
| Побарувања по основ на провизија од реосигурување | 1.879 | 4.020 |
| **Обврски** | | |
| Обврски по основ на премија за реосигурување | 20.601 | 18.016 |
| Обврски по основ на премија за реосигурување – депозитна премија | 331.501 | 85.053 |
| Останати обврски | 6.147 | 1.687 |
| **Резерви** | | |
| Резерва за преносна премија – дел зареосигурување | 12.634 | 14.465 |
| Резерва за штети – дел за реосигурување | 338.405 | 85.829 |
| **Трошоци и приходи** | | |
| Бруто полисирана премија предадена на реосигурителите | 574.171 | 152.188 |
| Промена во резерва за пренесена премија – дел зареосигурување | 110.693 | 2.523 |
| Приходи од провизии и надомести по основ на реосигурување | 161.072 | 54.395 |
| Бруто исплатени штети - дел за реосигурителите | 246.963 | 68.871 |
| Промена во резерва за штети – дел зареосигурување | 16.959 | 6.047 |
| Трошоци за камати по депозитна премија | 21.872 | 4.904 |

## 28. Трансакции со поврзани лица (продолжение)

### Трансакции со останати поврзани страни

Трансакциите со 31.12.2024 со останатите поврзани друштва во Групацијата – кои произлегуваат од реосигурување се дадени како што следи:

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| **Побарувања** | | |
| Побарувања по основ на учество во надомест на штети од реосигурување | 20.710 | 41.847 |
| Побарувања по основ на провизија од реосигурување | 1.233 | 343 |
| **Обврски** | | |
| Обврски по основ на премија за реосигурување | 25.127 | 35.514 |
| Обврски по основ на премија за реосигурување – депозитна премија | 15.265 | 11.710 |
| **Резерви** | | |
| Резерва за пренесена премија – дел за реосигурување | 52.405 | 20.361 |
| Резерва за штети – дел за реосигурување | 216.306 | 68.812 |
| **Трошоци и приходи** | | |
| Бруто полисирана премија предадена на реосигурителите | 311.428 | 175.375 |
| Промена во резерва за пренесена премија – дел за реосигурување | (48.164) | 1.791 |
| Приходи од провизии и надомести по основ на реосигурување | 60.630 | 40.614 |
| Бруто исплатени штети - дел за реосигурителите | 107.936 | 95.711 |
| Промена во резерва за штети – дел за реосигурување | 101.091 | (8.374) |

Останати трансакции кои не се поврзани со реосигурување поврзани страни на кој матична компанија е Виена Иншуренс Груп (Vienna Insurance Group AG Wiener Versicherung Gruppe) се дадени како што следи:

**Винер животно осигурување (Winner Life)**

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Побарувања | 796 | 1.089 |
| Приходи | 3.777 | 3.289 |

| **Сигма Интералбаниан ВИГ (Sigma Interalbanian VIG)** | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| Побарувања | 3.577 | 1.045 |
| Приходи | 7.630 | 5.490 |

### Трансакции со Матичното друштво

| | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| ВИГ услуги - обврски | 13.084 | 1.591 |

**Трансакции со клучниот менаџерски персонал**

Вкупните надомести по сите основи на членовите на Надзорниот одбор. Управниот одбор и Раководниот тим на Друштвото вклучени во Административни трошоци се како што следува:

| | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| Вкупни надомести | 72.570 | 50.984 |
| | **72.570** | **50.984** |

## 29. Превземени и потенцијални обврски

**Судски спорови**

Во рамките на тековните активности постои можност да се добијат тужби против Друштвото. Врз основа на сопствени проценки како и интерни и екстерни консултанти раководството на Друштвото смета дека тужбите нема да предизвикаат материјални загуби и според тоа не е направена резервација во овие финансиски извештаи. Судските спорови настануваат најчесто во случај кога тужителот не е задоволен од проценката на штетата дадена од Друштвото. Менаџментот врши проценка на штетите користејќи внатрешна и надворешна експертиза вклучително и правно мислење. Менаџментот верува дека проценките се соодветни но сепак потврдува дека крајната разрешница може да има повисок/понизок износ од направената проценка. Со 31.12.2024 резрвацијата за судски спорови беше евидентирана во делот за Резерви за настанати пријавени штети во износ од МКД 211.056 илјади (2023: 36.361 илјади). Периодот за решавање на овие спорови е неизвесен. Судските спорови се однесуват воглавно на штети во делот на авто одговорност и незгода.

До датумот на изготвување на финансиските извештаи, Друштвото нема преземени обврски.

Финансиските извештаи и сметководствената евиденција на Друштвото подлежат на даночна контрола од страна на даночните власти во период од 5 години од поднесување на даночната пријава за финансиската година и можат да предизвикаат дополнителни даночни обврски коишто во оваа фаза не може да бидат утврдени со разумна точност. Сепак, раководството на Друштвото смета дека не постојат било какви дополнителни услови од кои можат да произлезат материјално значајни обврски по овој основ.

## 30. Оперативни сегменти

### Продукти, услуги и  главни потрошувачи

Основна дејност на Друштвото е неживотно осигурување, а најзначајни активности на Друштвото се осигурување од осигурување на имот, осигурување од пожар, незгоди, здравствено осигурување, осигурување на моторни возила, туристичко осигурување, осигурување на домаќинства. Во овие области Друштвото нуди широк асортиман на производи, за покривање на зголемената побарувачка на пазарот на осигурување во Република Северна Македонија.

Приходот на Друштвото е составен од приходи од премија за осигурување, приходи од инвестиции и приходи од реосигурители.

Друштвото нуди услуги за осигурување на некои од најголемите локални компании во областа на производство и дистрибуција на енергија, производство, транспорт и логистика, како и информатички услуги.

### Географски области

При презентирање на информациите врз основа на географските области, приходот се прикажува врз основа на географската локација на потрошувачите, а средствата се прикажуваат врз основа на географската локација на средствата.

### Приход од сегменти

Приходот од сегменти се состои од бруто приход од премија за осигурување, приходи од провизии и надомести и финансиски приход.

| | **Република С.Македонија** | **Остатокот од Европа** | **Вкупно** |
|---|---:|---:|---:|
| **2024** | | | |
| Приходи од бруто премија од осигурување | 2.305.980 | - | 2.305.980 |
| Приходи од вложувања | 110.951 | - | 110.951 |
| Приходи од провизија од реосигурување | - | 199.961 | 199.961 |
| Останати приходи | 117.298 | - | 117.298 |
| Вкупни средства | 4.163.397 | 656.056 | 4.819.454 |
| Вкупни обврски | 2.451.562 | 419.875 | 2.871.436 |
| **2023** | | | |
| Приходи од бруто премија од осигурување | 1.157.269 | - | 1.157.269 |
| Приходи од вложувања | 85.978 | - | 85.978 |
| Приходи од провизија од реосигурување | - | 90.187 | 90.187 |
| Останати приходи | 85.270 | - | 85.270 |
| Вкупни средства | 2.688.250 | - | 2.688.250 |
| Вкупни обврски | 1.125.725 | - | 1.125.725 |

## 31. Последователни настани

Во Службен весник, бр. 75/24, од 3 април 2024 година е објавен нов Правилник за начинот на водење сметководство. Новиот Правилник влезе во сила од 4 април 2024 година, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2025 година, со исклучок на меѓународните стандарди за финансиско известување 17 - Договори за осигурување и меѓународниот стандард за финансиско известување и 9 - Финансиски инструменти, кои ќе се применуваат од 1 јануари 2028 година. Со денот на отпочнувањето на примената на овој Правилник 1 јануари 2025 година, престанува да важи актуелниот Правилник за водење сметководство („Службен весник", бр. 159/09, 164/10 и 107/11).

Друштвото е во процес на проценка на влијанието на новиот Правилник за водење сметководство врз финансиските извештаи, но не се очекуваат значителни ефекти врз финансиските извештаи.

На 24.04.2025 година г-дин Климе Попоски, поднесе оставка од функцијата член и потпретседател на Управниот одбор на Друштвото, со важност од 01.06.2025 година.

Освен како што е наведено погоре, по датумот на Извештајот за финансиската состојба, а до датумот на потпишување на финансиските извештаи не се случиле други материјални настани кои треба да бидат обелоденети.

# Годишен извештај за работењето

**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА – ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП**

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ

VIENNA INSURANCE GROUP

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**2024**

**Скопје, 2025**

## 1. Обраќање на претседателот на Управниот одбор

Македонија осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп 2024 година ја заврши со негативен финансиски резултат, односно загуба пред оданочување во износ од 6.9 милиони денари и по оданочување во износ од 12,2 милиони денари. Резултатот од работењето го оствари во услови присоединување на Друштвото АД ВИНЕР осигурување, член на Виена Иншуренс Груп кон нашето Друштво.

Врз основа на Решението за издавање дозвола за статутсна измена – присоединување на Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп Скопје кон Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп од 22.04.2024 на Агенција за Супервизија на Осигурување, Решението за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност од 06.06.2024 на Комисијата за хартии од вредност и Решението за издавање на согласност за измена на Статут од 18.06.2024 на Агенцијата за супервизија на осигурување на 27.06.2024 се изврши уписот на статусната промена – присоединување и официјално заврши процесот на присоединувањето на Винер – Виена Иншуренс Груп АД Скопје кон Македонија осигурување - Виена Иншуренс Груп АД Скопје. Со ова интегрираната Македонија осигурување АД – Скопје стана друштво за осигурување со највисока вкупна полисирана премија на пазарот на неживотно осигурување во земјата.

Во коментарот и извештаите во прилог се содржани податоците за двете друштва вкупно, односно за Македонија осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп како и присоединето друштво ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп Скопје, членка член на Виена Иншуренс Груп.

Клучни показатели на финансиско работење на Друштвото се следните.

Бруто-полисираната премија во 2024 година бележи пад во однос на минатата година од само 0,5%, односно 11,2 милиони денари, од кои намалување од 75 милиони денари кај осигурувањето од автомобилска одговорност заради намалената продажба преку брокерските друштва во втората половина на годината, односно по присоединувањето најмногу заради намалената стапка на провизија за оваа класа на осигурување. Кај останатите класи обемот на продажба е стабилен, со одреден мал пораст во однос на портфелот во текот на 2023 година.

Настанатите нето штети бележат зголемување од 24,8% или во апсолутен износ 144 милиони денари и тоа најмногу во осигурувањата од автомобилска одговорност и доброволно здравствено осигурување.

Трошоците за спроведување на осигурувањето, во структурата на расходите, се најголема позиција во нашата дејност. Дополнително, во апсолутна вредност трошоците за спроведување на осигурувањето, се незначително намалени од лани, односно 1,8% или во вкупен износ за 17,9 милиони денари. Додека, движењето на трошоците за стекнување, иако треба да го прати развојот на бруто полисираната премија, има зголемување споредено со минатата година 5,5% или во вкупен износ за 31,2 милиони денари.

По присоединувањето на АД ВИНЕР, - Виена Иншуренс Груп, во осигурителното портфолио на Друштвото најголемо учество има осигурувањето од автоодговорност со 40,4%, следува имотното осигурување со 29,4%, потоа здравственото осигурувањето со 10,9%, каско на моторни возила со 8,1% и осигурувањето од незгода од 5,2%. Сите други видови осигурување учествуваат заедно со 6%.

Комбинираниот резултат на Друштвото во 2024 година изнесува 103,16% (подобрен во однос на 2023 кога изнесуваше 107,7%). Комбинираниот резултат е главниот показател за работењето од основната дејност на Друштвото.

Друштвото во текот на 2024 година прими 1.111 приговори, што е зголемување за 8,39% во споредба со минатата година (1.025). Зголемувањето на бројот на приговори се должи на зголемување на бројот на штети во споредба со минатата година, како резултат на присоединувањето на Винер-Виена Иншуренс Груп АД Скопје кон Македонија осигурување АД Скопје- Виена Иншуренс Груп, како и резултат на зголемена продажба на полиси за доброволно здравствено осигурување. По сите приговори без исклучок е постапено во законски пропишаниот рок.

Нето - инвестицискиот приход во текот на 2024 година е намален за 6,4% заради намалениот ефект на инвестицискиот приход од намалените приходи од продажба на земјиште и градежни објекти во износ од 2,5 милиони.

Според податоците за движењето на основните показатели на осигурителниот пазар во Република Македонија, покажуваат зголемување на вкупната бруто полисирана премија од околу 1,217 милиони денари или 10,3% кај неживотното осигурување во однос на 2023-та година со најголемо зголемување кај осигурувањето од автодоговорност и здравственото осигурување, класи на осигурување кај кои профитабилност за жал не се остварува.

За 2024 планот за бруто полисираната премија е остварен, но остварените штети го надминаа планот и тоа заради ревидирање на судските штети на присоединетото друштво, што доведе до повисоко резервирање на штетите и последователно до мала загуба на крајот на годината, која за среќа не се должи на тековното работење на Македонија осигурување.

Во 2025 година Друштвото ќе продолжи во насока на остварување на планираните задачи и нема да има проблеми со ликвидноста и солвентноста, како и со навременото исполнување на обврските.

Како и секоја година, повторуваме дека основната цел во оперативната дејност на нашата компанија е непроменета, а тоа е да се задржат квалитетните осигуреници, но и да дојдеме до зголемување на нивниот број, секако во оние видови осигурување што ни овозможуваат профитабилен резултат.

Сакам да искажам голема благодарност до менаџерскиот тим и до сите други колеги за нивното залагање и придонес во оставарувањето на стратегиските цели на компанијата.

Секако, голема благодарност и кон двете друштва за застапување во осигурувањето и до сите нивни вработени, како и до нивните надворешни соработници. Без нив, како и без успешната соработка со брокерските друштва и деловните банки со кои имаме склучено договори за деловна соработка, секако дека немаше да имаме успешна деловна година.

## 2. Општо економско опкружување

Во текот на 2024 година останаа присутни ризиците и неизвесноста од економското заздравување условено од (во првиот дел од годината) високиот пораст на цените на енергенсите и инфлаторните притисоци. Војната во Украина продолжи со несмалена жестина и најверојатно без некое намалување на интензитетот во текот на 2025 година. Воедно се појави и ново сериозно жариште во Израел кое има капацитет да ги зголеми цените на артиклите, поготово за широка потрошувачка, кои со бродски транспорт доаѓаат од Азија.

Со промената на власта во САД, се очекуваат и промени во економската политика на најголемата светска економија, што секако ќе има влијание на остатокот на Светот. Најавени се значителни зголемувања на царинските давачки за увоз на стоки во САД, што веројатно во одредена мерка ќе доведе и до возвратни давачки кон САД. Република Северна Македонија секако ќе биде негативно погодена.

Ние како стопанство сме многу зависни и од увозот и од извозот на стоки, многу вработени во фирми со странски капитал ќе имаат проблеми со намалено производство што може за жал да го намали и бројот на вработени во тие фирми. Исто така, многу наши државјани работат во странство и може да се случи да се влошат условите за нивно вработување надвор од земјата и последователно и намалени дознаки или инвестирања кон Македонија.

Секако, со новонастанатите состојби во светската трговија, барем за првиот период, за очекување е да имаме релативно висока инфлација која би ги задржала и каматите на некое релативно високо ниво, поготово на кредитите, а помалку кај депозитите. Не би требало да очекуваме некое драматично намалување на приносот на државните хартии од вредност. Депозитите и државните хартии од вредност се главните инвестирања на техничките резерви на осигурителната индустрија од неживот.

На крајот на 2024 година се избра и нов состав на регулаторот на осигурителната дејност - Агенцијата за Супервизија на Осигурувањето со што сме оптимисти дека ќе дојде и до подобрување на односите на регулаторот со осигурителната индустрија. Во 2025 очекуваме повторна профитабилност на Друштвото и зголемена бруто полисирана премија во скоро сите класи на осигурување освен кај задолжителното осигурување од автомобилска одговорност заради ниската профитабилност на таа класа, најмногу заради високите трошоци за стекнување.

**Состојба на пазарот на осигурување**

Осигурителниот сектор во Република Северна Македонија забележа раст на бруто-полисираната премија (БПП) од 10.3% на неживотното осигурување како последица на закрепнување на економското опкружување во текот на 2024 година.

Бројот на осигурителни друштва, во 2024 година на пазарот на осигурување на Република Северна Македонија се зголеми по едно друштво во живот и неживот односно вкупно 17 друштва за осигурување, од кои 11 работат во доменот на неживотните осигурувања, а 6 друштва во доменот на животните осигурувања. Нашето Друштво, Македонија осигурување АД Скопје – ВИГ е единственото друштво на пазарот што поседува лиценца за работи на реосигурување.

Анализата на сопственичката структура на друштвата покажува дека најголем процент на сопственост отпаѓа на странски правни лица од финансискиот сектор.

Бројот на брокерски друштва за посредување во осигурувањето на крај на 2024 година изнесува 44. Активни Друштва за застапување во осигурувањето се 20, а деловните банки што дејствуваат како активни застапници во осигурувањето се 8.

Најголема класа на неживотно осигурување и во 2024 година со вкупно учество од 45,2% во бруто-полисираната премија по неживотно осигурување е задолжителното осигурување од автомобилска одговорност, следено од имотните осигурувања со 19,3% и каско-осигурување на моторни возила со 10,4%. За одбележување е што осигурувањата на моторните возила и во 2024 година учествуваат со околу 55,4% од вкупната полисирана бруто-премија на

неживотното осигурување. Најголем пораст на бруто-полисираната премија кај неживотното осигурување во 2024 година освен кај задолжителното осигурување од автомобилска одговорност има и кај здравственото осигурување и тоа 32%.

Кај настанатите штетите има пораст за 12,7% во текот на 2024 година или 47,7% отпаѓаат на класата на задолжителното осигурување од автомобилска одговорност. Но, во текот на разгледуваниот период најголем пораст кај штетите освен кај задолжителното осигурување од автомобилска одговорност е кај здравствено осигурување за 54,7%.

Основни прописи за работењето на осигурителните друштва се: Закон за супервизија на осигурување, Закон за задолжително осигурување во сообраќајот, Закон за трговски друштва, Закон за облигационите односи, Закон за доброволно здравствено осигурување и подзаконската регулатива пропишана од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

Во однос на регулативата во 2024 година, која директно или индиректно има влијание на работењето на Друштвото се издвојуваат: Законот за изменување на законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Законот за престанување на важење на законот за основање на државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, Законот за изменување и дополнување на законот за основање на државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Законот за изменување и дополнување на законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Закон за изменување и дополнување на законот за заштита на конкуренцијата, Закон за изменување и дополнување на законот за управната инспекција, Закон за изменување и дополнување на законот за постапување по претставки и предлози.

Како подзаконски акти од влијание за работењето на Друштвото се и Правилникот за начинот на водење сметководство, Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци, Правилникот за дополнување на правилникот за начинот на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци, Правилникот за дополнување на правилникот за начинот на водење сметководство, Одлуката за утврдување на листата на стоки и технологии со двојна употреба, Одлуките за воведување на рестриктивни мерки, Одлуката за разрешување на членови на советот на експерти на агенцијата за супервизија на осигурување донесена од собранието на РСМ на седницата одрзана на 12.12.2024 година,Одлуката за именување на претседател и членови на советот на експерти на агенцијата за супервизија на осигурување.

Влијание врз работењето на Друштвото имаа и Одлуките од Уставниот суд на Република Северна Македонија и тоа Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија од 25 септември 2024 година во однос на Закон за изменување и дополнување на законот за облигационите односи,Одлуката на уставниот суд на Република Северна Македонија во однос на закон за управните спорови како и Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија со која се укинува Правилникот за начин и постапка за добивање на уверение за сметководител и овластен сметководител и упис во регистар кој според судот е донесен без законски основ, и истиот е незаконит, односно спротивен на Уставот.

Во 2024 година беа донесени и Тарифата за изменување и дополнување на тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица како и Тарифникот за дополнување на тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата како и Упатство за изменување и дополнување на упатството за начинот за вршење на платниот промет со странство.

## 3. Профил на Друштвото

**МАКЕДОНИЈА осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп** е во самите темели на сигурноста, довербата и финансиската стабилност на дејноста осигурување во државата. Првата осигурителна куќа со искуство од 80 години и локална експертиза, со две и пол децении интернационално влијание, е финансиски стабилна компанија во рамките на моќна австриска групација **ВИГ (VIG)**.

Друштвото е водечко во покритија на ризици од класата на осигурување неживот за правни и физички лица. Понудата е достапна преку широко распространета сопствена продажна мрежа, брокери за осигурување, агенции за застапување во осигурување и банки.
Друштвото има големо осигурително портфолио и развиена база на податоци, а со дигитализацијата клиентите можат да одберат да ги добијат услугите плаќање премија и процесирање на штети онлајн или во директен контакт. Вработените се докажани експерти од прием во осигурување, продажба, процена и ликвидација на штети и друг искусен кадар што го одликуваат силни корпорациски вредности како одговорност, блискост со клиентите и почитување на различностите.

Посебно внимание Друштвото посветува на општествената одговорност во сите сфери на своето работење како и грижа за ресурсите, финансиска едукација од областа на дејноста, како и помагање на проекти за подигање на општествената свест. Во континуитет, преку опцијата Socal Active Day вработените во Друштвото реализираат активности од социјален и општествено корисен карактер, со посветеност кон транспарентна комуникација и споделување на културата на Друштвото преку позитивни примери на општествено влијание.

Политиките на следење на современите текови во дејноста и бескомпромисната финансиска стабилност и солвентност како и довербата од клиентите се аргументи за натамошен напредок.

### 3.1 Правен статус, седиште и датум на основање

| | |
|---|---|
| Фирма | Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА, Скопје – Виена Иншуренс Груп |
| Скратен назив | МАКЕДОНИЈА осигурување а.д. Скопје – Виена Иншуренс Груп |
| Адреса | ул. „11 Октомври" број 25, 1000 Скопје |
| Интернет-страница | www.insumak.mk |

**Опис на дејноста**

Дејноста на Друштвото е осигурување, односно сите видови неживотни осигурувања и реосигурување.

**Податоци за големината на субјектот**

Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје – Виена Иншуренс Груп спаѓа во големи деловни субјекти.

### 3.2 Листа на класи на осигурување

Друштвото има дозвола за работа во следните класи на осигурување:

1. Осигурување од последици на несреќен случај (незгода);
2. Здравствено осигурување;
3. Осигурување на моторни возила (каско);
4. Осигурување на шински возила (каско);
5. Осигурување на воздухоплови (каско);
6. Осигурување на пловни објекти (каско);
7. Осигурување на стока во превоз (карго);
8. Осигурување на имот од пожар и од природни непогоди;
9. Други осигурувања на имот;
10. Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;
11. Осигурување од одговорност од употреба на воздухоплови;
12. Осигурување од одговорност од употреба на пловни објекти;
13. Општо осигурување од одговорност;
14. Осигурување на кредити;
15. Осигурување на гаранции;
16. Осигурување од финансиски загуби;
17. Осигурување на правна заштита;
18. Осигурување на туристичка помош;

**Листа на договори за осигурување во 2024**

| Листа на осигурителни договори | Класа |
|---|---|
| Колективно осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) | 01 |
| Индивидуално осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) | 01 |
| Осигурување на раководители од последици на несреќен случај (незгода) | 01 |
| Осигурување членови на спортски организации од последици од несреќен случај (незгода) | 01 |
| Задолжително осигурување на патници во јавниот превоз од последици на несреќен случај (незгода) | 01 |
| Осигурување на возачи, патници и работници од последици од несреќен случај (незгода) за време на управување и возење на моторни и други возила | 01 |
| Доброволно осигурување на патници во јавниот превоз од последици од несреќен случај (незгода) | 01 |
| Осигурување на гости во хотели, мотели, кампови, бунгалови, капалишта, лекувалишта и слично од последици од несреќен случај (незгода) | 01 |

| | |
|---|---|
| Осигурување на посетители на културно-уметнички, спортски и други приредби од последици од несреќен случај (незгода) | 01 |
| Осигурување на ученици и студенти од последици од несреќен случај (незгода) | 01 |
| Доброволно колективно здравствено осигурување за случај на тешки болести | 02 |
| Доброволно колективно здравствено осигурување  за случај на операции | 02 |
| Приватно здравствено осигурување за вонболничко и болничко лекување | 02 |
| Каско-осигурување на моторни возила | 01, 03 |
| Каско-осигурување на патнички моторни возила | 01, 03 |
| Осигурување од одговорност на превозниците во патниот сообраќај во домашен и во меѓународен транспорт | 10 |
| Осигурување од одговорност на превозниците во патниот сообраќај во домашен и во меѓународен транспорт со организатор на превоз | 10 |
| Осигурување на пратки во домашен транспорт | 07 |
| Осигурување на пратки по генерална полиса | 07 |
| Осигурување на стока во меѓународен транспорт | 07 |
| Осигурување на транспорт на пари и други вредносни пратки во земјата | 07 |
| Осигурување од пожар и од некои други опасности | 08, 09 |
| Осигурување на машини од кршење и од некои други опасности | 09 |
| Осигурување од провална кражба и разбојништво | 08, 09 |
| Осигурување на стакло од кршење | 08, 09 |
| Осигурување на домаќинство | 08, 09, 13 |
| Осигурување на објекти во градба | 08, 09, 13 |
| Осигурување на објекти во монтажа | 08, 09, 13 |
| Осигурување на нисконапонска електронска опрема, електронски сметачи, процесори и слични уреди | 08, 09 |
| Осигурување на имот – мастер полиса | 08, 09, 16 |
| Осигурување на имотот на електростопанските претпријатија | 08, 09 |
| Комбинирано осигурување на семејствата (семеен пакет) | 01, 03, 08, 09 |
| Комбинирано осигурување на продавници и услужни дејности | 07, 08, 09, 13 |
| Комбинирано осигурување на непроизводни дејности – комерцијална полиса | 07, 08, 09, 13, 16 |

| | |
|---|---|
| Осигурување од автомобилска одговорност | 01, 03, 10 |
| Осигурување на сопствениците, односно корисниците на бродови и на чамци на моторен погон од одговорност за штети причинети на трети лица | 12 |
| Осигурување од општа одговорност | 13 |
| Осигурување од одговорност на нотари | 13 |
| Осигурување од одговорност на стечајни управници | 13 |
| Осигурување од одговорност од грешка на здравствени работници | 13 |
| Осигурување од професионална одговорност | 13 |
| Осигурување од одговорност на друштва за ревизија | 13 |
| Осигурување од одговорност на брокери | 13 |
| Осигурување од одговорност на адвокати | 13 |
| Осигурување од професионална одговорност на сметководители | 13 |
| Осигурување од одговорност на архитекти и инжинери | 13 |
| Осигурување од одговорност на работодавецот спрема работниците - вработените | 13 |
| Осигурување од одговорност на директори и раководни лица | 13 |
| Осигурување на гаранции за ТИР карнети | 15 |
| Осигурување на ризикот фалсификат на странски средства за плаќање | 16 |
| Осигурување од опасноста од прекин на работа поради пожар и некои други опасности | 16 |
| Патничко осигурување со дополнително осигурување од незгода и осигурување од спортска незгода | 18 |
| Осигурување на побарувања кај продажба на стоки или услуги со одложено плаќање | 14 |

## 3.3 Организациона структура ( 1.7.2024)




## 3.4 Акционерски капитал и акционери

<table>
<tr><td colspan="2">Назив на издавачот</td><td colspan="3">МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп</td></tr>
<tr><td colspan="2">ЕМБС на издавачот</td><td colspan="3">4067037</td></tr>
<tr><td colspan="2">ЕДБ</td><td colspan="3">4030974258740</td></tr>
<tr><td colspan="2">Број на издадени акции</td><td colspan="3">919162</td></tr>
<tr><td colspan="2">Номинална вредност</td><td colspan="3">20,08 ЕУР</td></tr>
<tr><td colspan="2">Номинален капитал</td><td colspan="3">18 460 449, 608 ЕУР</td></tr>
<tr><td colspan="2">Род на акции</td><td colspan="3">Обични акции</td></tr>
<tr><td colspan="2">Котација</td><td colspan="3">Задолжителна котација / МБХВ АД Скопје</td></tr>
<tr><td colspan="5">СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА НИВО НА ЕМИСИЈА</td></tr>
<tr><td colspan="2">Тип на акционери</td><td>Број на акции</td><td>Бр. на акционери</td><td>Процент од емисијата</td></tr>
<tr><td>Домашни</td><td>Правни лица</td><td>14 416</td><td>43</td><td>1.57%</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | 23 615 | 350 | 2.57% |
| Странски | Правни лица | 879797 | 4 | 95.72% |
| | Физички лица | 1334 | 17 | 0.15% |
| Вкупно | | 919162 | 414 | 100,0 % |

| | |
|---|---|
| **ДОМИНАНТЕН АКЦИОНЕР** | |
| Назив на акционер | VIENNA INSURANCE GROUP AG WIENER VERSIICHERUNG GRUPPE |
| Седиште на акционер | Виена, Република Австрија |
| Адреса на седиште | Шотеринг 30, 1010 Виена, Австрија |
| ЕМБС | ФН 75687 ф (Регистар на трговски друштва на Австрија) |
| Број на акции во сопственост | 879 707 |
| Вкупна номинална вредност на акции | 17.668.335,035 ЕУР |
| % во акционерски капитал | 95.71% |
| **ВТОР АКЦИОНЕР ПО БРОЈ АКЦИИ ВО СОПСТВЕНОСТ** | |
| Назив на акционер | МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје |
| Седиште на акционер | Скопје, Р Македонија |
| Адреса на седиште | Кеј „13 Номеври" бр. 6 |
| ЕМБС | 5168660 |
| ЕДБ: | 4030997339640 |
| Број на акции во сопственост | 2 994 |
| Вкупна номинална вредност на акции | 60 131,5 ЕУР |
| % во акционерски капитал | 0,42 % |
| **ТРЕТ АКЦИОНЕР ПО БРОЈ НА АКЦИИ ВО СОПСТВЕНОСТ** | |
| Назив на акционер | ТИМ ИНЖИЊЕРИНГ ДООЕЛ Скопје |
| Седиште на акционер | Скопје, Р Македонија |
| Адреса на седиште | ул. „Миле Поп Јорданов" бр. 72/45 |
| ЕМБС | 4638948 |
| ЕДБ: | 4030993159515 |
| Број на акции во сопственост | 2 880 |
| Вкупна номинална вредност на акции | 57,841.920 ЕУР |
| % во акционерски капитал | 0,40 % |

### 3.5 Дел од Виена Иншуренс Груп

ДЕЛ ОД **VIENNA INSURANCE GROUP**
ПОРТРЕТ НА КОМПАНИЈАТА

> **Продолжуваме да ја зајакнуваме нашата водечка позиција на пазарот во Централна и Источна Европа, фокусирајќи се на тесна соработка и соработка во рамките на Групацијата. Во исто време, ние сме сигурен и издржлив партнер за нашите засегнати страни.**
> Хартвиг Логер, извршен директор на Виена Иншуренс Груп

Vienna Insurance Group (VIG), со седиште во Виена, е водечка осигурителна групација низ Централна и Источна Европа (ЦИЕ). Повеќе од 50 осигурителни компании и пензиски фондови во 30 земји формираат групација со долготрајна традиција, силни брендови и блиски односи со клиентите. Околу 30.000 вработени во ВИГ се грижат за секојдневните потреби на околу 32 милиони клиенти.

**ОД ПРВ ДВИГАТЕЛ ДО ЛИДЕР НА ПАЗАРОТ ВО ЦИЕ**
ВИГ беше една од првите европски осигурителни групи што се прошири на пазарите во регионот на ЦИЕ по падот на Железната завеса во 1989 година. Чекор по чекор, Групацијата се етаблира на нови пазари и стана број 1 во регионот. Виена Иншуренс Груп става акцент на Централна и Источна Европа како свој домашен пазар и спроведува долгорочна деловна стратегија на своите пазари која е фокусирана на одржлива профитабилност и континуиран раст на заработката. Повеќе од половина од вкупниот обем на бизнис и профит се генерирани во овој регион.

**ЕКСПЕРТИЗА СО ЛОКАЛНА ОДГОВОРНОСТ**
Виена Иншуренс Груп е синоним за стабилност и нуди широк спектар на решенија за заштита од ризик и пензиско осигурување. Големо значење се придава на локалната политика за повеќе брендови со регионално воспоставени брендови и локално претприемништво. На крајот на краиштата, индивидуалните јаки страни на овие брендови и локалната експертиза се тие што овозможуваат близина на клиентите и ја прават Групацијата успешна.

**СИЛНИ ФИНАНСИИ И КРЕДИТЕН РЕЈТИНГ**
Виена Иншуренс Груп доби оценка А+ со стабилна перспектива од меѓународно признатата рејтинг агенција Стандард и Пурс. Акциите на VIG котираат на берзите во Виена, Прага и Будимпешта. Wiener Städtische Versicherungsverein
– стабилниот главен акционер со долгорочен фокус – поседува 72% од акциите на ВИГ. Останатите акции се во слободен промет.

### 3.6 Односи со акционерите

За финансиските односи со поврзаните субјекти податоците се вклучени во белешките кон завршната сметка.

### 3.7 Структура на деловната мрежа

Друштвото својата дејност ја врши преку следните организациски делови: Дирекција и 75 Подружници Експозитури распоредени низ државата.

| | **Назив на подружница**<br><br>**МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп Експозитура** | **Адреса** |
|---|---|---|
| 1. | Скопје | Ул. 11-ТИ Октомври Бр.25 Скопје – Центар |
| 2. | Берово 1 | Ул.Маршал Тито бр.22, Берово |
| 3. | Битола | Ул. Булевар 1-ви Мај Бр.268, Битола |
| 4. | Битола 2 | Ул.Димитар Илиевски Мурато бр.10 локал 7, Битола |
| 5. | Битола 3 | Ул.Новачки пат бр.4, Битола |
| 6. | Битола 4 | Ул.Солунска бр.151, Битола |
| 7. | Битола 5 | Ул.Јорго Османо бр.10 в, Битола |
| 8. | Битола 6 | Ул. Никола Тесла број 34, згр 1/2 кат ПР-2, Битола |
| 9. | Велес | Ул. Димитар Влахов Бр.27, Велес |
| 10. | Велес 2 | Ул.АСНОМ бр.7, Велес |
| 11. | Велес 3 | Ул.Алексо Демниевски-Бауман бр.3/1, Велес |
| 12. | Велешта 1 | Ул. Населено место без уличен систем број 1/А, Велешта, Струга |
| 13. | Гевгелија | Ул.Димитар Влахов бр.7, Гевгелија |
| 14. | Гевгелија 2 | Ул.Маршал Тито бр.101/8, Гевгелија |
| 15. | Гостивар | Ул. Борис Кидрич Бр.115, Гостивар |
| 16. | Гостивар 2 | Ул.Илинденска бр.193, Гостивар |
| 17. | Гостивар 3 | Ул.Гоце Делчев бр.3, Гостивар |
| 18. | Гостивар 4 | Ул.Беличица бр.6, Гостивар |
| 19. | Дебар 1 | Ул.Атанасие Илиќ, ТЦ Мимоза, влез 1, ПР, ДП-7, Дебар |
| 20. | Демир Хисар 1 | Ул.Битолска бр.46, Демир Хисар |
| 21. | Кавадарци | Ул. Илинденска Бр.11, Кавадарци |
| 22. | Кавадарци 2 | Ул.4-ти Јули бр.14 , Кавадарци |
| 23. | Кавадарци 3 | Ул.29-ти Ноември бр.36, Кавадарци |
| 24. | Кичево 1 | Бул.Ослободување бр.44, Кичево |
| 25. | Кочани | Ул. ВМРО Бр.47 кат/приземје-влез 24Б, Кочани |
| 26. | Кочани 2 | Ул.Маршал Тито бр.1, влез 2, кат 1, Кочани |
| 27. | Кочани 3 | Ул.29 Ноември бр.1/3, кат ПР, Кочани |
| 28. | Крива Паланка 1 | Ул.Св.Јоаким Осоговски бр.45, Крива Паланка |
| 29. | Крушево 1 | Ул.Никола Ѓурковиќ бр.1 Крушево |
| 30. | Куманово | Ул. Димитар Влахов Бр.52 локал 3, Куманово |
| 31. | Куманово 3 | Ул. 11 Октомври бр.286, Бедиње, Куманово |
| 32. | Куманово 2 | Ул.ЈНА бр.6, Куманово |
| 33. | Македонски Брод 1 | Ул.Маршал Тито бр.49, Македонски Брод |
| 34. | Неготино 1 | Ул.Јане Сандански бр.1, Неготино |
| 35. | Охрид | Ул. Димитар Влахов Бр.14 ,Охрид |
| 36. | Охрид 2 | Ул.БулеварТуристичка бр.56 А, Охрид |
| 37. | Охрид 3 | Ул. Булевар Туристичка бр.2/1, кат ПР, Охрид |

| | | |
|---|---|---|
| 38. | Прилеп | Ул. Булевар Маршал Тито Бр.36, Прилеп |
| 39. | Прилеп 2 | Ул.11-ти Октомври бр.2/1 ПР- 8 Прилеп |
| 40. | Пробиштип 2 | Ул.Јаким Стојковски бр.7 А Пробиштип |
| 41. | Пробиштип 1 | Ул. Миро Барага бр.7 Пробиштип |
| 42. | Радовиш 2 | Ул. Партизанска бр.32/2, кат ПР Радовиш |
| 43. | Радовиш 1 | Бул.Александар Македонски бр.19А/1-3 Радовиш |
| 44. | Радовиш 3 | Бул. Александар Македонски бр.9В Радовиш |
| 45. | Радовиш 4 | Ул. 22-ри Октомври бр.1/3 кат ПР, Радовиш |
| 46. | Радовиш 5 | Ул.22-ри Октомври бр.1-4, Радовиш |
| 47. | Ресен | Ул.29-ти Ноември бр.176/1, кат 01-32 Ресен |
| 48. | Ресен 2 | Ул. 29-ти Ноември бр.1/1 кат ПР бр.1 Ресен |
| 49. | Свети Николе | Ул. Плоштад Илинден Бр.19 Свети Николе |
| 50. | Скопје 2 | Ул.Бојмија бр.1 локал 19 Скопје Аеродром |
| 51. | Скопје 3 | Ул.Александар Македонски бр.9 лок 40, Скопје, Гази Баба |
| 52. | Скопје 4 | Ул. Бул. Партизански Одреди Бр.46 А , бр.1 , влез 1,лок.3, Скопје, Центар |
| 53. | Скопје 5 | Ул.Бихаќка бр.3/Лок.15 Скопје,Кисела Вода |
| 54. | Скопје 6 | Ул. Втора Македонска Бригада Бр.1/1, кат ПР Скопје,Чаир |
| 55. | Скопје 7 | Ул. Втора Македонска Бригада Бр.2/5 кат ПР,Скопје,Чаир |
| 56. | Скопје 8 | Ул. Беласица бр.1/1 кат ПР-1 Скопје, Центар |
| 57. | Скопје 9 | Ул.Димитрие Чуповски бр. 68 згр.1/1-1, Скопје, Центар |
| 58. | Скопје 10 | Ул. Стив Наумов бр.19/2 -ДП 5 Скопје, Центар |
| 59. | Скопје 11 | Ул. Балзакова Бр.32 бр.1/1-4 Скопје, Кисела Вода |
| 60. | Скопје 12 | Ул.Бутелска бр.17А Скопје, Бутел |
| 61. | Скопје 13 | Ул.Рудо 33 Г, Скопје, Бутел |
| 62. | Скопје 14 | ул. 3-та Македонска Бригада 1 бр. 31 зграда 1/1, приземје, Скопје, Аеродром |
| 63. | Скопје 15 | Ул. Наум Наумовски Борче бр.40/1-2 Скопје, Центар |
| 64. | Скопје 16 | Бул.Видое Смилевски Бато бр.51/2, кат ПР-15, Скопје Аеродром |
| 65. | Струга 1 | ул. Ј.Сандански бр. 1, влез 1, кат ПР, Мислешево, Струга |
| 66. | Струга 2 | Ул. Пролетерски Бригади бр.1/1 кат ПР, Струга |
| 67. | Струмица 1 | Ул.Ленинова бр.74, Струмица |
| 68. | Струмица 2 | Ул.Климент Охридски бр.62, Струмица |
| 69. | Струмица 3 | Ул. Братство Единство бр.51 ,Струмица |
| 70. | Тетово | Ул.Илирија бр.36, Тетово |
| 71. | Тетово 2 | Ул.Видое Смилевски Бато бр.1, Тетово |
| 72. | Тетово 3 | Ул. Маршал Тито бр.58, Тетово |
| 73. | Тетово 4 | Ул.Борис Кидрич бр.91, Тетово |
| 74. | Штип | ул. Тошо Арсов бр.56, Штип |
| 75. | Штип 3 | Ул. Борис Крајгер бр.14, Штип |

Во рамките на овие организациски делови функционираат повеќе сектори и служби, кои ги извршуваат клучните и другите деловни функции на Друштвото.

**4. Управување со ризици**

Друштвото континуирано ги идентификува, ги проценува и ги контролира ризиците на кои е изложено во текот на својата работа и управува со тие ризици на начин што ќе обезбеди трајно одржување на степенот на изложеност, кој нема да ги загрози имотот и работењето на Друштвото, односно ќе обезбеди заштита на интересите на акционерите, осигурениците, оштетените трети лица и на други доверители на Друштвото во согласност со позитивните прописи. Управувањето со ризици на Друштвото е дефинирано во посебна програма, која се одобрува годишно од органот на управување и од органот на надзор.

Програмата редовно се доставува до регулаторот. При изготвување на програмата се почитувани принципите од вториот дел на Солветност 2 Директивата на Европската Унија (EU Solvensy II Directive, pillar II) за управување во согласност и насоките на Виена Иншуренс Груп што важат за земји што не се членки на ЕУ.

Друштвото во однос на својата дејност е изложено на повеќе ризици. Тука спаѓаат: стандардните ризици од дејноста осигурување, ризиците за неживотно и здравствено осигурување, како и ризиците од инвестициите (пазарниот ризик), некои општи ризици како кредитниот ризик и оперативниот ризик. Освен овие, Друштвото е подложно и на стандардните ризици на кои се подложни сите трговски друштва, како што се: репутациски и стратегиски ризик.

Друштвото за осигурување работи на начин што обезбедува ризиците на кои е изложено при вршење на работи на осигурување да не ги надминат ограничувањата предвидени со Законот за супервизија на осигурувањето.

За Друштвото културата на управување со ризиците е составен дел од секојдневната работа и ја опфаќа општата свесност за ризиците на секое ниво. Тоа се постигнува со континуирано подигнување на свесноста на секој вработен за потребата и нужноста за управување со ризиците, првенствено со нивно активно вклучување во процесите на управување со ризиците, со јасно одредување на улоги и одговорности на секој вработен во рамките на системот за управување со ризици, обезбедување на непречен тек на информации од Управниот одбор до нивото на оперативниот извршител и обратно.

Друштвото има имплементирано Систем за управување со ризици, кој се состои од организациски единици за управување со ризици и процеси за управување со ризици.
Организациски единици за управување со ризици се сите сектори/служби на Друштвото и органи за донесување одлуки што се вклучени во Системот за управување со ризици на Друштвото. Севкупната одговорност за функционирањето на Системот за управување со ризици во Друштвото ја носи Управниот одбор.

За понатамошно зајакнување на културата за управување со ризици во рамките на Друштвото и за интегрирање на носителите на ризици во процесите за управување со ризици, во 2024 формиран е Сектор за управување со ризици. Во организациските единици за управување со ризици се вградени процеси за управување со ризиците.

Процесите за управување со ризиците се состојат од 6 важни делови или фази:

- идентификација на ризикот;
- мерење на ризикот;
- анализа на ризикот;
- мерки за управување со ризикот;
- набљудување на ризикот;
- известување за ризикот.

Во текот на 2024 година, во Друштвото се спроведени три процеси врз основа на системот за управување со ризици на групацијата, систем на интерни контроли, каталог на ризици и проценка на сопствениот ризик и солвентност.

**Системот на интерни контроли** е континуиран процес на управување со оперативните ризици и не само што обезбедува ефективни контроли од аспект на усогласување со позитивните прописи туку е и важна алатка за правилно деловно одлучување.

**Каталогот на ризици** е имплементиран како поддршка на Друштвото во идентификацијата и процената на севкупните ризици и обезбедува информации за целосниот профил на ризици на Друштвото и на носителите на ризици. На тој начин го поддржува раководството во донесување оптимални одлуки во согласност со планот на работење на Друштвото.

**Проценка на сопствениот ризик и солвентност** се спроведува врз база на резултатите од севкупниот процес на управување со ризици. Во смисла на претходното, при неговото спроведување во предвид се земаат каталогот на ризици,системот на интерни контроли, сите континуирани процеси во Друштвото кои се поврзани со управувањето на ризици, планот за работа, стратегиската поставеност на Друштвото, како и релевантни пресметки за солвентноста, тековни и очекувани.

Процените на ризиците се базираат на квалитативен пристап по табела за фреквенција и големина или експертска процена.

При процесот на евалуација на системот за интерни контроли се идентификувани 287 ризици, каде што ефикасноста на контролните механизми е 981%.

Со каталогот на ризици се идентификувани и категоризирани сите ризици на Друштвото во девет категории на ризици, вклучувајќи ги и нивните подризици, како што следува:

1. **Пазарен ризик**

    1.1. Каматен ризик
    1.2. Ризик од промена на пазарните цени на хартиите од вредност
    1.3. Ризик од промена на цената на имотот
    1.4. Ризик од промена на вредноста како резултат на отстапување на кредитниот ризик од очекуваниот кредитен ризик.
    1.5. Ризик од концентрација
    1.6. Девизен ризик

2. **Ризик поврзан со неживотно осигурување**

    2.1. Ризици што се однесуваат на премии/резерви
    2.2. Ризици што се однесуваат на прекини
    2.3. Ризик од изложеност на катастрофи
    2.4. Ризик од концентрација на осигурувања

3. **Ризик поврзан со здравствено осигурување**

    3.1. Ризици што се однесуваат на премии/резерви
    3.2. Ризици што се однесуваат на прекини
    3.3. Ризик од изложеност на катастрофи

4. **Ризик на нематеријални средства**

5. **Ризик од неисполнување на обврските од другата страна**

   5.1. **Тип 1** - Ризик загуба/промена на вредност како резултат на неисполнување на обврските на спротивната страна што не се покриени со спреад ризик
      5.1.1.1. Ризик од неисполнување на обврските на реосигурувачот
      5.1.1.2. Ризик од неисполнување на обврските на финансиски компании
      5.1.1.3. Ризик од неисполнување на обврските од трета страна
   5.2. **Тип 2** - Ризик што произлегува од неисполнување на обврските на спротивната страна, кој е диверзифициран, а не е опфатен со ризик од неисполнување на обврските на спротивната страна тип 1 и спреад ризик

6. **Ликвидносен ризик**

7. **Оперативен ризик**

   7.1. Ризик од прекин на работа
   7.2. Ризик од концентрација на знаење
   7.3. Ризик од недостиг на човечки ресурси
   7.4. Ризик од хардвер и инфраструктура
   7.5. Ризик од софтвер и информатичка безбедност
   7.6. Ризик што се однесува на модели и квалитет на податоци
   7.7. Ризик на развој на ИТ
   7.8. Проектен ризик
   7.9. Ризици поврзни со регулативата и усогласување со неа
   7.10. Ризици поврзни со надврешен криминал
   7.11. Ризик од недостиг или неуспешни процеси
   7.12. Ризик од човечка грешка

8. **Стратегиски ризик**

9. **Репутациски ризик**

**Пазарен ризик**

Пазарниот ризик претставува ризик од потенцијална загуба што Друштвото би ја претрпело поради промена на вредноста на билансните позиции како резултат на промената на финансиските фактори на пазарот (движење на каматни стапки, девизен курс, цени на имот, цени на акции и сл.).

Друштвото настојува да биде во состојба соодветно, навремено и во целост да одговори на обврските по договорите за осигурување. Вложувањето на средствата се врши така што се има предвид усогласеноста на роковите на вложувањата со доспевањето на обврските. При инвестирањето се важни диверзификацијата на субјектите и финансиските инструменти во кои се вложуваат средствата. Претходното е со цел соодветен поврат од вложувањата. За пласирање на средствата на осигурување, каматните стапки се усогласуваат со движењето на стапките на пазарот за пари и капитал за да обезбедуваат зачувување и зголемување на реалните вредности на пласираните средства. Најголем дел од договорите за осигурување се краткорочни и каматниот ризик се намалува преку вложување во должнички инструменти. Се следи пазарот на хартии од вредност и во согласност со промените се врши вреднување на вложувањата во хартии од вредност. Се врши анализа на промената на економската вредност на портфолиото на финансиските инструменти и портфолиото на недвижности.

Во врска со договорите за осигурување кај кои обврските се изразени во странски валути се следат и флуктуациите на девизниот курс. Принципот на управување на Друштвото со девизниот ризик е да се оствари и да се одржува усогласеност на побарувањата во странска валута во однос на обврските во странска валута. Исто така, овој однос се одржува и од перспектива на доспеаноста на обврските и побарувањата во странска валута. Методите за мерење на девизниот ризик вклучуваат: следење и анализа на ризикот по позиции и збирно, валутна структура на билансот на состојба, валутна структура на девизните средства, сензитивна анализа и други методи. Најголем дел од средствата и обврските се во евра. Курсот на денарот и неговата стабилност, девизните резерви на Централната банка и нејзините можности за интервенција, монетарната политика на Централната банка се фактори што имаат посредно или непосредно влијание и ги определуваат нивото и изложеноста на девизен ризик на Друштвото.

Групите на средствата што се дозволени и начинот на нивното вложување поблиску се пропишани со Законот за супервизија на осигурувањето.

Друштвото тековно врши приспособување на вложувањата што се однесуваат на средствата што ги покриваат техничките резерви, а кои се изложени на ризик од потенцијални загуби поради промена на каматните стапки, флуктуации на девизниот курс и други пазарни ризици, со обврските што произлегуваат од договорите за осигурување врз кои влијаат овие промени.

Средствата за покривање на техничките резерви се пласираат во согласност со Законот за супервизија на осигурувањето.

Во Друштвото се обезбедува книговодствена и оперативна евиденција, која овозможува увид во состојбата на пласманите од сите средства по корисници и услови за користење.

**Ризик поврзан со неживотно осигурување**

Ризикот поврзан со неживотно осигурување е ризик што произлегува од обврските за неживотно осигурување и реосигурување, во однос на прифатените ризици и процесите при работењето. Овој ризик е ризик дека идните исплати на штети нема да бидат покриени со приходот од премија или дека техничките резерви не се доволни бидејќи идните трошоци и штети се разликуваат од претпоставките користени при утврдување на резервите.

Правилното управување и доброто познавање на овој ризик се клучни за Друштвото, чие портфолио се состои од речиси сите видови неживотно осигурување.

Управувањето со овој ризик се остварува преку спроведување соодветни акти за прием во осигурувањето. Воспоставени се соодветни нивоа на овластувања за сите вработени што работат на прием во осигурувањето и продажба. Тековно се следи профитабилноста на секој производ одделно со детектирање на сегментите што може да влијаат врз влошување на резултатот. Преку интегрираниот систем на евиденција и обработка на податоците, се овозможува следење на резултатите за секој клиент одделно. Тоа овозможува селекција на квалитетни клиенти и формирање на портфолија за одделните видови производи, кои ќе генерираат позитивни резултати.

Друштвото континуирано врши анализа и измена или дополнување на постојните услови и тарифи за осигурување, како и подготовка на нови производи.

Со обезбедување на повеќе реосигурителни договори, вклучително и реосигурително покритие за природни катастрофи со широк опсег, Друштвото дел од својот ризик го пренесува на реосигурувачот, со цел да се ограничи нето-потенцијалната загуба низ диверзификација на ризикот.

Заради трајно обезбедување на извршувањето на обврските по договорите за осигурување, се формираат технички резерви. Квартално до регулаторот се доставува информација за износот на техничките резерви, со мислење на овластениот актуар и тековна анализа на користените претпоставки и тестирање на адекватноста на издвоените резерви.

**Управување со ризикот од резервирање**

Друштвото има конзистентна политика за управување со ризикот од резервирање т.е има воспоставено редовен актуарски циклус за проценка на техничките резерви, вклучувајќи анализа на моделите, податоците, методите и претпоставките кои се дел од нив, бруто и нето од реосигурување. На редовна основа се спроведува тестирање на проценките на резервите од претходните периоди и доколку има потреба се корегираат моделите.

Во текот на 2024 година, поради процесот на припојување на Винер осигурување кон Македонија осигурување, анализата на техничките резерви е изработена за портфолијата на двете друштва, со цел прилагодување на моделите за проценка во процесот на припојување и различната динамика на развој на портфолијата во досегашната пракса.
Друштвото нема значителна промена во користените модели за проценка на техничките резерви во споредба со претходната година. Со крајот на 2024 позначително отстапување се забележува кај проценетите резерви за штети, дел од големи пријавени специфични штети, дел од повторно отворени штети и ревизија на судските штети во процесот на припојување. Друштвото континуирано ги следи динамичните промени во економското опкружување, пред се значителниот пораст на инфлацијата, кој последователно носи зголемени ризици во однос на сите процеси за управување со ризици.

Како одговор на влијанието на високата инфлација на обврските за штети на Друштвото, во моделите за проценка на резервите за штети претпоставката за инфлација е внесена имплицитно во податоците за проценка.

Во производите на Друштвото, каде што има потреба и можност, внесена е опција за корекција за сумите на осигурување и премијата.

Во рамките на своите редовни процеси на работа, како резултат на соодветните анализи и контроли, назначениот актуар на Друштвото со крајот на 2024 процени и потврди дека техничките резерви се на ниво со кое Друштвото може редовно и долгорочно да ги исполнува сите свои обврски по договорите за осигурување и евентуалните загуби поради ризиците кои произлегуваат од работите на осигурување кои ги извршува. Друштвото има внимателен пристап на резервирање подолг период, со посебен акцент во класите со долг опаш каде е определена позначителна маргина за неповолни отстапувања, имајќи ги во предвид природата на развојот на штетите во тоа портфолио.

Определеното ниво на техничките резерви на Друштвото обезбедува сигурност на извршување на обврските кон осигурениците и заштита на капиталот на долг рок.

Со крајот на 2024 направени се анализа на сензитивност и стрес тест на определени претпоставки, кои произлегуваат од реални сценарија, релевантни за портфолиото на Друштвото. При тестирањето е утврдено дека само значителни промени на претпоставките и шокови предизвикани од големи штети во комбинација со природни непогоди во текот на една година би имале значително влијание на капиталот на Друштвото и остварувањето на неговата бизнис стратегија. Поради припојувањето и значителното зголемување на изложеноста на друштвото во автомобилската одговорност, со стрес тест и сензитивна анализа на развојните фактори и претпоставки за идна инфлација, се утврдува дека движењето во резервите за штети во ова портфолио би имало значително влијание на

капиталот на Друштвото. Со цел да се намали влијанието на промената на резервите за штети на профитабилноста на друштвото, континуирано се следи нивото на резервите за штети во ова осигурување и остварување на позитивен РанОф резултат.

**Ризик од неисполнување на обврските на спротивната страна**

Овој ризик претставува загуба или неповолна промена во вредноста на средствата и финансиските инструменти поради неможност договорните страни или должниците да ги подмират своите обврски во договорениот износ и рокови.

Друштвото управува со овој ризик првично преку приемот во осигурување со пресметка на код на анализа на клиентите и анализа на солвентноста на клиентите. Побарувањата се следат на месечна основа и се утврдува нивната наплатливост. Во согласност со утврдената состојба се утврдува нивото на резервации на побарувањата по основа на премија и од страна на секторот за контрола на побарувањата се врши обезбедување нивна наплата.

Во согласност со Законот за супервизија на осигурувањето, поточно лимитите по основа на вложувања на средствата што ги покриваат техничките резерви и капиталот, Друштвото, со цел дисперзија на ризикот, ги пласира средствата во депозити кај голем број банки и во хартии од вредност издадени од Република Северна Македонија или од Народната Банка на Република Северна Македонија.

Во вложувањата во хартии од вредност Друштвото поседува сопственички хартии од вредност расположиви за продажба и должнички хартии од вредност, кои се чуваат до доставувањето, т.е. државни записи издадени од Република Северна Македонија.

Со цел да се намали ризикот од неможност реосигурувачите да ги исплатат своите обврски, Друштвото има воспоставено правила за избор на реосигурувачи/брокери преку следење на нивнот рејтинг од официјални рејтинг-агенции (S&P, AM Best, Moody’s), како и стратегијата на групацијата.

Друштвото соработува со локални осигурителни брокери и друштва за застапување што ги исполнуваат условите за работење во согласност со Законот за супервизија на осигурувањето и се овластени за работење од страна на Агенцијата за супервизија на осигурувањето. Пред потпишувањето договор за деловна соработка, Друштвото се уверува дека дистрибутивниот канал е финансиски стабилен и дека има воспоставено адекватни процеси на работа и на продажба што одговараат на начинот и на политиките на работа на Друштвото.

**Ликвидносен ризик**

Ризикот на неликвидност претставува ризик дека Друштвото нема да може да обезбеди доволно парични средства за подмирување на своите обврски во моментот на нивното достасување или потребните средства да ги обезбеди со многу повисоки трошоци.

Друштвото управува со ризикот од неликвидност преку управување со активата и пасивата на начин што ќе овозможи навремено плаќање на обврските во нормални или во вонредни услови на работење. Планирањето на очекуваните приливи и одливи на парични средства е преку редовна контрола на ликвидноста и усвојување мерки за спречување или отстранување на причините за евентуална неликвидност. На 31.12.2024 година коефициентот на ликвидност на Друштвото изнесува 10.81. Во текот на 2024 година, и покрај околностите во врска со процесот на припојување и економското опкружување, Друштвото имаше стабилна тековна ликвидносна позиција, ги одржуваше стапките на ликвидност над минималното пропишано ниво и усогласени со интерните лимити.

**Оперативен ризик**

Оперативниот ризик е ризик од потенцијална загуба предизвикана од неадекватни и неуспешни внатрешни процеси и контроли, предизвикани од вработените, системот или неповолни надворешни настани. Оперативниот ризик го вклучува правниот ризик, но ги исклучува стратегискиот и репутацискиот ризик.

Во процена на оперативниот ризик, како и во неговата контрола, се вклучени сите носители на ризик бидејќи неговото појавување е можно во сите сегменти од работењето. Процената се врши со квалитативна метода и сите подризици (дефинирани во каталогот на ризици) заедно со носителот на ризик, методите на процена, добиените резултати, имплементираните контроли и нивната корисност, се документираат во матрицата на системот за интерни контроли, а агрегираниот резултат на процената за цел оперативен ризик се документира во матрицата на каталогот на ризици.

Друштвото управува со овој ризик на тој начин што воспоставува значаен број контроли за секој подризик одделно со имплементација на сигурносни контроли, пишани политики, правилници и упатства.

Континуирано се вршат управување со работењето на вработените, нивна едукација, делегирање на работните активности и задачи, како и мерење на извршувањето на вработените со цел да се обезбедат непречено спроведување на финансиско-материјалното работење и правилна примена на законските прописи при постигнување на стратегиските цели на Друштвото.

Друштвото има воспоставено план за обезбедување континуираност во работењето (Bussines Continuitius Plan). Планот воспоставува менаџерски тим што има право, должност и одговорност за обезбедување континуираност на Друштвото во ситуации, состојби и инциденти што не може да се предвидат, а кои би можеле да имаат значително негативно влијание врз работењето на Друштвото. Посебна одговорност во планот претставува обезбедувањето сигурност на информатичкиот систем на Друштвото, во смисла на обезбедување на податоците и на информациите на Друштвото што се круцијални за работењето.

Со цел да се поддржат главните активности на Друштвото во смисла на навремено и точно обезбедување на податоците, креирани се високоефективни оперативни ИТ-системи, кои се однесуваат на прием во осигурувањето, реосигурувањето и штетите. Покрај претходно споменатите, креирани се системи што се однесуваат на човечките ресурси, на финансиите и на другите области од оперативното работење на Друштвото. Безбедноста на претходно споменатите системи се обезбедува преку поставена хардверска опрема, политики и процедури на безбедност, како и високообучен кадар.
Контролата на ИТ-системот се остварува преку политики и процедури, лиценци за користење на информатички оперативни системи и обезбедување сигурносни, резервни и заштитни копии. Со обезбедувањето висока контрола на пристап до информатичкиот систем се обезбедува сигурност од неовластен пристап до информациите и до податоците за деловното работење на Друштвото.

Друштвото има усвоено посебни акти за усогласување со прописите, како контрола на исполнувањето на обврските на Друштвото што произлегуваат од позитивните прописи. Контролата се спроведува преку имплементирање задолженија предвидени во – посебна исправа за остварување на функцијата усогласување со прописи. Преку соодветни и навремени консултации се обезбедува вработените да ги извршуваат своите секојдневни работни задачи во согласност со позитивните прописи.

Согласно измените во регулативата, во 2024 година се изврши ажурирање на постојните и донесување на нови интерни акти на Друштвото со цел законските обврски како и обврските на Групациско ниво да се имплементираат во интерни акти со цел работењето на Друштвото да биде целосно усогласено од регулаторен аспект.

Со цел подобрување на корпоративното управување на Друштвото, беа ревидирани и Кодексот на деловна етика, интерните и ВИГ Групациските акти за управување со документи, реосигурување, за следење и постапување во случај на меѓународни санкции, за спречување на злоупотреба на пазарот, за аутсорсинг, за усогласување со регулатива, за информатичка технологија, за реосигурување, заштита на личните податоци, регулатива за човечки ресурси – оценување на квалификуваноста и подобноста на клучните лица, наградување, регулатива за работата на внатрешната ревизија и други.

Во текот на 2024 година, беше вршена континуирана контрола и соодветна анализа на сите промени во законската и подзаконската регулатива, како и контрола на донесените меѓународните санкции и континуирано следење на имплементираните измени и дополнувања на листите на санкции на Обединетите Нации (ОН), Соединетите Американски Држави (САД), Европската Унија (ЕУ) и Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска (ОК) особено (Канцеларија за контрола на странски средства) OFAC листата на кои се лица и ентитети, државјани на Република Северна Македонија, а кои во моментот на воведување на санкциите се клиенти на Друштвото односно се јавуваат како потенцијални клиенти за во иднина.

Во текот на 2024 година се вршеше континуирана анализа со цел да се идентификуваат, проценат и документираат можни ризици од неусогласеноста со регулативата. Во Друштвото се воспоставени адекватни механизми за контрола на овие ризици.

Предмет на анализата беа основните полиња со ризици за неусогласеност, утврдени во Планот за усогласеност со прописите : осигурување; заштита на потрошувачи; корпоративно управување; превенција од злоупотреба на пазарот; заштита на конкуренцијата; финансиски криминал: регулатива поврзана со поткуп, проневера, измама и слично; заштита на лични податоци и приватност; работни односи; економски санкции и ембарга; Кодекс за деловна етика на VIENNA INSURANCE GROUP; Политики/Упатства на VIENNA INSURANCE GROUP кои се задолжителни за сите членки на групацијата.

Вработените континуирано беа информирани за сите измени, дополнувања и донесување на нови законски, подзаконски прописи и интерни односно прописи на Групациско ниво кои се од интерес и имаат влијание на нивното оперативно работење. Преку соработка и комуникација со институциите на системот и со инспекциските служби што се дел од нив, се обезбедува навремено исполнување на сите обврски на Друштвото и избегнување на прекршочни санкции.

Согласно измените во регулативата, во 2024 година се изврши ажурирање на постојните и донесување на нови интерни акти на Друштвото со цел законските обврски како и обврските на Групациско ниво да се имплементираат во интерни акти и регулативи со цел работењето на Друштвото да биде целосно усогласено од регулаторен аспект.

Во однос на законските и подзаконските прописи донесени во текот на 2024 година кои го регулираат осигурувањето, се постапува од страна на надлежните сектори во Друштвото, секој во својот домен, со цел новините односно измените и дополнувањата утврдени во

истите доколку е потребно да се транспонираат во интерните прописи на Друштвото заради целосно усогласување со законските и подзаконските барања.

Резултатот од процесот на попишување на ризиците што се однесуваат на усогласување со прописите спроведен во 2024 година истакна дека Друштвото има воспоставено адекватни механизми за контрола на овие ризици. Друштвото соодветно ги контролира сите ризици што се поврзани со усогласувањето со прописи. Профилот на предметните ризици на Друштвото е низок.

Соодветни извештаи за идентификација на ризиците поврзани со усогласеноста со регулативата се доставени до органот на управување на друштвото и организациската единица за усогласеност на мнозинскиот акционер.

Од другите ризици треба да се споменат и:

**Стратегискиот ризик** – кој е ризик од неповолно работење што се однесува на несоодветни деловни и инвестициски одлуки, на неадекватна комуникација и остварување на целите или на недоволен капацитет за приспособување на промените во економското опкружување.

Контролата на овој ризик пред сè се остварува преку подготовка и примена на повеќегодишен деловен план одобрен од Надзорниот одбор на Друштвото. Друштвото е насочено кон креирање актуелна бизнис-стратегија, развој на нови производи, усовршување на каналите на продажба и аквизиции, при што се зема предвид влијанието на целокупното пазарно опкружување. Бизнис-стратегиите главно се изготвуваат со цел да се насочат активностите кон профитабилност, избегнување на финансиски загуби и оптимизација на процесите на функционирање.

Воспоставената бизнис-стратегија се следи континуирано со преглед на реализираната состојба според она што е планирано, вклучувајќи ги разгледувањето на достигнатото ниво на премија, промената во премиските стапки, техничкиот резултат, трошоците, како и целокупната профитабилност на секоја класа на осигурување одделно. Тековно се набљудува и осигурителниот циклус на пазарот преку промените на премиски стапки, кои се следат со промената на премија, франшизите и условите на осигурување. Воедно се разгледува и однесувањето на другите конкуренти на пазарот со цел да не ја нарушат планираната бизнис-стратегија во однос на новите производи и на продажната мрежа.

Основна цел на Друштвото е да го задржи својот статус на доверливо друштво за осигурување со урамнотежен однос на преземени ризици и остварен профит.

**Репутацискиот ризик** е ризик од неповолен развој на работењето поврзан со наштетување на репутацијата на Друштвото. Губењето на репутацијата може да ја наруши довербата на клентите, на инвеститорите или на вработените во Друштвото и на тој начин да доведе до финансиска штета.

Друштвото во секој дел од своето работење се стреми за одржување култура на добро деловно однесување, транспарентност на пазарот, понуда на производи со прецизно дефинирани услови на осигурување и тарифи, фокусираност кон клиентите и зголемување на квалитетот на услугите и учество во општествениот живот преку низа проекти што имаат социјален импакт на заедницата.

Во текот на оваа година, направена проценка на ризикот на одржливост во рамките на редовните процеси за управување со ризици, врз основа на постоечката матрица на ризици со која е утврдено дека истиот нема значително неповолно влијание на профилот на ризици на Друштвото.

Од аспект на управувањето со ризици, и оваа година посебно е важна активноста на Друштвото во изработка на финансиските извештаи во однос на новиот сметководствен стандард МФСИ17/МФСИ9 за потребите на финансиското известување кон Групацијата. Ризиците кои произлегуваат од имплементацијата на новите стандарди се воглавно од областа на оперативниот ризик.

Со сите процеси за управување со ризици во текот на 2024 година, анализирана е целокупната работа на Друштвото во услови на динамично опкружување и генерирани се резултати врз основ на кои е утврдено дека процесите во Друштвото во текот на 2024 генерално се изведуваат непречено, со соодветни мерки и активности за подобрување на работата на Друштвото. Друштвото успешно ги менаџира тековните и ново појавените ризици кои ги наметнуваат пазарните промени, со задржување на нивото на стабилност во однос на солвентноста и ликвидноста на Друштвото.

**Управување со капиталот**

Друштвото ги утврдува сопствените средства и адекватноста на капиталот во согласност со пропишаната регулатива од страна на Агенцијата за супервизија на осигурувањето. Друштвото за осигурување е должно во секое време да располага со соодветен капитал во однос на обемот на работа и класите во рамките на кои врши работи на осигурување, како и ризиците на кои е изложено при нивното извршување.

Пресметката на маргината на солвентност е во согласност со членот 75, став 1 (како барање врз основа на Солвентност 1 директивата ), а гарантниот фонд е дефиниран со член 77 од Законот за супервизија на осигурувањето**.**

| во 000 ден. | 2024 | 2023 |
|---|---|---|
| Маргина на солвентност | 243,413 | 226,146 |
| Гарантен капитал | 276,728 | 276,728 |

Маргината на солвентност. пресметана по метод на премија е во пораст во однос на истиот период од минатата година поради зголемување на коефициент нето/бруто ликвидирани штети во годишниот период на разгледување, иако во споредбените периоди има намалување на бруто полисираната премија.

## 5. Извештај за корпоративно управување

Системот за корпоративно управување во Друштвото е поставен во согласност со стандардите на позитивните прописи на Република Северна Македонија. Во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва, Законот за супервизија на осигурувањето, подзаконските акти на Агенцијата за супервизија на осигурување, Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, како и одредбите од Статутот, во Друштвото е воспоставен двостепен систем на управување.

Карактеристика на системот на корпоративно управување во Друштвото е постојана интеракцијата со регулаторот во согласност со одредбите од Законот за супервизија на осигурувањето. Управувањето и надзорот во Друштвото се детално регулирани со посебни акти на Друштвото, каде што со одлука на органот на надзор е извршена и детална поделба на надлежностите, одговорносите и функциите на членовите на Управниот одбор.

Транспаретноста и спречувањето на судирот на интереси се посебна вредност на системот на корпоративно управување на Друштвото. Управниот одбор е посветен на адекватно и навремено информирање на сите заинтересирани страни. Преку системот за електронски информации за котираните друштва на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје се објавуваат сите информации што се значајни за работењето на Друштвото. Информации за работењето на Друштвото дополнително се објавуваат и на официјалната интернет-страница на Друштвото.

Постапката за именување и разрешување, нивните квалификации, критериумите за независност, дефинирањето на материјалниот интерес и деловниот однос со Друштвото на членовите на органот на надзор и членовите на органот на управување се определени со позитивните прописи на Република Северна Македонија.

### 5.1 Надзорен одбор

Во согласност со одредбите од Статутот, Надзорниот одбор на Друштвото е составен од 6 (шест) члена, од кои еден од членовите е именуван за претседател и еден од членовите е именуван за потпретседател.

Со датум 31.12.2024 година, членови на Надзорниот одбор на Друштвото се:

- **г. Кристоф Ратх** (Cristoph Rath), претседател на Надзорниот одбор;
- **г. Габор Лехел** (Gabor Lehel),потпретседател на Надзорниот одбор;
- **г. Андреја Јосифовски,** член на Надзорниот одбор;
- **г. Реинхард Гојер** (Reinhard Gojer), член на Надзорниот одбор;
- **г. Филип Бардас (**Philipp Bardas), член на Надзорниот одбор.
- **г.Зоран Димов** (Zoran Dimov), член на Надзорниот одбор;

Надлежностите и одговорностите на органот на надзор во Друштвото се детерминирани во позитивните прописи на Република Северна Македонија, како и во актите на Друштвото. Дополнително и определени акти на Друштвото ги детализираат надлежностите и одговорностите на Надзорниот одбор.

Во текот на деловната 2024 година Надзорниот одбор на Друштвото одржа вкупно 12 XX ( дванаесет) седници. На седниците што се одржаа, Надзорниот одбор ги презеде сите активности во врска со извршувањето на функцијата на надзор, одобрување на одлуки на

Управниот одбор во однос на деловната политика и финансиските планови, застапување на Друштвото кон членовите на Управниот одбор, одржување и унапредување на објективноста и на професионалното функционирање на системот за внатрешна ревизија, разгледување на определени наоди и решенија донесени од регулаторот, заштита на акционерскиот капитал.

Во 2024 година посебно се истакнува учеството на Надзорниот одбор во ефикасното продолжување на започнатиот процес на статусната промена – присоединувањето на ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп како друштво што се присоединува кон МАКЕДОНИЈА осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп како друштво што презема преку дополнителните активности и донесување на соодветни одлуки.Преку анализа на соодветни извештаи, одобрување на посебни акти и дејства доставени од страна на Управниот одбор, Надзорниот одбор во целост ја оствари својата контролна функција. При одржувањето на седниците на органот соодветно се применуваа одредбите од позитивните прописи на Република Северна Македонија и актите на Друштвото. За сите состаноци што се одржаа во текот на деловната 2024 година се изготвени соодветни записници, од каде што може да се констатираат и одлуките на одборот. Одлуките штои се донесени од одборот се соодветно спроведени во Друштвото, како и пред надлежните органи.

### 5.2 Управен одбор

Членовите на Управниот одбор управуваат со Друштвото, обезбедуваат Друштвото да работи во согласност со правилата за управување со ризик, во согласност со одредбите од Законот за супервизија на осигурувањето, вршат контрола над ризиците од работењето, обезбедуваат Друштвото соодветно да ги води трговските книги и другата сметководствена документација, ги вреднуваат ставките во деловните биланси и изготвуваат периодични и годишни извештаи. Организациската поставеност, како и работењето на Управниот одбор во Друштвото, се во целост во согласност со позитивните прописи.

Во согласност со одредбите од Статутот, Управниот одбор на Друштвото е составен од 5 (пет) члена, од кои еден од членовите е именуван за претседател и еден од членовите е именуван за потпретседател. Со датум 31.12.2024 година, членови на Управниот одбор на Друштвото се:

- **г. Бошко Андов,** претседател на Управниот одбор;
- **г. Климе Попоски,** потпретседател на Управниот одбор;
- **г-ѓа Весна Ѓорчева,** член на Управниот одбор;
- **г-ѓа Татјана Димов,** член на Управниот одбор:
- **г-дин Озрен Марјановиќ,** член на Управниот одбор;

Претседателот на Управниот одбор на Друштвото истовремено го носи и називот Генерален директор на Друштвото и е лице со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет, согласно Статутот на Друштвото.

Заради одржување и унапредување на пазарната позиција и зачувување на конкурентноста на Друштвото на пазарот, во текот на деловната 2024 година Управниот одбор редовно ги следеше сите состојби во осигурителната дејност и детално ги разгледуваше извештаите од работењето на другите осигурителни друштва презентирани од регулаторот и од Националното биро за осигурување. Управниот одбор постојано ги следи ликвидноста и солвентноста на Друштвото, резервите утврдени со Законот за супервизија на осигурувањето, приемот во осигурување и решавањето на отштетените побарувања, кои претставуваат и најбитни елементи за успешно функционирање на Друштвото. Од посебен интерес за органот на управување преставуваат и директивите на Европската Унија што се однесуваат на регулација на пазарот на осигурување.

Во рамките на своите овластувања, во деловната 2024 година Управниот одбор презеде голем број активности, пред сè преку донесување одлуки, акти и издавање исправи со кои се утврдуваат и се уредуваат деловните политики и стратегии во работењето. При донесувањето на одлуките Управниот одбор соодветно ги следеше и ги применуваше одредбите од позитивните прописи. Управниот одбор ги презеде сите непохдни подготвителни дејства поврзани со функционирањето на внатрешната ревизија и на органот на надзор. Навременото информирање на Надзорниот одбор обезбеди оперативна функционалност и конкретна ефективност на надзорот. Во периодот што измина Управниот одбор обезбеди безрезервна поддршка на организациските единици и на вработените при учество во различни проекти и постапки, комуникација со државните органи (органите на државната управа) и со единиците на локалната самоуправа.

Управниот одбор во текот на 2024 година имаше целосен ангажман во реализацијата односно успешно завршување на статусната промена – присоединувањето на ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп АД Скопје кон Друштвото и тоа преку организацијата на процесите на работа, донесување на одлуки и акти како и постојаната соработка и комуникација со институциите на системот со цел обезбедување навремено исполнување на сите фази на процесот и запазување на законски утврдените рокови за истите.

Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година Управниот одбор на Друштвото одржа вкупно 55 седници. Сите членови на Управниот одбор дадоа адекватен и значителен придонес во функционирањето на одборот.

Сите одлуки на одборот се усвоени во транспарентна постапка и поткрепени со неопходната документација. За сите состаноци што ги одржа Управниот одбор се составени соодветни записници, кои се потпишани од сите членови на Управниот одбор, како што е предвидено според локалните закони. Активностите на Управниот одбор придонесоа во деловната 2024 година Друштвото да работи успешно.

## 6. Внатрешна и надворешна ревизија

### 6.1 Внатрешна ревизија

Интерната ревизија на Друштвото, во согласност со годишниот план за работа, во текот на 2024 година изврши 7 редовни и една вонредна ревизија, со што се опфатија сите клучни функции во работењето на Друштвото.

Од извршените ревизии произлегоа еден средноризичен наод и еден ниско ризичен наод. Утврдени беа и одреден број на нематеријални отстапувања за кои беа веднаш договорени корективни активности или истите беа корегирани најбрзо по завршувањето на ревизиите. Вонредната ревизија е сеуште во тек и резултатите од истата ќе се известат на крајот на првиот квартал 2025 година.

Ревизорските мислења за сите ревидирани функции на Друштвото беа „Одлично", што значи дека функционирањето на имплементираните интерни контроли во работата на ревидираните функции на Друштвото беше оценето како ефективно во сите материјални аспекти.

Договорените и доспеани активности со менаџментот за елиминирање на утврдените наоди од претходните периоди беа завршени на предвидениот начин и во предвидените рокови.

**6.2 Надворешна ревизија**

Надворешен ревизор за 2024 година беше Друштво за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, со ЕМБС: 5078899, ЕДБ: 4030996107850 и седиште на ул. „ Филип Втори Македонски бр.3" ТЦ Соравија 7 кат, 1000 Скопје. Ревизорот е избран со одлука на Акционерско Собрание бр. 02-5396/8 од 31.05.2024 година. Во согласност со одредбите од Законот за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на осигурувањето донесе решение УП1-14-2-173 од 26.06.2024 година, со кое издаде согласност Друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје да изврши ревизија на финансиските извештаи за деловната 2024 година.

**7. Актуарска потврда**

Конечното мислење за состојбата на друштвото за осигурување прикажана во финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето е:
а) позитивно б) мислење со резерва в) негативно

Позитивното мислење за состојбата на друштвото за осигурување прикажана во финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето се дава врз основа на следното:

- Проценката на техничките резерви и пресметката на премиите се во согласност со регулативата, усвоените акти на Друштвото и начелата на актуарската професија.
- Друштвото ги применува усвоените услови и тарифи во својата работа.
- Капиталот на Друштвото го надминува потребното ниво на Маргина на солвентност и Гарантниот капитал, во согласност со законските прописи и актите на деловна политика на Друштвото.
- Друштвото остварува добар степен на ажурност во решавањето на штети, како и во исплатата на веќе ликвидираните штети.

Друштвото во тековната година има остварено негативен финансиски резултат од 6.9 мил.денари пред оданочување, генерално како последица на прилагодување на друштвото што се припојува кон политиките на управување со ризици и процедурите за работа на Друштвото, кои обезбедуваа континуирана добивка и раст на капиталот во претходните периоди.

Друштвото има конзистентна политика за управување со ризикот од резервирање т.е има воспоставено редовен актуарски циклус за проценка на техничките резерви, вклучувајќи анализа на моделите, податоците, методите и претпоставките кои се дел од нив, бруто и нето од реосигурување. На редовна основа се спроведува тестирање на проценките на резервите од претходните периоди и доколку има потреба се корегираат моделите.
Во текот на 2024 година, Друштвото нема промена во користените модели за проценка на техничките резерви во споредба со претходната година. Поради процесот на припојување направено е прилагодување на моделите на проценка и за припоеното друштво и нивото на технички резерви е повисоко споредбено со нивото на резервите за двете друштва заедно во претходната година, врз основа на развојот на портфолијата, анализи и ревизии спроведени за време на процесот на припојување.
Друштвото има внимателен пристап на резервирање подолг период, со посебен акцент во класите со долг опаш каде е определена позначителна маргина за неповолни отстапувања, имајќи ги во предвид природата на развојот на штетите во тоа портфолио.

Со крајот на 2024 направени се анализа на сензитивност и стрес тест на определени претпоставки, кои произлегуваат од реални сценарија, релевантни за портфолиото на

Друштвото. При тестирањето е утврдено дека само значителни промени на претпоставките и шокови предизвикани од  големи штети во комбинација со природни непогоди во текот на една година би имале значително влијание на капиталот на Друштвото и остварувањето на неговата бизнис стратегија.

Имајќи ја во предвид висината на сопствениот капитал, како и политиката во однос на формирање на техничките резерви, Друштвото може редовно и долгорочно да ги исполнува сите свои обврски по договорите за осигурување и евентуалните загуби поради ризиците кои произлегуваат од работите на осигурување кои ги извршува.

Датум:  12.03.2025
Потпис:   Гордана Миноска

## 8. Деловна политика и цели на Друштвото

### 8.1. Цели на Друштвото

Главни цели на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп се остварување на нето-добивка преку извршување на дејноста осигурување, како и преку пласирање или инвестирање на средства, задоволување на сите обврски кон клиентите и другите корисници на осигурувањата, како и успешно раководење, едуцирање и усовршување на вработените и на другите вклучени што го застапуваат Друштвото.

Главните насоки на дејствувањето на Друштвото за исполнување на главните цели ќе бидат:

- максимална присутност на пазарот на осигурување, финансиите и капиталот;
- проширување на портфелот на осигурување и зголемување на квалитетот на портфелот;
- зголемување на квалитетот на услугите во осигурувањето;
- релативно смалување  на трошоците на работење;
- оптимално пласирање на вишокот на ризик во соосигурување и реосигурување заради зачувување на стабилноста на портфолието;
- ефикасно прибирање, користење, пласирање, инвестирање и вложување на финансиските средства со оптимална нивна сигурност и адекватна евиденција;
- одржување на ликвидност и солвентност;
- унапредување на вкупната организација на Друштвото,
- како и на технологијата на работењето.

### 8.2 Стратегиски насоки на развој:

- континуиран, динамичен и стабилен развој со зголемување на  економската сила на Друштвото базиран на постојано позитивен финансиски резултат во работењето;
- одржување на постојана солвентност и ликвидност над просекот на пазарот на осигурување во Република Северна Македонија;
- постојано унапредување на ефикасноста и на рационалноста во користењето на средствата за осигурување, унапредување на организацијата на работа, без нарушување на секојдневното работење на друштвото;
- намалување и постепено елиминирање на субјективните, како и намалување на зависноста од објективните фактори што влијаат врз

растот и развојот на осигурувањето во Друштвото;
- соодветно развивање на стручноста, работните навики и креативните способности на работниците во Друштвото, со што ќе се влијае врз унапредување на квалитетот на работењето.

### 8.3 Успешност во работењето

Врз основа на изнесените цели и правци на развој, особено ќе се води грижа за остварување на следните критериуми во успешноста на работењето:

- оптимален позитивен финансиски резултат во однос на вкупниот приход и особено во однос на премијата за осигурување;
- одржување на нивото на техничкиот резултат што овозможува позитивен финансиски резултат, односно нето-добивка стимулативна за акционерите;
- ефикасност во обработката на штети, односно бројот на решените штети во однос со бројот на пријавени;
- релативно смалување на трошоците на работење во однос на вкупниот приход;
- зголемување на премијата по вработен во Друштвото;
- зголемување на остварениот приход од инвестирање на расположивите средства за пласман и инвестирање.

### 8.4 Стабилна солвентност и ликвидност

Друштвото особено ќе води сметка за својата ликвидност, законски дозволеното покритие на техничките резерви и ажурно извршување на сите доспеани и идни обврски.

Во своето работење Друштвото ќе се придржува до сите економски, осигурителни и актуарски начела за успешно работење, како и на сите законски и други нормативни акти (инструменти на работа) што го регулираат осигурителното покритие.

## 9. Анализа на работата на Друштвото

### 9.1 Прием во осигурување

Секторот го организира и го спроведува своето работење преку преземање ризици и обезбедување на соодветно реосигурително покритие на начин и со мерки што обезбедуваат стабилност и профитабилност на одделните портфолија и остварување позитивен технички резултат во работењето во целина. И покрај процесот на спојување со Винер АД Скопје, и во 2024 година, Друштвото продолжи со стабилно, солветно и профитабилно работење.

Најголемиот процентуален пораст на бруто полисираната премија е евидентиран во класата здравствено осигурување, продукт што особено се актуелизираше во минатиот период на ниво на пазарот за неживотно осигурување, но чија актуализација се задржува во пораст и во тековната година.

Имотното осигурување го зазема најголемиот дел од осигурителниот портфел на Друштвото. Друштвото ја задржа лидерската позиција на пазарот за овие класи на осигурување, со истовремено задржување на позитивен технички резултат во работењето и насоченост кон квалитетна заштита на имотот на осигурениците.
Во осигурувањето на моторни возила, во тек на 2024 година се правеше усогласување на стратегијата за продажба на ова осигурување во рамки на Друштвото, се со цел постигнување контролиран и профитабилен раст.

Кај другите класи на осигурување продолжи трендот на задржување на клиентите со овозможување квалитетни и приспособени решенија кон потребите на осигурениците.
Со цел развој и подобрување на постојните производи, како и приспособување кон потребите на пазарот, во текот на 2024 година направивме измени и дополнувања на одделни услови за повеќе видови осигурувања. Подготвувањето на приспособени понуди според специфичностите на клиентите е значаен дел од работата на Службата за преземање ризици. Дополнително, преземачите на ризик се задолжени и за следење на остварените технички резултати на ниво на одделни клиенти, ризици и на ниво на целокупните портфолија.

Секторот за прием во осигурување со начинот на организирање на работата, со ефикасноста и посветеноста на вработените и со адекватното одговарање на потребите на клиентите за различни видови осигурувања придонесува кон остварување позитивен технички резултат во работењето на компанијата. Инфлаторните притисоци, што се очекува да се задржат и во текот на наредната година може да имаат неповолно влијание на профитабилноста во осигурителниот сектор, бидејќи може да доведе до зголемување на обемот на штетите. Меѓутоа, и покрај овие околности се очекува главните параметри за успешност на Друштвото да се придвижат во позитивна насока.

## 9.2 Продажба

**Полисирана премија по видови осигурување 2024/2023**



**Продажба преку надворешни дистрибутивни канали**

Продажбата преку надорешните дистрибутивни канали се одвива преку три сегменти за кои се соодветно одговорни три регионални менаџери :

- неагентска продажба
- агентска продажба – регион исток
- агентска продажба – регион запад

**Неагентска продажба**

2024 година беше година на големи предизвици со оглед на припојувањето на Винер осигурување кон Македонија осигурување АД Скопје. Како примарна задача си поставивме прво да го анализираме портфелот кои сто го имаше Винер со брокерските друштва а потоа и обнова на оние продукти каде беше тоа можно.

Неагентската продажба во 2024 година оствари бруто полисирана премија во висина од 521 милиони денари или што е за 21.6 % поголема во однос на 2023 година, а претставува 23% од целокупниот портфел на компанијата.

Организациски службата ја покрива работата со:

- Осигурителни брокерски друштва;
- Банки (застапништво на Комерцијална Банка АД Скопје)
- Туристички агенции;

Успешната соработка со брокерските друштва продолжи во 2024 година. Соработката со брокерските друштва се одвиваше преку тројца промотори за работа со брокери. Тие беа одговорни за давање на осигурителни понуди и изработка на полиси со најоптимално покритие за клиентите за сите осигурителни продукти од палетата на Македонија Осигурување.

Продажбата преку брокерските осигурителни друштва се интензивираше во скоро сите сегменти каде најголем предизвик беше зголемување на премијата при обнова на полисите во имотните класи на осигурување .

Од незадолжителните класи на осигурување најголем пораст има во незгодата, со раст од 50,8% , патничкото осигурување со раст 39%, здравственото осигурување со раст од 38% и домакинското осигурување со раст од 30%.
Кај задолжителните осигурување најголем раст има во зелената карта со раст од 86,6% и автомобилска одговорност со раст од 33,6%. Овој раст е најголем во втората половина од годината како резултат на спојувувањето на двете фирми.

Продажбата на хипотекарни домаќински и имотни како и кредитни каско полиси се одвиваше преку промоторот за продажба преку банки. Нашата компанија има склучено договори за продажба на овие видови на осигурување преку една банка и едно брокерско друштво и тоа:

- Комерцијална банка
- Прокредит банка (од 2017 година за продажба поседува ИН -Брокер) и

Во текот на 2024 година прода`бата преку овој дистрибутивен канал во кој доминира продажбата преку застапништвото на А.Д Комерцијална Банка е намалено за 34% и изнесуваше 43.9 милиони денари. Намалувањето најмногу се должи на еден поголем клиент по имотно осигурување кои доби нови сопственици.

Продажбата преку Прокредит банка (застапувана од брокерското друштво ИН-Брокер) забележа раст од 15.5% и изнесуваше 1.8 милион денари.

Работењето со туристичките агенции и во 2024 година се одвиваше преку промоторот за патничко осигурување кој беше одговорен и за продажбата на патничко осигурување и преку брокерските друштва.

Продажбата на патничко осигурување продолжи да расте и во 2024 година. Порастот изнесуваше 39% во однос на 2023 година и се фактурираше премија во износ од околу 1.8 милиони денари.

**Продажба преку агенции за застапување западен регион**

Годишниот извештај се однесува за реализираните акктивности и постигнати резултати во 2024 година. Во деловната 2024 година Западниот регион се фокусираше на исполнување на планираните резултати од работењето согласно планот за работа и доближување на својата стратегија на работење до потенцијалните осигуреници .

Основна стратешка цел на Западниот регион беше :
- остварување на поставените цели и задачи
- остварување на планот за 2024 година
- наплата на премија
- јакнење на продажната мрежа и зголемување на бројот на застапници
- континуиран процес на едукација и менторство на надворешни застапници под директен мониторинг на интерни координатори
- отварање на нови продажни места согласно потребите на пазарот и стратегијата на компанијата
- посветеност на осигурениците
- анализа на пазарот и следење на потребите на осигурениците .

Во 2024 година полисирана е бруто премија во износ од 229 милиони денари што е за 5% повеќе во однос на 2023 година.
Позитивниот тренд се должи на склучување на нови договори за осигурување и обнова на постоечките договори .
Во структурата на портфелот и понатаму водечка класа на осигурување е задолжителното осигурување со учество во вкупното остварување преку 35% .

Продажбата се врши преку продажната мрежа на ДЗО Тренд - МР кој располага со 87 лиценцирани застапници за продажба .

Во високо конкурентните услови на пазарот за осигурување тимот кој го покрива Западниот регион презема поголем број на мерки и активности за намалување конкурентноста и задржување на лидерското место на пазарот.

За таа цел се преземени низа мерки и активности:

- јакнење на продажната мрежа нејзино зголемување
- склучување на договори со нови клиенти
- отворањеа нови продажни места

Покрај тоа што на пазарот е присутна се поголема конкуренција, треба да се истакне дека во 2024 година ги задржавме во нашиот портфел сите позначајни клиенти .

Се надеваме, со добро поставена стратегија во работењето во 2025 година успешно реализирање на поставените цели и задачи .

**Продажба преку агенции за застапување источен регион**

Предизвиците со кои се соочивме во 2024 година ги надминавме успешно а плановите генерално ги оставаривме во целост.
Полисиравме вкупна премија во износ од 447.4 мил. денари што е за 27.2 мил. денари повеќе од остварувањето во 2023 год, или 6.48% повеќе.

Порастот е најизразен во делот на имотни осигурувања 11 мил. денари додека имавме пораст и во делот на здравственто осигурување (8 мил. денари) како и во класата на моторни возила кај каско осигурувањето во износ од околу 3.5 мил. денари.
Во класата незгода и патничко осигуруванје порастот е оклу 3.8 мил. денари.

Наплатата на премијата се одвиваше во рамките на очекувањата.

Тим менаџерите и застапниците целосно се вложија во остварување на целите а нивниот стручен пристап овозможија клиентите да се стекнат со квалитетно осигурително покритие.

Обуката, развојот и мотивацијата на секој од нашите соработници ни беше една од главните активности, така што сето тоа што се постигна во голем дел е резултат на таквиот пристап.

Во иднина ќе се посветиме ширење и обновување на продажната мрежа за да обезбедиме поквалитетна и зголемена продукција како и сигурно постигнување на поставените цели.

**Внатрешна продажна мрежа**

Во 2024 година, процесот на спојување со Македонија Осигурување претставуваше значаен предизвик за Внатрешната продажна мрежа на компанијата. Со успешно интегрирање на целокупната продажна инфраструктура на Винер Осигурување, создадовме поефикасен и посеопфатен продажен систем. Новоформираната мрежа вклучува **60 подружници** во **25 градови** низ Република Северна Македонија, **со 112 вработени** и **129 застапници**. Примарниот фокус остана насочен кон индивидуалните клиенти, како и малите и средни претпријатија и правни субјекти финансирани со буџетски средства.

Во текот на 2024 година, успешно ја реализиравме целосната интеграција со Македонија Осигурување, стабилизирајќи ги процесите и создавајќи цврста основа за идниот раст и развој на продажната мрежа. И покрај комплексноста на интеграцискиот процес, компанијата постигна значајни резултати во сите продажни канали.

Внатрешната продажна мрежа функционира преку три основни канали:

1. **Подружници** – распределени низ целата територија на Северна Македонија во четири регионални целини:
    - Скопски регион
    - Вардарско-Пелагониски регион
    - Западен регион
    - Источен регион
2. **Шпаркасе Банка и Шпаркасе Лизинг** – како наши стратешки групациски партнери.

3. **Правни лица финансирани со буџетски средства**.

Во 2024 година, забележавме раст на премиите во сите продажни канали, што претставува значаен успех во контекст на интеграционот процес. Вкупната премија изнесуваше 665 милиони денари што претставува 28,8% од вкупната премија на друштвото, а која е распределена по регионите на следниот начин:

- Скопски регион **– 37%**
- Западен регион **– 23%**
- Вардарско-Пелагониски регион **– 20%**
- Источен регион **– 20%**

Шпаркасе Банка и Шпаркасе Лизинг, како наши стратешки партнери, остварија продажба во вредност од 40,5 милиони денари. Вработените во Шпаркасе покажаа значителен капацитет за раст и развој во доменот на банко осигурувањето, со годишен кумулативен раст од +34,5% во 2024 година. Овој позитивен тренд создава основа за проширување на соработката и на други осигурителни сегменти во 2025 година.

Остварените резултати во 2024 година ја потврдуваат успешноста на процесот на интеграција и посветеноста на компанијата кон стабилен раст. Со стабилизирани процеси, засилена продажна мрежа и стратешки партнерства, поставуваме темел за одржлив развој и подобрена услуга за клиентите во претстојниот период.

Во 2025 година, компанијата ќе се фокусира на одржлив раст преку континуиран раст од најмалку 5% на премија со диверзифицирано портфолио и подобрување на ефикасноста. Стратешките насоки ќе вклучуваат задржување на постоечките клиенти и привлекување нови, преку персонализирани решенија и подобрена услуга во целокупниот систем на осигурување.

Дополнително, внатрешната продажна мрежа ќе стави акцент на имотното осигурување, како еден од клучните сегменти со голем потенцијал за раст. Паралелно, ќе промовираме нови осигурителни производи кои ќе бидат прилагодени на специфичните потреби на клиентите. Со тоа ќе се овозможи подлабока пенетрација на пазарот и поширок опсег на понудените услуги.

Во насока на зголемување на ефикасноста, ќе продолжиме со оптимизација на деловните процеси преку дигитализација и автоматизација, со што ќе се намалат административните пречки и ќе се подобрат интерните комуникации. Континуираното следење и контрола на коефициентот на штети ќе ни овозможи подобрено управување со ризиците, а со тоа и одржување на профитабилноста.

На регионално ниво, ќе се стремиме кон проширување на продажната мрежа преку отворање на нови продажни места во центри со висок потенцијал за раст. Реорганизацијата на постоечките подружници ќе овозможи подобро таргетирање на нови сегменти на пазарот, особено кај населението и малите и средни претпријатија. Нашиот фокус за континуирано зголемување на компетенциите и капацитетите на нашите вработени преку обуки за најновите трендови во осигурувањето ќе придонесат во реализација на зацртаните цели.

### 9.3 Вонсудски штети

### 9.3 Сектор за пријава и процена и Сектор за ликвидација

Тимот за штети ја има репутацијата дека е извонреден во рамките на својата дејност и е познат по својата техничка подготвеност во однос на класите на осигурување од незгода, имотни осигурувања и осигурување на моторни возила. Тимот за штети на Друштвото има невообичаено висок процент на релевантни, професионални квалификации, а се однесуваат за релевантни области во кои спаѓаат следниве квалификации:

- право,
- економија,
- осигурување,
- медицина,
- градежништво (инженерство),
- машинство

Како последица на реорганизацијата која настана во Секторот за вонсудски штети беше формирањето два посебни сектори и тоа Сектор за пријава и процена на штети и Сектор за ликвидација. Секторите почнаа да финкционираат самостојно од 01.07.2024 со преземање на вработените од Винер осигурување, и за кратко време успешно се организираа за да продолжат со работа која во овој момент функционира без никакви проблеми.

Иако двата сектора се одвоени тие претствувааат една заеднички последователен процес на работа од пријава до ликвидација на штети и од тие причини показателите во бројки претставуваат показатели на заедничката работа на двата сектора.

**Пријавени штети / Број на пријавени штети**

Со самото превземање на Винер осигурување и спојувањето на штетите од двете компании бројот на пријавени штети во 2024 година е зголемен. Исто така и зголемувањето на бројот на продадени полиси по доброволно здравствено осигурување, зголемениот број на пријавените штети од истата класа придонесе вкупниот број на штети во 2024 година да се зголеми.

Ако направиме споредба со минатата година 2023 година бројот на пријавени штети зголемен во патничко за 203,72%, каско 253,11%, А/О 398,49, незгода 249,40% и имоти 168,67%, а останатите видови на осигурување по кој се пријавени штети има зголемување од 185,85%. Зголемувањето на вкупниот број на пријавени штети во однос на 2023 година изнесува 210,39%.

**Ликвидирани штети /Број на ликвидирани штети**

Истиот тренд се рефлектираше и кај бројот на ликвидирани штети, ако направиме споредба со минатата година бројот на ликвидирани штети е зголемен во сите класи и тоа Здравствено 176,24%, А/О 363,66%, Имот 138,76%, Незгода 202,67%, Каско 234,84%, Патничко 166,06%, останати видови 169,32%. Зголемувањето на вкупниот број на ликвидирани штети во однос на 2023 година изнесува 196,91%.

**Резервирани штети / Број на резервирани штети**

Истиот тренд се рефлектираше и кај бројот на резервирани штети, ако направиме споредба со минатата година бројот на резервирани штети е зголемен во сите класи и тоа Здравствено 414,47%, А/О 420,00%, Имот 388,10%, Незгода 426,92%, Каско 346,88%, Патничко 400,00%, останати видови 273,81%. Зголемувањето на вкупниот број на резервирани штети во однос на 2023 година изнесува 400,71%.

Во текот на 2024 година најголема штета која ја ликвидиравме и исплативме е со износ од 10,4 милиони денари и е настаната како последица на сообраќајна незгода каде причинителот е возило со македонски таблици, а оштетениот е со косовски таблици при што беше оштетено возило LAMBORGINI.

Во наредната 2025 година и понатаму ќе продолжиме со развивање на работната способност и капацитет на вработените во Секторот за пријава и процена и Секторот за ликвидација, а се со цел на се поголемо приближување на нашата услуга кон потребите на клиентите. Исто така ќе продолжиме со веќе започнатиот процес на дигитализација на пријавувањето на штети се до конечно опфаќање на сите видови на осигурување преку нашата веб страна и мобилни телефони. Исто така ќе ги засилиме напорите во справување и откривање на осигурителна измама со автоматизацијата на процесот кај сите штети.

**Спорови по штети и регреси**

Сектор за спорови по штети и регреси е надлежен за водење на судски спорови каде Друштвото е тужено за надомест на штета по сите видови штети, по основ на тужби од работен однос, спорови кои произлегуваат од склучени договори како и спорови кои Друштвото ги поднесува за остварување на побарување од регресни должници и други спорови каде Друштвото е тужен или се јавува како тужител. Секторот за спорови по штети и регреси својата надлежност за водење на судски спорови ја остварува преку полномошниците за кои законскиот застапник им делегира дел од своите овластувања со полномошно. Во секторот работат 7 вработени и 7 надворешни соработници – адвокати. Тие го застапуваат Друштвото во судовите и другите правосудни институции и државните органи на цела територија на Р.Македонија.

Секторот ги надгледува и координира и судските спорови кои се водат надвор од Република Македонија, а кои непосредно ги водат кореспондентите на компанијата. Секторот за спорови по штети и регреси ги контролира и одобрува сите договори каде Друштвото се јавува како договорна страна со трети лица. Контролата се состои во смисла дали договорите се во согласност со позитивните законски прописи со Република Македонија и во согласност со деловната политика на Друштвото.

Полномошниците во судските постапки ги застапуваат интересите на Друштвото водејќи сметка за економичноста на постапката и целисходноста на истата, односно да не го изложуваат друштвото на непотребни трошоци и да постапуваат во рокови утврдени со Закон. Полномошниците во своето работење се однесуваат професионално и совесно кога застапуваат пред надлежните судови и органи, имаат професионален и коректен однос спрема колегите од спротивните страни, како и спрема судовите и државните институции во РМ. Полномошниците од Секторот за спорови по штети и регреси ја претставуваат компанијата пред надлежните институции и истите избегнуваат судир на интереси, неетички однесувања и други работи кои можат да го загрозат угледот на Друштвото.

Основни начела на однесување на полномошниците се: професионалноста, принципите на правилно и чесно работење, принципот на тимска работа, унапредување на квалитетот на работата и континуирано усовршување преку обуки.

Во текот на 2024 година против Друштвото се поднесени 281 тужби од кои штети од кои за наша одговорност се 249 а 32 тужби се услужни (нн-12 и ЗКУГ-20) :

| **Вид осигурување** | **вкупно** | **Македонија** | Винер |
|---|---|---|---|
| **АО** | 214 | 66 | 148 |
| **Незгода** | 19 | 14 | 5 |
| **Имот** | 8 | 3 | 5 |
| **Одговорност** | 6 | 1 | 5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Каско** | 2 | - | 2 |
| | **249** | **84** | **165** |
| **нн** | 12 | 2 | 10 |
| **Зк уг** | 20 | 5 | 15 |

- 214 предмети по основ на автомобилска одговорност,
- 19 предмети по основ на осигурување од последици на несреќен случај – незгода
- 8 предмети по основ на имотни осигурувања.
- 6 предмети по основ одговорност
- 2 предмети по основ каско
- 12 предмети по основ на неосигурени возила - услужни
- 20 предмети по основ странско возило, зелена карта- услужни,

Со оглед дека во текот на 2024 година се спроведе постапка за присоединување на на АД за осигурување ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп Скопје кон А.Д. за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА-Скопје, Виена Иншуренс Груп на денот на присоединувањето 27.06.2024 годината состојбата е следна :

На 27.06.2024 година против Македонија осигурување АД - Скопје Виена Иншуренс Груп имаше заведено вкупно 42 судки спора по основ на штети а против ВИНЕР имаше заведено вкупно 77 судки спора.По присоединувањето заведени се уште 162 судски спора од кои 51 спорови се по основ на штети на Македонија осигурување АД - Скопје Виена Иншуренс Груп, а 111 се спорови по основ на штети од ВИНЕР.

Следи табеларен приказ на штети( од сите години) кои се тужени и кои се активни (во тек) на 31.12.2024 година. За овие штети активни се 344 судски спорови со 455 штети тужени (со една тужба -судски спор опфатени се повеќе штети).

| **Вид осигигурување** | **вкупно** | **Македонија** | Винер |
|---|---|---|---|
| **АО** | 395 | 128 | 267 |
| **Незгода** | 10 | 4 | 6 |
| **Имот** | 7 | 1 | 6 |
| **Одговорност** | 37 | 8 | 29 |
| **Каско** | 4 | 1 | 3 |
| **CMR** | 1 | 1 | - |
| **патничко** | 1 | - | 1 |
| | **455** | **143** | **312** |

Vo текот на 2024 година Секторот поднесе 191 тужби против регресни должници ок кои регреси по штети на МО 51 предмет и регреси по штети на Винер 141 предмети.

**9.5 Човечки ресурси**

Во текот на 2024 год. во Секторот за човечки ресурси во најголем дел се спроведуваа активности условени или поврзани со постапката на присоединување на ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп АД Скопје кон МАКЕДОНИЈА осигурување АД Скопје.

Беше изготвен нов Правилник за организација и систематизација на работните места, со кој се направија сериозни промени на организационата структура на Друштвото и како резултат на тоа, се променија надлежностите на дел од секторите и службите. Паралелно со

дефинирањето на новата организациона структура, се утврдуваа и потребните работни места и нивната систематизација во Каталогот на работни места. Покрај утврдувањето на деталниот опис на работните задачи и потребното ниво на квалификации по вид и степен на стручна спрема, за секое работно место беа дефинирани и кои сертификати и лиценци е потребно да ги поседува извршителот на конкретното работно место, должината и видот на работно искуство, нивото на компетенции, видовите знаења и вештини и опфатот на активностите на работното место.
Во периодот пред присоединувањето беа изработени нови променети договори за вработените од Винер кои беа опфатени со Спогодбата за статусни промени – присоединување, како и за сите вработени на МАКЕДОНИЈА осигурување АД Скопје.

На почетокот на 2024 година Друштвото започна преговори со Синдикалната организација при Осигурување МАКЕДОНИЈА ад Скопје за обнова на колективниот договор на Друштвото. Новиот Колективен договор беше склучен во април 2024 година и со него се договорени и нови поволности за вработените.

Во првата половина на 2024 година во организација на Групацијата ВИГ, се спроведе истражување на задоволството на вработените во сите компании членки на Групацијата. Истражувањето се спроведе преку компанијата Great Place To Work®, светски позната компанија по својата стручност од областа на култура на работното место, а Секторот за човечки ресурси активно соработуваше со нивните претставници за подготовка на прашалниците на македонски јазик.
Со задоволство можеме да кажеме дека, според одговорите од вработените, МАКЕДОНИЈА осигурување АД Скопје се стекна со меѓународниот сертификат Great Place To Work® (Одлично место за работа).
Изминатата година претставуваше голем предизвик за раководството на Друштвото, но резултатите од ова истражување и стекнатиот сертификат се поттик да продолжиме со добрите деловни практики за вработените, па и да ги подобриме.

И во текот на 2024 година се спроведуваа активности за развој на знаењата, способностите и вештините на вработените. Посебна важност се даде на обуките за работниците дојдени од Винер за користење на компјутерските апликации на Друштвото, со цел брзо да се вклучат во процесите на работење на Друштвото.

По сертификацијата на Друштвото за стандардите ISO 27001, 27701 и 22301 во текот на целата година се одржуваа обуки за запознавање со барањата и обврските што произлегуваат од овие стандарди. Со обуките беа опфатени сите работници во Друштвото. Беа организирани три типа на обуки: за членовите на Управниот одбор, за раководните лица и за вработените, согласно обврските предвидени во ISO-стандардите за секоја од овие групи на работници.
Во текот на 2024 г. беа организирани и одржани повеќе од 40 интерни и екстерни обуки на теми од областа на осигурување, ревизија, актуарство, компјутерски вештини и сајбер безбедност, информатичка технологија, континуирано професионално усовршување и безбедност и здравје при работа.

ВИГ Холдинг повторно го организира Детскиот камп на ВИГ и децата на вработените во нашето Друштво се натпреваруваа за најдобра фотографија на тема „Солидарно делување“. Тие што се квалификуваа добија можност да присуствуваат две седмици на градскиот камп за млади во Виена - Австрија, каде покрај учество во игри, спортски активности и забава, беа дел и од активности од областа на општествена одговорност.

Освен Детскиот камп за млади до 14 години, Групацијата ВИГ овозможи учество и на деца на вработените од 14-17 годишна возраст на EYFON Младинските денови, организирани во соработка со Европскиот младински форум од Нојмаркт (EYFON). Младите што се

квалификуваа за учество имаа можност, покрај забавните активности и екскурзии, да присуствуваат и на фасцинантни работилници, дискусии и предавања за млади.

Бројот на вработени во Друштвото значително се зголеми по присоединувањето на Винер (од 137 на 296 работници), што услови и промена на структурата на вработените по различни параметри.
Вкупниот број на вработени во Друштвото на 31.12.2024 година е 294, од кои 144 се вклучени во функцијата продажба и 150 во другите функции на Друштвото.




Структурата на вработените во Друштвото, од аспект на степенот на образование, возраст и пол, е следната:









## 9.6 Информатичка технологија

Основна функција на Секторот за информатичка технологија во друштвото е поддршка на бизнисот за ефикасно и успешно работење преку:

- овозможување и учество во реализација на планот и на стратегијата на Друштвото,
- спроведување на корпоративните и компаниски процеси и процедури и
- обезбедување доверливост, достапност и интегритет на податоците.

Секторот за информатичка технологија е димензиониран според потребите на деловните процеси во Друштвото и има цел навремено и комплетно да се процесираат сите информации и документи релевантни за работењето на Друштвото.

Во текот на 2024 година се направени надзорни проверки на следните ИСО сертификати **-** ISO 27001:2022 - меѓународен систем за управување со безбедност на информациите, ISO 22301:2019 - меѓународен систем за управување со континуитет во работењето, ISO

22701:2019 - меѓународен систем за управување со информации за приватност. Надзорни проверки за трите сертификати се направени во 07/2024 и 11/2024.

ИТ секторот се состои од тим од 17 специјалисти со највисока техничка наобразба, со одлично познавање на осигурителниот бизнис, кои се во тек со најновите современи технологии. Со припојувањето на Винер кон Македонија Осигурување – ВИГ, ИТ тимот се зголеми за тројца вработени.

Секторот за иформатичка технологија функцијата ја остварува работејќи во повеќе правци:
- достапност на ИТ-сервисите од 99.78% за 2024 година;
- развој и одржување на апликативен софтвер;
- развој и одржување на базата на податоци, системски софтвер, хардвер, меил и мрежи;
- примена на ИТ-политика за безбедност според стандардите на ВИГ групацијата;
- управување на ИТ преку следење на ИТ-проекти и ресурси и функционирањето на УОСИТ (Управен одбор на Секторот за информатичка технологија);
- усогласеност на ИТ-работењето со локалната законска регулатива;
- остварување на ИТ-планот на трошоци со 101,51%, во овие трошоци беа вклучени и трошоците од Винер кои што не беа планирани во буџетот за 2024;
- ИТ- планот за капитални набавки е остварен со 95,98%.

**Поважни проекти на кои ИТ работеше во текот на 2024 се:**

- Имплементација на МБА за Винер
- Форма за измени по полиса и пресметки од тарифа 1503 здравствено
- ВЕБ ЦМР
- Е-документи за годишен одмор
- Автоматско генерирање на извештаи за АСО од ГДС
- Додавање на архивки број на документите преку МБА
- Е-документи за седници на УО за ВИНЕР
- ВЕБ Апликација за продавници и услужни дејности
- Автоматска ликвидација на систематски прегледи
- Имплементација на МБА за Виена лајф Албанија
- Блек листа и профитабилност за СИВИГ Албанија
- Имплементација на АПИ за внес на Патнички полиси за Косово
- АМЛ модул за Косово

**Реализирани се и повеќе инфраструктурни и проекти од аспект на ИТ безбедноста***:*

- Инсталација на виртуелна околина како дел од CDC проектот за Tenable Nessus, ServiceNow, Hashicorp Vault i Splunk SIEM.
- Интегрирање на вработените од поранешен Winner во апликативниот систем и инфраструктурата на Македонија Осигурување.

**Образложение кон постигнатите резултати**

Една од позначајните активности на компанијата во 2024 претставува процесот на присоединување на друштвото за ВИНЕР АД Скопје. Договорот за присоединување со ВИНЕР АД – Скопје („Компанијата што се присоедини„) беше потпишан на 20 Декември 2023 година, а на 27 јуни 2024 година со упис на статусната промена – присоединување и официјално заврши процесот на присоединување на Винер – Виена Иншуренс Груп АД Скопје кон Македонија осигурување - Виена Иншуренс Груп АД Скопје. Со ова интегрираната Македонија осигурување АД – Скопје, ја зазема 1-та позиција на осигурителниот пазар.

Македонија осигурување АД Скопје – Виена Иншуренс Груп и 2024 година ја заврши со негативен финансиски резултат, односно загуба пред оданочување во износ од 6.9 милиони денари и по оданочување во износ од 12.2 милиони денари. Претходно наведениот резултат се однесува на Македонија осигурување - интегрално претставена со припоеното друштво ВИНЕР АД – Скопје.

Со успешна финализација на процесот на присоединување, Македонија осигурување АД – Скопје, ја прошири својата клиентска база и го зголеми пазарниот удел на 17,6%. Интегрираната Македонија осигурување АД – Скопје, сега ќе опслужува повеќе од 120.000 клиенти во земјата, преку 75 експозитури ширум државата. Имотот и обврските на команијата што се присоединува се пренесуваат во компанијата што се превзема по пат на универзален пренос на целиот имот и сите обврски според условите дефинирани во оваа Спогодба и позитивното законодавство.

**Клучни показатели на финансиско работење на Друштвото**

МАКЕДОНИЈА осигурување АД Скопје Виена Иншуренс Груп во периодот од јануари - декември 2024 година оствари негативен финансиски резултат во износ од 6.9 мил пред оданочување. Во истиот период 2023 година оствари позитивен финансиски резултат во износ од 47,4 мил. пред оданочување.

Врз основа на Решението за издавање дозвола за статутсна измена – присоединување на Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп Скопје кон Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп од 22.04.2024 на Агенција за Супервизија на Осигурување, Решението за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност од 06.06.2024 на Комисијата за хартии од вредност и Решението за издавање на согласност за измена на Статут од 18.06.2024 на Агенцијата за супервизија на осигурување на 27.06.2024 беше уписот на статусната промена – присоединување и официјално заврши процесот на присоединување на Винер – Виена Иншуренс Груп АД Скопје кон Македонија осигурување - Виена Иншуренс Груп АД Скопје. Со ова интегрираната Македонија осигурување АД – Скопје, ја завзеде 1-та позиција на пазарот.

Во коментарот и извештаите во прилог се содржани податоците за двете друштва односно за МАКЕДОНИЈА Осигурување ад Виена Иншуренс Груп како и присоединето друштво ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп Скопје, членка на ВИГ.

Во тековната 2024 во однос на истиот период 2023 година има зголемување кај вкупните приходи и кај вкупните расходи. Како што е наведено погоре, презентираните податоци ги содржат податоците интегрално за двете друштва. Вкупните приходи во 2024 година се зголемени за 5,3% додека вкупните расходи бележат зголемување од 8,5%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество се должи на бруто полисираната премија која изнесува околу 77% од вкупните приходи. Бруто-полисираната премија во 2024 година бележи пад во однос на минатата година од 0,5 %, односно 11,2 милиони денари, од кои намалување од 75 милиони денари кај осигурувањето од автомобилска одговорност и тоа продажба преку брокерските друштва. Кај останатите класи е стабилен портфелот во текот на 2024 година.

Најголемо движење во вкупните расходи бележат трошоците од настанати штети. Кај бруто исплатените штети има зголемување од 30 милиони денари и тоа најмногу во осигурувањата од автомобилска одговорност и здравствено. Додека кај бруто резервите за штети има зголемување од 156 милиони денари и тоа повторно кај моторни возила односно кај осигурувањата од автомобилска одговорност и незгода но, и кај имотните штети. Најголемиот ефект кај бруто резервираните штети е поради ревидирање на судските штети од

присоединето друштво. Ефектот од зголемувањето е предизвикан и од имплементација на политиките и процедурите на Македонија осигурување кои се применуваат на присоединето друштво.

Вкупниот ефект кај настанатите нето штети бележи зголемување од 24,7% или во апсолутен износ 144,4 милиони денари и тоа најмногу во осигурувањата од автомобилска одговорност. Како што е наведено погоре поради ревидирање на судските штети од присоединето друштво. Дополнително, порастот во резервите се ублажува заради реосигурителните програми во одредени класи на одигурување.

Сметководствени политики

Друштвото во текот на деловната 2024 година нема промена на сметководствените политики споредено со последните годишни ревидирани финансиски извештаи. Но, се изврши усогласување со сметководствените политики на Друштвото кон кое се припојува.

Дивиденда

Во текот на 2024 година МАКЕДОНИЈА Осигурување ад Скопје ВИГ исплати дивиденда за 2023 во износ од 25.6 милиони согласно дивидендниот календар.

Кредитни задолжувања

Друштвото нема проблем со ликвидноста и нема никакви кредитни задолженија.

Исполнување на планот и очекувања за претстојниот период

За 2024 планот за бруто полисираната премија е остварен но, кај штетите остварените штети го надминаа планот, од страна на присоединетото друштво, како што е наведено погоре.

Со завршување на процесот на припојување во 2024 година за 2025 година според планот очекуваме бруто-полисираната премија да изнесува 2,2 мил денари како и добивка во износ од 125 мил денари.

МАКЕДОНИЈА осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп
УПРАВЕН ОДБОР

Претседател на Управен одбор
Бошко Андов

---------------------------------------------------------------

Член на Управен одбор
Татјана Димов

---------------------------------------------------------

# Неревидирана годишна сметка

## Неревидирана годишна сметка

Годишните сметки на Друштвото се состојат од билансот на состојба на 31 декември 2024 година, билансот на успех заклучно со 31 Март 2024 година (пред присоединувањето) и билансот на успрех за преостанатиот период на годината и објаснувачките белешки.

Формата и содржината на годишните сметки е регулирана во "*Правилникот за пропишување на формата и содржината на годишната сметка"* ("Правилникот") објавен во Службен весник на Република Северна Македонија.

Пропишаната форма и содржина на годишните сметки во Правилникот, се разликува од изискувањата за формата и содржината на финансиските извештаи изготвени во согласност со сметководствената рамка наведена во ревидираните финансиски извештаи. Последователно, постојат разлики во презентацијата на ставките од билансот на состојба и билансот на успех, и објаснувачките белешки во годишната сметка и ставките во ревидираните финансиските извештаи.

Годишните сметки на Друштвото беа надвор од опсегот на нашиот ангажман и не беше предмет на нашата ревизија. Последователно, ние не изразуваме мнение за истите.

Договорот за присоединување со Винер – Виена Иншуренс Груп АД Скопје („Преземено Друштво") беше потпишан на 20 декември 2023 година. По добивањето на потребната согласност од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување, постапката за присоединување на Винер – Виена Иншуренс Груп АД Скопје кон Македонија Осигурување- Скопје Виена Иншуренс Груп („Друштво преземач") беше официјално завршена на 27 јуни 2024 година, по извршена регистрација во Централниот регистар, со ефективен датум 1 јануари 2024 година.

ЕМБС: 04067037
Целосно име: Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
Вид на работа: 600
Тип на годишна сметка: Сметка за неживотно осигурување
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2024

Листа на прикачени документи:
Објаснувачки белешки и други прилози
Финансиски извештаи

# Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - АКТИВА: А. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (002+003) | 3.017.297,00 | | | |
| 3 | - - Останати нематеријални средства | 3.017.297,00 | | | |
| 4 | - - Б. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (005+008+009+010+011+012) | 259.132.690,00 | | | |
| 5 | - - Недвижности (006+007) | 227.908.731,00 | | | |
| 6 | - - Земјиште | 12.961.701,00 | | | |
| 7 | - - Градежни објекти | 214.947.030,00 | | | |
| 8 | - - Постројки и опрема | 25.171.481,00 | | | |
| 9 | - - Транспортни средства | 3.444.897,00 | | | |
| 12 | - - Останати материјални средства | 2.607.581,00 | | | |
| 13 | - - В.ВЛОЖУВАЊА (014+015+021+040) | 1.531.301.308,00 | | | |
| 14 | - - I.ВЛОЖУВАЊА ВО МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА КОИ НЕ СЛУЖАТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА | 310.252.116,00 | | | |
| 15 | - - II.ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА ВО ДРУШТВА ВО ГРУПА (016+017+018+019+020) | 9.143.560,00 | | | |
| 20 | - - Останати финансиски вложувања во подружници, придружени друштва и заеднички контролирани друштва | 9.143.560,00 | | | |
| 21 | - - III.ОСТАНАТИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА (022+034+035) | 1.211.905.632,00 | | | |
| 22 | - - Вложувања во хартии од вредност (023+026+030) | 665.356.715,00 | | | |
| 23 | - - Вложувања во хартии од вредност кои се чуваат до достасаност (024+025) | 79.812.998,00 | | | |
| 24 | - - Должнички хартии од вредност со рок на достасување до една година | 79.812.998,00 | | | |
| 26 | - - Вложувања во хартии од вредност расположиви за продажба (027+028+029) | 585.543.717,00 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 28 | - - Должнички хартии од вредност со рок на достасување над една година | 585.287.717,00 | | | |
| **672** | - - Парични еквиваленти(< или = АОП 062 од БС) | | | | 153.402,00 |
| **673** | - - Обврски по однос на земени заеми и кредити од банки (АОП 674+675)(< или = АОП 106 од БС) | | | | 0,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **674** | - - краткорочни | | | | 0,00 |
| **675** | - - долгорочни | | | | 0,00 |
| **676** | - - Обврски по однос на останати земени заеми и кредити (АОП 677+678)(< или = АОП 106 од БС) | | | | 0,00 |
| **677** | - - краткорочни | | | | 0,00 |
| **678** | - - долгорочни | | | | 0,00 |
| **679** | - - Обврски по основ на финансиски лизинг(АОП 680+681) | | | | 0,00 |
| **680** | - - краткорочни | | | | 0,00 |
| **681** | - - долгорочни | | | | 0,00 |
| **682** | - - Обврски спрема добавувачи(< или = АОП 110 од БС) | | | | 18.360.676,00 |
| **683** | - - Приходи по основ на провизија од реосигурување и учество во добивка(< или = АОП 234 од БУ) | | | | 175.088.598,00 |
| **684** | - - Трошоци од услуги на физички лица кои не вршат дејност( = АОП 275 од БУ) | | | | 8.653.713,00 |
| **685** | - - Трошоци за наемнини(< или = АОП 277од БУ) | | | | 15.193.956,00 |
| **686** | - - Трошоци за банкарски услуги(< или = АОП 277 од БУ) | | | | 6.830.791,00 |
| **687** | - - Трошоци за премии за осигурување(< или = АОП 277од БУ) | | | | 1.997.722,00 |
| **688** | - - Трошоци телекомуникациски и транспортни услуги(< или = АОП 277 од БУ) | | | | 8.352.085,00 |
| **689** | - - Трошоци за услуги за одржување(< или = АОП 277 од БУ) | | | | 18.043.147,00 |
| **690** | - - Трошоци за маркетинг, репрезентација, спонзорства и даноци(< или = АОП 277 од БУ) | | | | 14.521.748,00 |
| **691** | - - Трошоци за останати услуги(< или = АОП 277 од БУ) | | | | 20.717.872,00 |
| **692** | - - Трошоци за резервни делови и материјали за поправка и одржување(< или = АОП 278 од БУ) | | | | 0,00 |
| **693** | - - Трошоци за канцелариски и потрошен материјал (< или = АОП 278 од БУ) | | | | 3.323.327,00 |
| **694** | - - Трошоци за комунални услуги (струја, вода и сл.) (< или = АОП 278 од БУ) | | | | 15.525.436,00 |
| **695** | - - Трошоци за печатење обрасци (< или = АОП 264 од БУ) | | | | 222.619,00 |
| **696** | - - Трошоци за печатење обрасци (< или = АОП 278 од БУ) | | | | 0,00 |
| **697** | - - Трошоци за весници и списанија (< или = АОП 278 од БУ) | | | | 334.608,00 |
| **698** | - - Отпис на ситен инвентар (< или = АОП 278 од БУ) | | | | 605.743,00 |
| **699** | - - Трошоци за потрошено гориво (< или = АОП 278 од БУ) | | | | 1.569.625,00 |
| **700** | - - Останати материјални трошоци (< или = АОП 278 од БУ) | | | | 353.120,00 |
| **701** | - - Трошоци за резервирања(< или = АОП 279 од БУ) | | | | 663.657,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **702** | - - Трошоци за придонеси и членарина (< или = АОП 279 од БУ) | | | | 140.400,00 |
| **703** | - - Трошоци по основ на надоместоци за службени патувања и патни трошоци(< или = АОП 279 од БУ) | | | | 3.358.972,00 |
| **704** | - - Трошоци по основ на надоместоци на членови на органи на управување(< или = АОП 279од БУ) | | | | 0,00 |
| **705** | - - Трошоци за стручно усовршување(< или = АОП 279 од БУ) | | | | 1.345.578,00 |
| **706** | - - Трошоци за управување со заеднички пензиски фонд(< или = АОП 279 од БУ) | | | | 0,00 |
| **707** | - - Трошоци за ревизија(< или = АОП 279 од БУ) | | | | 6.246.254,00 |
| **708** | - - Трошоци за стипендии и награди на ученици и студенти(< или = АОП 279 од БУ) | | | | 0,00 |
| **709** | - - Трошоци за даноци и придонеси(< или = АОП 279 од БУ) | | | | 1.249.251,00 |
| **710** | - - Останати трошоци од работењето(< или = АОП 279 од БУ) | | | | 1.079.150,00 |
| **711** | - - Исплатени дивиденди | | | | 25.657.025,00 |
| **712** | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | | | | 159,00 |

## Структура на приходи по дејности

| **Ознака за АОП** | **Опис** | **Претходна година** | **Бруто за тековна година** | **Исправка на вредноста за тековна година** | **Нето за тековна година** |
|---|---|---|---|---|---|
| **4493** | - 65.120 - Неживотно осигурување | | | | 1.646.878.561,00 |

**Потпишано од:**

Biljana Nikolovska Miteva

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА
# ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА
# НА

## АД за осигурување и реосигурување
## МАКЕДОНИЈА, Скопје - ВИГ

## за 2024 година

# СОДРЖИНА


**страна**

**Реализација на планот за работа на внатрешната ревизија** 3

**Наоди и помали отстапувања утврдени со планираните ревизии** 4

**Наоди и помали отстапувања утврдени со непланираните (Ад хоц) ревизии** 11

**Надворешни ревизии на работата на внатрешната ревизија и други сектори / активности на Друштвото** 13

**Следење и контрола на спроведувањето на доспеаните активности за корегирање на утврдените наоди од претходните ревизии** 13

**Наоди кои се повторуваат од претходни ревизии** 14

**Оценка на квалитетот на работата на внатрешната ревизија** 14

**Изјава за усогласеност на функцијата внатрешна ревизија на Друштвото со барањата на Глобалните Интерни Стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија како и локалната ревизорска регулатива** 14

**Изјава за независност и објективност на внатрешните ревизори** 14

## Реализација на планот за работа на внатрешната ревизија

Согласно годишниот план за внатрешни ревизии за 2024 година, во текот на 2024 година, внатрешните ревизори спроведоа ревизиите на следните функции: управување со основни средства и финансиски операции (без вложувања), корпоративно управување, заштита на лични податоци, прием во осигурување и продажба (вклучително реосигурување, маркетинг и односи со јавноста), штети (влучително реосигурување и приговори), Информациска технологија и Финансии (локално сметководство, вложувања, контрола на побарувања и утужени побарувања).

При наведените ревизии предмет на анализи и тестирања беа активностите и трансакциите извршени во текот на 2023 година и првиот квартал на 2024 година.

Во моментов внатрешните ревизори работат на ревизиите на Човечки ресурси и плати (вклучително и работни спорови и обуки), корпоративно управување и усогласеност со закони  и друга регулатива, од ревизорскиот план за работа за 2025 година.

Покрај редовните, планирани ревизии, од внатрешните ревизори беше побарано да извршат ревизија на процесот на лоцирање, анализа и раздолжување на полиси издадени од Винер Осигурување Ђ ВИГ пред спојувањето на двете друштва за осигурување, бидејќи беше утврдено дека овој процес не функционирал и бројот на такви полиси е многу голем т.е. изнесува 51.195 полиси. Деталите од оваа ревизија се наведени во понатамошниот текст на овој извештај во делот вНаоди и помали отстапувања утврдени со непланираните (ад-хоц) внатрешни ревизииг. Процесот за раздолжување на полисите започна во август 2024 година, но бидејќи не се постигнаа никакви резултати, од Меаџерот за внатрешна ревизија се побара да го следи и ревидира процесот, да изискува редовни известувања и да известува до ченовите на органите за управување на Друштвото.

Поради сложеноста на процесот на спојување на двете друштва за осигурување и зголемениот ангажман на вработените од двете друштва за осигурување, консолидираната ревизија на прием во осигурување и продажба (вклучително и реосигурување, маркетинг и односи со јавноста) беше главно фокусирана на активностите и трансакциите на оваа извршени од страна на Мекедонија Осигурување, а.д., Скопје Ђ ВИГ (едно од друштвата за осигурување кои се споија). Материјалните активности и трансакции извршени од страна на Винер а.д. Ђ ВИГ исто така се ревидираа, но поради задоцнетата достава на документи и објаснувања и резултатите се известија со значително задоцнување.

Сите ревизии беа започнати според планот и се одвиваа според предвидените рокови, освен исклучокот наведен погоре.

Наведените функции беа ревидирани преку увид во соодветните стратегии, политики, процеси и оперативни процедури, воспоставени системи на внатрешни контроли и нивната ефикасност, усогласеноста со осигурителните општи и посебни услови и тарифи, овластувања, деловни интерни акти, локалната законска регулатива како и инструкциите и политиките на Групацијата и Солвентност ИИ.

# Наоди и помали отстапувања утврдени со планираните внатрешни ревизии

## *Наоди*

При ревизиите на функциите управување со основни средства и финансиски операции (без вложувања), корпоративно управување со Друштвото и информациска технологија не утврдивме материјални наоди, ниту помали отсапувања.

Како и минатата година ревизијата на управувањето со Друштвото ги опфати и работата на органите на управување на Друштвото (УО, НО и Собрание на акционери), другите менаџери, актуарската функција, управувањето со ризици, транспарентноста и етиката во работењето на Друштвото и дел од управувањето со информациската технологија.

Системите на интерни контроли воспоставени од страна на Друштвото, беа опфатени во текот на секоја поединечна планирана ревизија за 2024 година. Сите евентуални наоди кои произлегоа од ревизорските проверки се известија во ревизорските извештати за односните функции.

Утврдивме наоди од ревизиите на фунцкиите штети и финансии. Истите се прикажани подолу:

**И Штети (вклучително реосигурување и приговори за штети)**

✓ **Несоодветна обработка на штетите од зелена карта (редовни и услужни)**

**Наод:**

Од ревизијата на штетите од зелена карта, вклучително и услужните штети кои Друштвото ги обработува и исплаќа во име и за сметка на други странски осигурителни компании, пријавени по зелени карти издадени од страна на Винер а.д. Ђ ВИГ, произлегоа следите наоди:

- Отсуство на или задоцнети барања за рефундација за платени услужни штети од зелена карта од 3,5 до 14 месеци;
- Задоцнети потсетувања за покритија од странски кореподенти / осигурувачи од 3 до 17 месеци;
- Решавање и исплата на штети на база на непреведени документи на странски јазик;
- Непријавени, а со тоа и нерезевирани штети од АО зелена карта во деловниот систем за евиденција на штети Ђ идентификувани такви 20 штети со потценети резервации во износ од МКД 3.558.000 или ЕУР 57.760**.** Овие штети беа пријавени, евидентирани и резервирани по спојувањето на двете друштва за осигурување, односно со задоцнување од најмалку 7 месеци;
- Задоцнета конфирмација на покритија за штетите од зелена карта од 3 до 14 месеци;
- Отсуство на или задоцнети барања на изјави од осигурениците (домашни лица Ђ возачи) кои ги причиниле сообраќајните несреќи (задоцнувања од 2 месеца) и нивно потсетување до 3 пати, согласно интерните стандарди за работа и

стандардите на ВИГ за обработка на овие штети. Интерната ревизија на ВИГ пропиша стандард за 3 потсетувања во временски интервали од 15 дена;

- Пристигнати бројни интервенции и ургенции од страна на странски коресподенти и/или странски осигурителни компании за задоцнети исплати на штети од 3 до 18 месеци. Ваквата пракса може да резултира во плаќања на казнени камати, ризик за активирање на вгуарантее цаллг од страна на странските Национални бира за осигурување, па дури и реперкусии на ниво на држава, кои би имале значајни нагативни импликации и на продажбата и премијата за осигурување. Како одговор на некои слични пракси кај други локални осигурителни друштва во минатите години, од 2013 година, локалното Национално биро за осигурување започна да изискува од друштвата за осигурување месечни извештаи за добиени задолженија за плаќање (дебит ноти) со податоци за датумите на издавање и доспевање на задолженијата;
- Задоцнети проценки на штети, во еден случај цели 17 месеци;
- Задоцнето плаќање на штетите во временски интервали од 30 до 150 дена;
- Отсуство на барања и повторни потсетувања (до 3 пати) за дополнителни значајни документи и информации за штетите од странските коресподенти и
- Една штета од зелена карта била исплатена на оштетеното лице / субјект наспроти одбиено покритие од странската осигурителна компанија, во износ од ЕУР 1.000. Правилниот пристап и пракса за ваквите штети (класификувани како штети од неосигурани возила) би бил, истите да се препратат во локалното Национално биро за осигурување или ако веќе се исплатени да се побара поврат на средствата. Во конкретниот случај опцијата за поврат на исплатените средства не е возможна, бидејќи побарувањето е веќе застарено, односно штетата била исплатена во 2019 година.

Повеќето од наведите наоди беа известени и во претходниот квартален извештај, дури И пред почетокот на редовната ревизија на фунцкијата штети од причина што истите претставуваат отворена изложеност на Друштвото, извор на потенцијални загуби, несоодветна услуга на и соработка со клиентите и нарушена репутација и можни монетарни и оперативни казни. Во вакви случаи, внатрешните ревизори имаа обврска и одговорност да ги известат наодите до членовите на одборите за управување на Друштвото, што е можно побрзо, за да се превземат соодветни мерки.

Како резултат на погоре наведениот несоодветен начин на обработка на штетите од зелена карта (а како резултат на ревидирани штети и други анализи и истражувања) наплатата на рефундации од услужно решени и исплатени штети во вкупен износ од ЕУР 205.371 е спорна. Од овој износ, рефундации во износ од ЕУР 11,231 се веќе застарени, исто така постојат и штети кои се обработени и платени, без истите воопшто да се известат до странските осигурувачи и да се побара рефундација за исплатените износи. Во моментов Менаџерот за ликвидација на штети во соработка со Националното Биро за осигурување на РС Македонија ревносн работати на наплата на доспеани побарувања од 3 странски осигурувачи, бидејќи побарувањата од еден Германски осигурувач во износ од ЕУР 62,000 можат наскоро да застарат.

***Импликации:***

Несоодветното решавање на штетите од зелена карта преку непочитување на интерните и меѓународни стандарди и догови за обработка на овој вид штети може да резултира во плаќања на казнени камати, застарување на побарувањата, лоша услуга на клиентите и можни санкции.

***Активности на менаџментот***

Менаџментот на фунцкијата штети веќе воспостави соодветен начин на обработка на штетите од зелена карта која мора да ја почитуваат и применуваат сите ликвидатори на штети со зачестено следење на статусите на штетите и начинот на работа. Наследените ризици од превземените штети се расчистуваат секојдневно, обврските се плаќаат и сите потсетувања до клиентите и кореподентите се испраќаат во редовни интервали. Во соработка со Националното Биро за осигурување на РС Македонија и одговорните вработени за штетите од зелени карти на Групацијата, се превземаат мерки за наплата на спорните побарувања за истите не застарат.

- ✓**Неплатени трошоци за процена на штети / отсуство на податоци за потенцијлни трошоци**

**Наод:**

Кон крајот на 2024 година и почетокот на 2025 година Друштвото плати МКД 747.000 (ЕУР 12,115) за услугите на надворешни проценители за штети кои Винер ад, ги имаше ангажирано за проценка на нивните штети, а кои беа доспеани, но не платени. За еден случај (МКД 47.000 / ЕУР 775) Друштвото доби опомена пред тужба.

Обој наод е резултат е на прикриени обврски, лоша комуникација помеѓу двете споени Друштва за осигурување и отсуство на информација за ваквите превземени обврски.

***Импликации:***

Слабата транспарентност за потенцијалните и превземени, а не известени напланирани трошоци може да резултира во напланирени трошоци и финансиски загуби.

***Активности на менаџментот:***

Друштвото ги раскина сите договори со надворешните проценители и сега сите штети се проценуваат од страна на интерните проценители на Друштвото.

**ИИ Финансии**

- ✓**Неточно и несоодветно евидентирање, известување и следење на утужените побарувања по основ на премија**

**Наод:**

Секторот за правни работи е одговорна за управување и наплата на утужените побарувања и за следење на наплатата на оние побарувања кои се предадени на нотари и извршители за присилна наплата. Со состојба на крајот на месец март 2025

година Друштвото има вкупно околу 5.050 отворени предмети на утужени побарувања.

Податоците за утужените побарувања се внесуваат на систем и на располагање се неколку извештаи за следење на истите.

Со ревизорските тестови на одбрани примероци од предмети на утужени побарувања, системката евиденција и системските извештаи уште во минатите години се утврди дека системската евиденција и извештаите се нецелосни и неточни, со што е оневозможено соодветно следење и управување со ваквите пбарувања. Следствено на ова, претставници на секторите за сметководство, информатичка технологија и службата за спорни побарувања договорија нови активности и унапредувања на компјутерската апликација.

Со ревизорските проверки, анализи и разговори со соодветни вработени извршени во текот на 2024 година се утврди дека за 96% од проверените примероци на утужени побарувања податоците цо компјутерската апликација и системски извештаи беше точна. Поточно, износите на отписи на побарувањата кои претходно ги реметеа износите на наплати и салдата на побарувањата беа отстранети, со што се овозможи точно известување. Овој резултат е огромно подобрување на евиденцијата и може да се заклучи дека наодот со неточна евиденција и извештаи за утужените побарувања е отстранет. Спеак при идните ревизии на овие активности квалитетот на евиденијата и извештаите пак ќе се провери.

Во моментов судските / нотарски трошоци и казнената камата не се прикажуваат како дел на утуженото побарување, но се вклучени во наплатата, со што салдата на долговите каде има наплата и на овие две ставки се прикажани со минусен знак, како претплати, што не е реална состојба. Отсуството на судските / нотарски трошоци и казнената камата оневозможува точен увид во степенот и обем на наплатите и информација за видот на неплатениот дел од долговите, односно главен долг, трошоци или казнена камата.

***Импликации:***

Неточната компјутерска евиденција и извештаи за салдата на утужените побарувања по основ на премија  по с

Неточни системски податоци и системски извештаи за салдата на утужените побарувања и/или побарувања предадени за верификација кај нотари и салдата на ненаплатени побарувања по завршување на судските спорови или по нивното предавање кај извршители за присилна наплата може да резултира во несоодветно следење и управување со ваквите побарувања, несоодветна услуга на клиентите, слаба наплата поради ненавремени активности и финансиски загуби.

***Активности на менаџментот:***

Вработени од Секторот за правни работи и Секторот за информациска технологија договорија нови активности за понатамошо унапредување на квалитетот на системската евиденција на утужените побарувања.

Поточно, програмерите на Дрштвото ќе ја надградат апликацијта вПравнаг за да се овозможи вклучување и на поатоците за судките трошови и позадинска пресметка на казнената камата на дневна основа, со што извештаите за утужените

побарувања во секој момент ќе ги покажуваат вклупните и точни износи на побарувањата, наплатите и салдата.

Системските надградби ќе бидат завршени до 30.09.2025 година.

## *Помали отстапувања*

Во текот на ревизиите на заштита на личните податоци и прием во осигурување и продажба утврдивме одреден број на помали отстапувања. Сите подолу известени остстапувања претставуваат изолирани случаи, а не вообичаена пракса, па затоа не се известени како наоди. Анализата на ризиците поврзани со тие отстапувања, покажа дека нема ескалација на ризиците ниту материјални загуби за Друштвото.

Утврдените помали отстапувања се следните:

### И Заштита на лични податоци

1. Според барањата на Законот за заштита на лични податоци и ТОМ, Офицерот за заштита на лични податоци на Друштвото мора да биде известен за секој нов склучен или изменет договор за да истиот изврши проверка и верификација на соодветноста на содржината на договорите од аспект на заштитата на лични податоци, таму каде што тоа би било применливо, и формално да изврши прелиминарно одобрување (со потпис во договорот);
2. Согласно Законот за заштита на лични податоци (заглавија 14.1 и 14.2, членови 62 до 66) секој пренос на лични податоци во други држави мора да биде пријавен во Агенцијата за заштита на лични податоци на нивно разгледување и одобрување. Преносот на лични податоци во домицилната држава на Групацијата ВИГ, Австрија, бил пријавен, но преносите на лични податоци во државите каде Друштвото има склучено коресподентски договори со асистенстки куќи, за обработка на штети од зелена карта не биле пријавени. Со Офицерот за заштита на лични податоци на Друштвото договоивме тоа да се направи во 2024 година;
3. Заглавието 21.4, член 79 од ТОМ изискува Друштвото да ги оцени сите ризици поврзани со обработката и чувањето на личните податоци, со наведување на предвидените специфични елементи на оценката на ризиците. Друштвото поседува генерален Регистар на ризици, во кој се опфатени и ризиците поврзани со заштитата на личните податоци, но не во толкави детали како што е наведено во ТОМ. Со цел Друштвото да се усогласи со барањата на ТОМ, се препорачува или ТОМ да се измени и да се усогласи со содржината и пристапот во постоечкиот генерален Регистар на ризици или пак Регистарот на ризици да се дополни со бараните елемени и детали како што е наведено во ТОМ;
4. Заглавието 22.2.16, член 99 од ТОМ изискува системските привилегии на корисниците на системот на Друштвото да се проверуваат и ажурираат секој квартал од страна на менаџерите на секторите и службите на Друштвото. Во моментов таквите проверки се прават еднаш годишно. Интерните ревизори ги проверуваат сите системски привилегии и роли ито така еднш годишно, и бидејќи досега не се утврдени материјални наоди и ризици, препорачуваме зачестеноста на проверките да остане годишна, и да се направи измена во ТОМ на временските интервали од вкварталнo на годишног;
5. Заглавието 22.2.20, член 103 од ТОМ изискува Офицерот за заштита на лични податоци на Друштвото, најмалку еднаш месечно да прави проверки на

неавторизираните пристапи или обиди за пристапи во базите на податоци на Друштото и да известува за тоа, со опис на спроведените проверки и утврдените резултати. Оваа активност сега не се спроведува. Сметаме дека е нужно да се испита издржаноста на таквата зачестеност на проверките наспроти расположивите човечки ресурси и обврски на вработените и соодветно да се сменат барањата во ТОМ. Уште повеќе што Менаџерот за ИТ Операции на Друштвото веќе прави редовни, месечни, контроли на неавторизирираните пристапи / обиди на пристапи и за тоа известува до Секторот за информациска технологија на ВИГ. Значи, таква алтернативна контрола веќе постои, па затоа сметаме дека Офицерот за заштита на лични податоци на Друштвото може периодично да ги разгледа проверките и извештаите кои ги прави Менаџерот за ИТ операции, наместо предвидените месечни проверки кои ќе значат двојна работа. Следствено, барањето во ТОМ треба да се измени за да одговара со праксата и

6. Заглавие 22.2.37, член 128 изискува Офицерот за заштита на лични податоци на Друштвото да врши периодични контроли на усогласеноста на Друштвото со барањата на Законот за заштита на лични податоци и ТОМ на Друштвото и дополнително да се врши годишна интерна проверка на истата проблематика. Резултатите од двете проверки / контроли Офицерот за заштита на лични податоци на Друштвото потоа треба да ги извести до органите на управување на Друштвото. И додека последната периодична контрола извршена од страна на Офицерот за заштита на лични податоци на Друштвото била спроведена во јули 2023 година, годишни интерни проверки не биле направени од 2021 година. Интерните ревизори вршат ревизија на оваа област на секои 3 години, по препорака на АСО. Причината за неспроведените годишни проверки е недостигот на човечки ресурси. Препорачуваме Друштвото да назначи вработен кој ќе ги спроведува годишните контроли со што ќе се обезбеди усогласеност со Законот за заштита на лични податоци.

Статусот на договоените корективни активности за елиминирање на наведените отстапувања е следен:

1. Офицерот за заштита на лични податоци на Друштвото формално ги контактираше сите менаџери на Друштвото и побара од нив негово вклучување секој пат кога се склучува нов договор (за активности / услуги кои вклучуваат обработка и чување на лични податоци) пред потпишување на договорите, за да се осигури дека сите законски барања за заштита на личните податоци се соодветно вклучени и формулирани;
2. Бидејќи бројот на лични податоци кои се пренесуваат на странски коресподенти за услужно решавање на штети од зелена карта, е незначителен, а другите преноси на лични податоци се прават како дел од оперативната работа на Друштвото и во корист на клиентите, се смета дека не е потребно натамошно пријавување на преносите на личои податоци. И ставот на Агенцијата за заштита на лични податоци е дека под вакви околности (обем на податоци и оправданоста на намената на преносите) не е потребно пријавување на преносите;
3. Офицерот за заштита на лични податоци на Друштвото заедно со Менаџерот за управување со ризици, а согласно барањата содржани во новиот Правилник за оцена на ризици издаден од страна на Агенцијата за заштита на лични податоци дефинираа листа на ризици поврзани со обработката и чување на личиите податоци. Рокот за усоласување со новите барања е 30.06.2025 година.

4. Офицерот за заштита на лични податоци на Друштвото договори со Менаџерот за информациска технологија промена на зачестеноста за контрола на системските привилегии од квартална на полугодишна, што е попрактично и оправдано решение. Бидејќи во текот на нашите внатрешните ревизии на системските привилегии на Друштвото не сме утврдиле значајни отстапувања или злоупотреби, ваквата промена е оправдана;
5. Офицерот за заштита на лични податоци на Друштвото договори со Менаџерот за информациска технологија, месечно да биде известуван за неуспешни и наовластени обиди за пристап на базите на податоци на Друштвото кои тој ќе ги разгледува и ќе постапува по истите доколку има невластени активности и
6. Офицерот за заштита на лични податоци на Друштвото изготви годишен план за проверка на обработката и заштита на лични податоци за 2025 година, по области. Планот беше разгледан и одобрен од страна на Управниот одбор на Друштвото на 29.01.2025 година. Контролите веќе започнаа, според планот.

Од образложеното заклучуваме дека за сите помали отстапувања се спроведени соодветни и навремени актвности.

## ИИ Прием во осигурување и продажба

- Во 2 случаја од вкупно ревидирани 105 имотни полиси утврдивме дека бил одобрен нессодветен попуст за автоматски пожарни аларми. Во првиот случај биле одобрени 25% наспроти 15%, како највисок попуст за овеи заштитини мерки, а во другиот случај одобрен е еден ист попуст од 10% два пати во иста полиса;
- Кај 3 од ревидирани 105 имотни полиси не беше јасно дали стапката за слаба градба била применета или не;
- За 32 полиси од ревидирани 99 полиси од незгода, не беа обезбедени листи на осигуреници;
- 1 ризик од прекин во работа од вкупно ревидирани 28 полиси кои го содржат тој ризик не беше рефериран кај превземачите на ризик за одобрување, како резултат на затајување на соодветната системска интерна контрола;
- 1 ризик од професионална одговорност од ревидирани 197 полиси за одговорност не беше рефериран кај превземчите на ризик, поради затајување на соодветната системска интерна контрола;
- Во еден случај на полиса на вработен превземачот на ризик одобрил попуст за немање штети од 50% иако тој осигуреник со истото возило претходната година имал каско штета, поради што попустот за немање штети во текотвата полиса требал да биде укинат. Иако превземачите на ризик имаат парво да прават промени во тарифните попусти, причините за ваквите одлуки мора добро да се објаснети и истите да бидат издржани;
- Кај 45 полиси од вкупно 246 ревидирани полиси на клиенти со Б и Ц код за наплата (клиенти со послаба наплата) беше дозволена наплата на рати во број поголем од дозволениот според правилата на Друштвото. Менаџерите за продажба имаат парво да дозволат и поголем број на рати од пропишаните, но кога од нив побаравме документиран доказ за ваквите одобрувања, не добивме одговори, освен од еден менаџер кој не извести дека не дали такви одобрувања. Со цел да се следи и контролира оваа пракса, препорачуваме воведување на

системска интерна контрола во фацата на внес на полисите која во случаите на одобрени рати над предвидениот ќе бара одобрене од менаџерите за продажба, како услов полисата да се внесе и издаде. Предефинираните правила за наплата на премијата на рати по вид на осигурување и исклучоците од правилата, треба детално да се образложи во постоечката Процедура за наплата на премија и

- За 53 ризици, од ревидирани 73, каде менаџерите за продажба одобриле попусти на премијата, добивме документирани докази за одобенијата само од еден менаџер, а другите не одговорија. Одобренијата менаџероте за продажба најчесто ги даваат по пат на е-пошта, во твдра копија се чуваат во евиденцијата на Секторот за поддршка на продажбата, но барањето од вработените од овој сектор да ги обезбедат ќе значеше големо оптоварување за нив и можно создавање на тесни грла во процесот на внес, тарифирање и издавање на полиси. Затоа за овие случаи не можевме да утврдиме дали менаџерските попусти биле соодветно одобрени. Со цел овие активности во иднина соодветно да ги ревидираме препорачуваме да се побара од програмерите на Друштвото да воведат системски интерни контроли односно едноставни и брзи системски решенија (кликање на полиња или избор на одобрувачи од постечко мени), во фазата на внес и тарифирање на полисите.

Дополнително на погоре наведеното, за да се обезбеди поефикасна работа на превземачите на ризик при анализа и одобрување на ризиците од домаќинско осигурување и ревизијата на истите, предлагаме постоечкиот извештај за кодна анализа параметрите за премиии и штети да ги покажува посебно (не во рамки на имотните ризици) или да се најде друго соодветно решение.

**Тековен статус:**

Сите наведени помали отстапувања беа дискутирани со соодветните менаџери и беа спроведени активности како потсетувања и ажурирања на оперативните процедури, надргадби на системките контроли и барања за нови системски интерни контроли за активности за кои се смета дека се потребни унапредени контроли, кои во моментов се во фаза на дизајнирање и извршување од страна на програмерите на Друштвото.

## Наоди и помали отстапувања утврдени со непланираните (Ад-хоц) ревизии

### И Евиденција на полиси извадени од Винер Осигурување (раздолжување на продадени, поништени или неискористени полиси)

По спојувањето на двете друштва за осигурување, Македонија Осигурување а.д, Скопје Ђ ВИГ и Винер Осигурување а.д, Ђ ВИГ, новото Друштво утврди дека голем број на полиси издадени од страна на Винер Осигурување пред спојувањето, не биле евиентирани на систем при нивното раздолжување по извршена продажба или прекин на полисите. Вкупниот број на овие полиси изнесуваше 51.195.

Со цел ваквите полиси соодветно да се евидентираат и следат, членовите на Управниот одбор на Друштвото побара од вработените во секторите за продажба и

Секторот за поддршка на продажба да ги лоцираат таквите полиси, да ги анализираат според неколку критериуми / статуси и да ги евидентираат на систем како раздолжени со рок до 15 октомври 2024 година.

Бидејќи до предвидениот рок, договорените активности не беа завршени, членовите на Управниот одбор на Друштвото, на 8 ноември 2024 година, побараа од Менаџерот за внатрешна ревизија да изврши вонредна ревизија на активностите со нови рокови за следење и известување за статусот на активностите.

**Последниот статус и резултати од активностите е дека се изнајдени и системски раздолжени вкупно 44.363 полиси, што претставува 87% од вкупниот број на полиси на почетокот на проектот.**

Овие резултати укажуваат на огромен прогрес, но проектот ќе продолжи до следните рокови кои ќе се договорат или до достигнување на одреден број на полиси кои ќе бидат прифатливи за менаџментот на Друштвото.

Преостанатите, сеуште неизнајдени полиси Ђ 6,832 на број, се состојат од: 710 полиси со должна премија (МКД 4.938.000 / ЕУР 80.032), 6038 полиси со целосно наплаена премија и 86 полиси чија премија е утужена.

Од вкупниот број на полиси со должна премија, 581 полиси биле издадени од страна на брокери (со вкупна премија од МКД 3.875.000 / ЕУР 65.512), а остатокот од 129 полиси биле продадени од страна на други продажни канали. Аализирани по класа на бизнис 581 полиси или 82% (со вкупна премија од МКД 3.800.000 / ЕУР 61.588) се од автоодговорност и зелена карта, а остатокот од 15 полиси или 8% (со вкупна премија од МКД 267.770 / ЕУР 4.430) се покритие за имотни, каско и транспортни ризици.

Според нашето мислење **преостанатите ризици** од неизнајдените оиогинални полиси се следните:

- Докажување на валидноста на ненаплатените побарувања **пред локаните судови**. Но, бидејќи премијата по неизнајдените полиси, во најголем дел потекнува од полиси за автоодговорност и зелена карта кои на суд може да се докажат и со заверени списоци на полиси издадени од Националното Биро за осигурување на РС Македонија, **максималниот ризик би бил МКД 266.000 / ЕУР 4.340**, односно неможноста да се наплати премијата од имотните, каско и транспортни полиси. Вообичаено должинците за премија се доставуваат до нотари кои ги прифаќаат сметководствените картици на Друштвото како достаточен доказ за валидност на побарувањата и само во случаи кога должинците го оспоруваат нотарското решени за наплата и предметот оди на суд, ќе бидат потребни оригиналните полиси. Значо, ризикот од овие полиси ќе се сведе на оние кои нема да се наплатат и би завршиле на суд;
- Проблеми со регулаторот (АСО) пореди непоседување на оригинални примероци на полисите во случаи на нивни ревизии, кои може да резултираат во паричии казни. Исклучок од ова може да бидат ризиците договорени на тендери (161 на број), за кои Винер ад, склучило договори кои ги содржат сите услови на полиеите и кои се достапни во просторите на Друштвото.

Доплнително, од вкупно проценетиот број на неискористени / непродадени претпечатени обрасци за зелени карти Ђ 18.500, се лоцираа и повлекоа 16.936 полиси (92%), 20 полиси беа загубени и поткрепени со изјави од лицата кои биле задолжени со истите и 55 биле украдени и пријавени во полиција како такви.

По одобрување на Управниот одбор на Друштвото физичките пронајдените полиси ќе бидат уништени од страна на компанија овластена за рециклирање.

Поради големиот напредок во изнаоѓањето на ваквите полиси, може да заклучиме дека ризикот од нивна злоупотреба е значително намален. **Но, сепак останува ризик од полиси кои не се изнајдоа и кои може да се продадат преку валидни продажни канали, а да се фалсификат и по кои во случај на штети Друштвото ќе има обврска да плати обештетувања, кои за овој вид на штети може да бидат во значителни износи. Изложеноста на овј ризик се очекува да трае до 01.07.2025, односно 1 година по спојувањето на двете Друштва за осигурување.**

## Надворешни ревизии на функциите на Друштвото

Во текот на 2024 година не беа извршени надворешни ревизии на работата на функциите на Друштвото, не сметајќи ја надворешната ревизија од страна на КПМГ, која е редовна годишна ревизија.

Корективните активности кои произлегоа од надворешните ревизии извршени во текот на 2023 година од страна на интерната ревизија на ВИГ, беа спроведени согласно договорените рокови и на соодветен начин.

Корективните актвности за секој доспеан наод (законски и подзаконски неусогласености) или препорака (слабости во системите на внатрешни контроли) кои произлегоа од теренската ревизија на АСО во 2023 година, беа извршени на договорениот начин и навремено. Одреден број на препораки се сеуште во процес на извршување. По нивното завршување Душтвото повторно ќе извести до регулаторот и ќе достави документи како докази за спроведените активности. За овие активности внатрешните ревизори повторно ке издадат ревизорско мислење.

По доставата на првиот извештај за постапување по корективните активности, заедно со докази за активностите, супервизорите на АСО спроведоа 3 теренски контроли на активностите изрекоа неколку дополнителни мерки за нови активности.

За истите Друштвото навремено спроведе активности и достави известувања и докази. До моментот на изготвување на овој извештај супервзорите на АСО не доставија забелешки.

## Следење и контрола на спроведувањето на доспеаните активности за корегирање на утврдените наоди од претходните ревизии

Квартално, внатрешните ревизори го проверуваат спроведувањето на доспеаните корективни активности поврзани со наоди известани од интерната и/или екстерните ревизии.

Сите доспеани активности од ревизијата на АСО во 2023 година беа спроведени, единствено се останати неколку активности поврзани со слабости во внатрешните контроли, за кои рокови не беа специфицирани.

За наодот од внатрешната ревизија за квалитетот и веродостојноста на системските податоци и извештаи за утужените побарувања известен во 2023 година, а кој беше повторно проверен во текот на 2024 година, актвностите во најголем дел беа спроведени. Останаа уште неколку активности за кои се договорија нови решенија и нов рок - 30.09.2025 година.

## Наоди кои се повторуваат од претходни години / ревизии

Од ревизиите извршени во текот во 2024 година известивме само дел од еден наод кој се повторува од претходни ревизии или години.

## Оценка на квалитетот на работата на внатрешната ревизија

Секторот за интерна ревизија, започнувајќи од 2022 година, воведе документирано самооценување и екстерна валидација на самоценувањето (временски како беше наведено во годишниот план за внатрешна ревизија за 2022 година), за сите планирани и извршени ревизии во текот на 2022 година. Препораките од надворешниот независен проценувач (ЦИА) беа применети во сите идни ревизии.

Самооценувањето на квалитетот на работата на внатрешната ревизија за 2024 година се спроведе во текот на втората половина на декември 2024 година,а резултатите од истата, во форма на извештај од самооценување, се доставуваат до членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор на Друштвото.

Следната надворешна и независна валидација на самоценувањто е планирана за 2027 година.

## Изјава за усогласеност на функцијата внатрешна ревизија на Друштвото со барањата на Глобалните Стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија (ГСИР) кои ги вклучуват принципите за професионално извршување на внатрешната ревизија, дефиницијата на внатрешната ревизија, етичките кодекси и правилата за однесување како и локалната ревизорска регулатива

Со исполнувањата на сите барања по наодите и препораките на локалниот регулатор (АСО), Интерната ревизија на Групацијата и надворешниот проценувач, изготвувањето и / или дополнување на потребните документи и воведувањето на унапредени оперативни активности, работата на внатрешната ревизија на Друштвото е **целосно усогласено со барањата на (ГСИР) и локалната ревизорска регулатива.**

## Изјава за независнот и објективност на внатрешните ревизори

Во текот на 2024 година внатрешните ревизори ја извршуваа својата работа во услови на целосна организациска и функционална независност, со исклучок на еден случај.

Менаџерот за внатрешна ревизија беше наименуван за член на Комитетот за оценка на соодветноста на членовите на Надзорниот Одбор и Управниот Одбор на Друштвото и имаше учество во процесот на разгледување и оценка на документите за постоечките и/или нови членови на органите за управување на Друштвото, а за потребите на обезбедување дозвола од локалниот регулатор. Од оваа причина во текот на следната ревизија на корпоративното управување со Друштвото, овој ревизор ќе биде изземен од

ревизијата на тој дел од функцијата, односно тој дел ќе го ревидира друг внатрешен ревизор.

**Не беа утврдени случаи на нарушена објективност ниту инциденти во извршувањето на ревизиорските активности и известувањето на резултатите од истите.**

| | |
|---|---|
| **Татјана Ансарова - Јовановска** | **Јана Крстевска** |
| **Менаџер за внатрешна ревизија** | **Овластен ревизор** |

**Сектор за внатрешна ревизија,**
**АД за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА,**
**Скопје - Виена Иншуранс Груп**

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 29 и член 30 од Законот за супервизија на осигурување и член 480 став (3) од Законот за трговските друштва, како и член 33 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје – Виена Иншуренс Груп, Надзорниот одбор на Друштвото на својата 80та седница одржана на 24.04.2025 го разгледа и го одобри следниот:

According to Article 29 and Article 30 of the Law on Insurance Supervision Article 480 paragraph (3) of the Trade Companies Law, and Article 33 of the Statute of the Joint Stock Company for Insurance and Reinsurance MAKEDONIJA Skopje – Vienna Insurance Group, the Supervisory Board of the Company has discussed and approved at its 80th regular session held on 24.04.2025 the following:

# ИЗВЕШТАЈ

**за работењето на Надзорниот одбор за 2024 година**

# REPORT

**on the Operations of the Supervisory Board for 2024**

**СОДРЖИНА**


**1. ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ**
**2. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОДБОРОТ**
**3. ИЗВЕШТАЈ ЗА КОНТРОЛА НА КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ**
**4. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И ЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ НАДВОРЕШЕН РЕВИЗОР**
**5. ИЗВЕШТАЈ ЗА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА**
**6. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА**


**TABLE OF CONTENT**


**1. LEGAL PROVISIONS**
**2. REPORT ON THE OPERATIONS OF THE BOARD**
**3. REPORT ON CORPORATE GOVERNANCE CONTROL**
**4. FINANCIAL STATEMENTS AND AUTHORIZED EXTERNAL AUDITOR REPORT**
**5. INTERNAL AUDIT REPORT**
**6. FINAL PROVISIONS**


## 1. ОДРЕДБИ ОД ПОЗИТИВНИТЕ ПРОПИСИ

Оперативното функционирање на органите на надзор на друштвата за осигурување и нивните права и одговорности се уредени во одредбите од Законот за трговските друштва, Законот за супервизија на осигурувањето, подзаконските акти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето и интерните правила за работа и функционирање на органите на надзор.

Согласно член 480 став 3 од Законот за трговски друштва, Надзорниот одбор до акционерите е должен да достави писмен извештај за резултатите од надзорот, односно од сопственото работење. Во извештајот, Надзорниот одбор го наведува начинот на надзор и обемот на надзор односно контрола над управувањето со Друштвото во текот на претходната деловна година. Во извештајот се наведува и мислењето за резултатите од извршената ревизија од страна на овластениот надворешен ревизор за годишната сметка и финансиските извештаи, како и забелешките на ревизорите кон предметните извештаи, со соодветен предлог дали тие да се усвојат од стана на акционерите.

## 1. LEGAL PROVISIONS

The operational functioning of the supervisory bodies on insurance companies and their rights and responsibilities are regulated in the provisions of the local Law on trade companies, local Law on insurance supervision, the bylaws issued by the Insurance Supervision Agency, and the Companies Supervisory bodies bylaws.

Following Article 480 paragraph 3 of the local Law on trade companies, the Supervisory Board shall submit to the shareholders a written report on the supervision results, that is, from its own operations. In the report, the Supervisory Board shall state the manner of supervision and the scope of supervision i.e. control over the Company's management during the previous business year. The Report shall also state the opinion regarding the results of the audit made by the authorized external auditor for the annual account and financial reports, as well as the notes by the auditors to the compiled yearly account statements and financial reports, and shall propose whether they are to be adopted or not.

**2. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ВО ДЕЛОВНАТА 2024 ГОДИНА**

Во 2024 година, Надзорниот одбор на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје – Виена Иншуренс Груп (во натамошниот текст: Друштвото) ги извршуваше своите должности во согласност со прописите во Република Северна Македонија, во согласност Статутот на Друштвото, во согласност со интерните правила за работата на Надзорниот одбор, како и во согласност другите акти на Друштвото по стандардите за корпоративно управување на VIENNA INSURANCE GROUP (во натамошниот текст: VIG).

Во текот на 2024 година, Надзорниот одбор продолжи да ја следи работата на членовите на Управниот одбор и редовно ги советуваше во однос работењето и функционирањето на Друштвото, обезбедувајќи соодветни насоки врз основа на претходно пријавените наоди.

Во 2024 година, Надзорниот одбор на Друштвото одржа вкупно 12 состаноци. Потребната документација во врска со состаноците, како и Записниците од сите состаноци на Надзорниот одбор се уредно составени и потпишани. Целокупната документација во врска со функционирањето на Надзорниот одбор се чуваат во седиштето на Друштвото.

Членовите на Надзорниот одбор редовно се состануваа со членовите на Управниот одбор и редовно дискутираа за сите релевантни прашања поврзани со деловното работење на Друштвото.

Надзорниот одбор на своите состаноци дискутираше за сите правно обврзувачки прашања, ги разгледуваше кварталните финансиски извештаи на Друштвото, ги разгледуваше и сите други суштински прашања поврзани со деловните активности на Друштвото, а по барање на членовите на Надзорниот одбор или Управниот одбор.

На акционерите, преку официјалната интернет страница на Друштвото и преку Електронскиот систем за известување на котирани друштва на Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје, им беа доставени сите потребни документи и извештаи кои Друштвото е должно да ги подготви согласно одредбите од позитивните прописи.

**2. REPORT ON THE OPERATION OF THE COMPANY SUPERVISORY BOARD FOR THE BUSINESS YEAR 2024**

In 2024, the Supervisory Board of the Joint Stock Company for Insurance and Reinsurance MAKEDONIJA Skopje – Vienna Insurance Group (hereinafter: The Company) performed its duties in compliance with legal requirements and regulations in the Republic of North Macedonia, Company Statute and the Company Supervisory Board Bylaws and with other acts of the Company following standards on corporate governance of VIENNA INSURANCE GROUP (hereinafter: VIG).

During 2024, the Supervisory Board continued monitoring the work of the members of the Management Board and regularly advised them in running the business of the Company providing proper guidance based on the reported findings.

In 2024 the Supervisory Board of the Company held 12 meetings in total. The necessary supporting documentation and the Minutes of all Supervisory Board meetings were duly and properly composed and signed. All documentation regarding the functioning of the Supervisory Board is kept in the Company head office.

The members of the Supervisory Board regularly addressed and discussed all relevant issues related to the business operations of the Company with the members of the Management Board.

During its meetings, the Supervisory Board discussed all legally binding issues, reviewed the quarterly reports of the Company, and any other fundamental issues related to the business activities of the Company as requested by the members of the Supervisory Board or by the Management Board.

The shareholders, through the official website of the Company and the Electronic Reporting System of Listed Companies of the Macedonian Stock Exchange SC Skopje, were provided with all necessary documents and reports that the Company is obliged to prepare following the provisions of the local legislation.

На ден 31.12.2024 година, членови на Надзорниот одбор се:

- **Кристоф Ратх**, Претседател и независен член,
- **Габор Лехел**, Член и Потпретседател;
- **Андреја Јосифовски** ,Член;
- **Филип Бардас**, Член;
- **Рајнхард Гојер** , Член;
- **Зоран Димов,** Независен член.

The Supervisory Board comprises four (4) members as of December 31, 2024. The members of the Supervisory Board are:

- **Mr. Christoph Rath**, President, and Independent member,
- **Mr. Gabor Lehel** – Member and Vice-president;
- **Mr. Andreja Josifovski**, Member;
- **Mr. Philipp Bardas** – Member;
- **Mr. Reinhard Goyer**, Member;
- **Mr. Zoran Dimov**, Independent member.

Надзорниот одбор ги извршува своите овластувања согласно одредбите од Законот за трговските друштва, Законот за супервизија на осигурување и подзаконските акти на Агенцијата за супервизија на осигурување.

According to provisions of the Trade Companies Law, the Law on Insurance Supervision, and subordinate acts enacted by the Insurance Supervision Agency, all members of the Supervisory Board performed their functions meeting the required conditions and regulations.

Согласно одлука донесена на Собранието на акционери на Друштвото, членовите на Надзорниот одбор не добиваат надоместок за вршење на предметната функцијата.

Following a decision issued by the Shareholders Assembly of the Company, the members of the Supervisory Board do not receive compensation for performing their function.

Надзорниот одбор има воспоставено одлична соработка и комуникација со Управниот одбор на Друштвото, како и со следните организациски функции:

- Корпоративен секретар,
- Именуван Актуар,
- Внатрешна ревизија,
- Управување со ризици,
- Усогласување со закони, и
- именуваниот надворешен ревизор.

The Supervisory Board has established excellent cooperation and communication with the Management Board of the Company and with the Company:

- Corporate Secretary,
- Authorized Actuary,
- Internal Audit,
